СЛУЖБЕН ВЕСНИК

на Република Северна Македонија

Број 72 **5 април 2019, петок** **година LXXV**

www.slvesnik.com.mk **contact@slvesnik.com.mk**

С О Д Р Ж И Н А

Стр.

1026. **Правилник** за начинот и постапката за увоз и транзит, листа на трети земји од кои е одобрен увоз и транзит, формата и содржината на ветеринарно-здравствениот сертификат или други документи што ја придружуваат пратката со живи животни, аквакултура и производи од животинско потекло, како и начинот и постапката на вршење на проверка и преглед при увоз и транзит на пратка со живи животни, аквакултура и производи од животинско потекло (*)..... **2**

АГЕНЦИЈА ЗА ХРАНА И ВЕТЕРИНАРСТВО

1026.

Врз основа на 77 став (4), член 81 став (5), член 84 став (3), член 85 став (5), член 86 став (4), член 87 став (3), член 88 став (10), член 91 став (3) и член 93 став (3) од Законот за ветеринарно здравство („Службен весник на Република Македонија“ бр. 113/07, 24/11, 136/11, 123/12, 154/15 и 53/16) директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство донесе

П Р А В И Л Н И К
ЗА НАЧИНОТ И ПОСТАПКАТА ЗА УВОЗ И ТРАНЗИТ, ЛИСТА НА ТРЕТИ ЗЕМЈИ ОД КОИ Е ОДОБРЕН УВОЗ И ТРАНЗИТ, ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ВЕТЕРИНАРНО-ЗДРАВСТВЕНИОТ СЕРТИФИКАТ ИЛИ ДРУГИ ДОКУМЕНТИ ШТО ЈА ПРИДРУЖУВААТ ПРАТКАТА СО ЖИВИ ЖИВОТНИ, АКВАКУЛТУРА И ПРОИЗВОДИ ОД ЖИВОТИНСКО ПОТЕКЛО, КАКО И НАЧИНОТ И ПОСТАПКАТА НА ВРШЕЊЕ НА ПРОВЕРКА И ПРЕГЛЕД ПРИ УВОЗ И ТРАНЗИТ НА ПРАТКА СО ЖИВИ ЖИВОТНИ, АКВАКУЛТУРА И ПРОИЗВОДИ ОД ЖИВОТИНСКО ПОТЕКЛО (*)

[*] Со овој правилник се врши усогласување со Регулативата (ЕЗ) бр. 282/2004 на Комисијата од 18 февруари 2004 година за воведување на документ за декларација и ветеринарни прегледи и на животни кои влегуваат во Заедницата од трети земји (CELEX бр. 32004R0282); Регулативата на Комисијата бр. 2004/136 за процедури при проверка на производи од животинско потекло кои влегуваат во Заедницата од трети земји (CELEX бр. 32004R0136); Одлуката на Комисијата 97/794/ЕС од 12 ноември 1997 година во која се утврдени одредени детални правила за примена на Директивата на Советот 91/496/ЕЕЗ за ветеринарни прегледи на животни кои треба да се увезат од трети земји (CELEX бр. 31997D0794); Регулативата бр. 1/2005 на Советот од 22 декември 2004 година за заштита на животните при транспорт и сродни постапки и за изменување на Директивите 64/432/ЕЕЗ и 93/11/ЕЗ и на Регулативата бр. 1255/97(ЕЗ) (CELEX бр. 32005R0001); Регулативата на Советот бр. 338/97 од 9 декември 1996 година за заштита на загрозени видови флора и фауна преку регулирање на нивната трговија (CELEX бр. 31997R0338); Директивата бр. 91/496/ЕЕЗ на Советот од 15 јули 1991 година за утврдување начела со кои се регулира организацијата на ветеринарните прегледи за животни кои влегуваат во Заедницата од трети земји и дополнение на Директивата 89/662/ЕЕЗ, 90/425/ЕЕЗ и 90/675/ЕЕЗ (CELEX бр. 31991L0496); Директивата на Советот 97/78/ЕС од 18 декември 1997 година со која се утврдуваат принципите за организација на ветеринарните проверки на производите кои влегуваат во Заедницата од трети земји (CELEX бр. 31997L0078); Одлуката на Комисијата 2004/292/ЕЗ од 30 март 2004 година за воведување на системот Traces и изменување на Одлуката 92/486/ЕЕЗ (CELEX бр. 32004D292); Регулативата на Европскиот Парламент и на Советот бр. 2001/999/ЕЗ од 22 мај 2001 година за превенција, контрола и ерадикација на одредени трансмисивни спонгиоформни енцефалопатии во Заедницата (CELEX бр. 32001R0999); Одлуката на Комисијата бр. 2007/240 од 16 април 2007 година за формата на ветеринарно-здравствени сертификати за увоз на живи животни, семе, ембриони, јајце клетки и производи од животинско потекло во Заедницата во согласност со Одлуките 79/542/ЕЕЗ, 92/260/ЕЕЗ, 93/195/ЕЕЗ, 93/196/ЕЕЗ, 93/197/ЕЕЗ, 95/328/ЕЗ, 96/333/ЕЗ, 96/540/ЕЗ, 200/572/ЕЗ, 2000/585/ЕЗ, 2000/666/ЕЗ, 2002/613/ЕЗ, 2003/56/ЕЗ, 2003/779/ЕЗ, 2003/804/ЕЗ, 2003/858/ЕЗ, 2003/863/ЕЗ, 2003/881/ЕЗ, 2004/407/ЕЗ, 2004/438/ЕЗ, 2004/595/ЕЗ, 2004/639/ЕЗ, 2006/168/ЕЗ (CELEX бр. 32007D240); Одлуката на Комисијата 94/360/ЕЗ од 20 мај 1994 година за намалување на интензитетот на физичките проверки на пратките на одредени производи кои се внесуваат од трети земји, според Директивата 90/675/ЕЕЗ на Советот (CELEX бр. 31994D0360); Одлуката на Комисијата бр. 2004/438/ЕЗ од 29 април 2004 со која се утврдуваат барањата за здравјето на животните и за јавното здравство и ветеринарно здравствена сертификација за увоз во Заедницата на термички обработено млеко, производи од млеко и сурово млеко наменето за човечка употреба (CELEX бр. 32004D0438); Регулативата за спроведувањена Комисијата (ЕЗ) бр. 139/2013 од 7 јануари 2013 година со која се утврдуваат барањата за здравствена заштита за увоз на одредени птици во унијата и условите за карантин за истите (CELEX бр. 32013R0139); Регулативата на Комисијата (ЕЗ) бр. 2010/206/ЕЕЗ од 12 март2010 со која се изготвува листа на трети земји или делови од трети земји, и се пропишуваат барања за изготвување на сертификати за здравјето на животните и јавното здрвство и ветеринарно здравствени сертификати, за увоз во Заедницата на одредени живи животни и свежо месо од истите (CELEX бр. 32010R0206); Регулативата за спроведување на Комисијата (ЕУ) 2018/659 од 12 април 2018 година за условите за влез во Унијата на живи еквиди и на семе, јајце клетки и ембриони од копитари (CELEX бр. 32018R0659); Одлуката на Комисијата бр. 92/260/ЕЕЗ од 10 април 1992 година со која се утврдуваат здравствените условите и сертификацијата за привремен увоз на регистрирани коњи (CELEX бр. 31992D0260); Одлуката на Комисијата бр. 93/195/ЕЕЗ од 2 февруари 1993 година со која се утврдуваат здравствените условите и сертификацијата за повторен увоз на регистрирани коњи за трки, натпревари и културни манифестации по извршен привремен извоз (CELEX бр. 31993D0195); Одлуката на Комисијата бр. 93/196/ЕЕЗ од 5 февруари 1993 година со која се утврдуваат здравствените условите и сертификацијата за увоз на коњи за колење (CELEX бр. 31993D0196); Одлуката на Комисијата бр. 93/197/ЕЕЗ од 5 февруари 1993 година со која се утврдуваат здравствените условите и сертификацијата за увоз на регистрирани коњи и коњи за одгледување и производство (CELEX бр. 31993D0197); Директивата на Советот 2009/156/ЕЗ од 30 ноември 2009 година за здравствените барања за животните кои се однесуваат на движење и увоз од трети земји на еквиди; Директивата на Советот 92/65/ЕЕЗ од 13 јули 1992 за пропишување на барања за здравствената состојба на животните кои ја регулираат трговијата и увозот на животни, сперма, јајце клетки и ембриони во Заедницата, кои не се предмет на барањата за здравјето на животните пропишани со посебни правила на Заедницата од Анекс А (I) од Директивата 90/425/ЕЕЗ (CELEX бр. 31992L0065); Регулативата на Комисијата (ЕЗ) бр. 119/2009 од 9 февруари 2009 со која се пропишува листа на трети земји или делови од трети земји, за увоз во или транзит низ Заедницата на месо од диви животни од фамилијата Лепориди, од одредени диви сувоземни цицачи и од фармски одгледани зајаци и барања за ветеринарно здравствена сертификација (CELEX бр. 32009R0119); Одлуката на Комисијата бр. 2007/777/ЕЗ од 29 Ноември 2007 со која се пропишуваат барања за здравјето на животните и за јавното здравство и се пропишуваат барања за изготвување на сертификати за увоз во Заедницата на одредени производи од месо или обработени желудници, мочни меури и црева за човечка употреба од трети земји и укинување на Одлуката 2005/432/ЕЗ (CELEX бр. 32007D0777); Одлуката на Комисијата бр. 2000/572/ЕЗ од 8 септември 2000 година, за утврдување на условите за здравјето на животните јавното здравство и ветеринарна сертификација за увоз на мелено месо и смеси од месо од трети земји и за укинување на Одлуката 97/29/ЕЗ (CELEX бр. 32000D0572); Одлуката на Комисијата бр. 2008/592/ЕЗ од 3 јули 2008 година, дополнување на Одлуката 2000/572/ЕЗ со која се утврдуваат барањата за здравјето на животните и за јавното здравство и ветеринарно здравствена сертификација за увоз на подготовки од месо во Заедницата од трети земји (CELEX бр. 32008D0592); Регулативата на Комисијата (ЕУ) бр. 605/2010 од 2 јули 2010 година со која се утврдуваат условите за здравствена заштита на животните и заштита на јавноста и условите за ветеринарна сертификација за Европската унија за сирово млеко и млечни производи наменети за исхрана на луѓето (CELEX бр. 32010R00605); Директивата на Советот бр. 2004/68/ЕЗ од 26.4.2004 година со која се утврдуваат прописите за увоз и транзит низ Заедницата на одредени живи копитари, измена на Директивите 90/426/ЕЕЗ и 92/65/ЕЕЗ и повлекување на Директивата 72/462/ЕЕЗ (CELEX бр. 32004L0068); Одлуката на Комисијата бр. 2006/766/ЕЗ од 6 ноември 2006 со која се изготвува листа натрети земји и територии од кои се врши увоз на бивалвни мекотели, ехинодерми, туникати, морски гастроподи и производи од риба (CELEX бр. 32006D0766); Регулативата на Комисијата (ЕЗ) бр. 1251/2008 од 12 декември 2008 со која се имплементира Директивата на Советот 2006/88/ЕЗ во врска со условите и барањата за сертификација за ставање во продажба и увоз во Заедницата на аквакултура и производи од аквакултура и пропишување на листа на вектори преносители (CELEX бр. 32008R1251); Одлуката на Комисијата бр. 2003/779/ЕЗ од 31 октомври 2003 со која се пропишуваат барања за здравствената состојба на животните и ветеринарно здравствена сертификација за увоз на црева од животни од трети земји (CELEX бр. 32003D779); Директивата на Советот бр. 1992/118/ЕЕЗ од 17 декември 1992 за утврдување на барањата за здравствената состојба на животните и јавното здрвство кои ја регулираат трговијата и увозот на производи во Заедницата, кои не се предмет на споменатите барања утврдени со посебни правила на Заедницата од Анекс А (I) од Директивата 89/662/ЕЕЗ, и во однос на патогени од Директивата 90/425/ЕЕЗ (CELEX бр. 31992L0118); Регулативата за спроведување на Комисијата (ЕУ) 2016/759 од 28 април 2016 година за изготвување на листи на трети земји, делови од трети земји и територии од кои земјите-членки треба да го одобрат воведувањето во Унијата на одредени производи од животинско потекло наменети за исхрана на луѓето, за утврдување на барањата за сертификација, за дополнување на Регулативата (ЕЗ) бр. 2074/2005 и за укинување на Одлуката 2003/812 / ЕЗ (CELEX бр. 32016R0756); Регулативата на Комисијата (ЕЗ) бр. 798/2008 од 8 август 2008 за утврдување на листа на трети земји, територии, области или комплекси од кои е дозволено увоз или транзит на живината и производи од живина низ Заедницата и барања изготвување на ветеринарно здравствени сертификати (CELEX бр. 32008R0798); Директивата 2009/158 / ЕЗ на Советот од 30 ноември 2009 година за условите за здравствена заштита на животните со кои се регулира трговијата во Заедница-

ДЕЛ I
Општи одредби

Член 1
Предмет на уредување

Со овој правилник се пропишува начинот и постапката за увоз и транзит на пратка со живи животни, аквакултура и производи од животинско потекло; листа на трети земји од кои е одобрен увоз и транзит на пратки на живи животни, аквакултура и производи од животинско потекло, како и формата и содржината на ветеринарно-здравствениот сертификат или други документи што ја придружуваат пратката со живи животни, аквакултура и производи од животинско потекло, формата и содржината на известувањето за пристигнување на пратката со живи животни, аквакултура и производи од животинско потекло на граничен премин; начинот на вршење на проверка и преглед при увоз и транзит на пратка со живи животни, аквакултура и производи од животинско потекло, формата и содржината на решението за резултатот од извршените проверки и прегледи и начинот на постапување со пратки со живи животни, аквакултура и производи од животинско потекло кои се одбиени, наменети за колење, преработка или уништување.

Член 2
Дефиниции

Одделни изрази употребени во овој правилник го имаат следното значење:

1) „Конвенција за меѓународна трговија со загрозени видови на дива флора и фауна (CITES)" е меѓународен договор со кој се уредува меѓународната трговија со загрозени видови на дива флора и фауна и не го загрозува нивниот опстанок;

2) „Лице одговорно за натовар" е лице кое е одговорно за натовар на пратката со живи животни, аквакултура и производи од животинско потекло на местото на натовар;

3) „Трета земја" е секоја земја освен Република Северна Македонија;

4) „Одобрена трета земја" е трета земја или дел од трета земја од која е одобрен увоз на живи животни, аквакултура и производи од животинско потекло во Република Северна Македонија;

5) „Егзотична болест" е болест која се појавува за прв пат или не е предходно регистрирана на територијата на Република Северна Македонија;

6) „Копитари за колење" се копитари кои се транспортираат директно или преку пазар во одобрена клаица за колење;

7) „Копитари за расплод или производство" се копитари кои не се опфатени со дефинициите за регистрирани копитари и копитари за колење;

8) „Трета земја слободна од болеста африканска чума кај коњите" е трета земја во која нема клинички, серолошки (кај невакцинираните копитари) или епидемиолошки докази на присуство на Африканска чума кај коњи на нејзина територија во последните две години и каде во последните 12 месеци не е вршена вакцинација против наведената болест;

9) „Привремено внесување" е статус на регистрирано животно кое потекнува од трета земја кое е внесено во Република Северна Македонија за период помал од 90 дена;

10) „Категории на копитари" се регистрирани копитари, копитари за колење, копитари за расплод и производство или, регистрирани коњи;

11) „Отпад од пандлување" е отпад од коските, "рскавиците, трахеата и главните бронхии, лимфните жлезди и нивното сврзното ткиво, маснотии и слузници кои се комплетно отстранети, а во случај на месо од домашни говеда целиот мускул масетер, кој е расечен во согласно прописите од областа на ветеринарно јавно здравство;

12) „Фарма за аквакултура" е одгледувалиште кое се наоѓа во крајбрежна зона или во внатрешноста, каде дополнување на залихите на вода се врши со вештачки систем за довод на вода со кој се обезбедува потполна инактивација на патогени во согласност со прописите од областа на ветеринарно јавно здравство;

13) „Мекотели" се водени организми кои припаѓаат на коленото Mollusca, класа Bivalvia и Gastropoda; кои потекнуваат од фарма, и секој друг објект, собрани од природна средина или географски определена инсталација во која мекотелите се одгледуваат или се чуваат со цел да се пуштат во слободен промет;

14) „Повторно насадување" е активност со која живите мекотели се пренесени во одобрени морски обла-

---

та и увозот на живина и јајца за ведење од трети земји (CELEX бр. 32009L0158); Директивата на Советот бр. 90/426/ЕЕЗ од 26 Јуни 1990 за барања за здравствена состојба на животните во врска со увоз на копитари од трети земји (CELEX бр. 31990L0426);Одлуката на Комисијата бр. 2008/698/ЕЗ од 8 август 2008 за привремен влез и увоз во Заедницата на регистрирани коњи од Јужна Африка (CELEX бр. 32008D0698); Регулативата на Комисијата бр. 2007/318 за увоз на одредени видови птици и карантински услови за нив во Заедницата (CELEX бр. 32007R0318); Одлуката на Комисијата бр. 96/333/ЕЗ од 3 мај 1996 со која се утврдува ветеринарно здравствена сертификација за живи бивалвни мекотели, ехинодерми, туникати и морски гастроподи од трети земји кои не се опфатени со посебни одлуки (CELEX бр. 31996D0333); Одлуката на Комисијата бр. 1999/120/ЕЗ од 27 јануари 1999 со која се изготвува привремена листа на објекти во трети земји од кои земјите членки одобруваат увоз на црева, желудници и мочни меури наменти за човечка исхрана (CELEX бр. 31999D0120); Директивата на Советот бр. 90/539/ЕЕЗ од 15 октомври 1990 за барања за здравјето на животните со кои се регулира трговијата во Заедницата и увоз од трети земји на живина и јајца за ведење (CELEX бр. 31990L0539); Регулативата на Комисијата (ЕК) бр. 2074/2005 од 5 декември 2005 година со која се пропишуваат мерките за имплементација на одредени производи од Регулативата (ЕК) бр. 853/2004 на Европскиот парламент и на Советот и на организација на службените контроли од Регулативата (ЕК) 854/2004 на Европскиот парламент и на Советот и Регулативата (ЕК) бр. 882/2004 на Европскиот парламент и на Советот, дерогациите од Регулативата (ЕК) бр. 852/2004 на Европскиот парламент и на Советот и за дополнување на Регулативите (ЕК) бр. 853/2004 и бр. 854/2004 (CELEX бр. 32005R2074); Одлуката за спроведување на Комисијата од 21 октомври 2013 година за утврдување на листата на територии и трети земји овластени за увоз на кучиња, мачки и ласици и моделот на здравствен сертификат за таков увоз (CELEX бр. 32013D0519); Одлуката на Комисијата од 11 јули 2001 година за изготвување на привремени листи на објекти од трети земји од кои земјите-членки одобруваат увоз на желатин наменет за исхрана на луѓето (CELEX бр. 32001D0556); Одлуката на Комисијата од 16 март 2011 година за одобрување на планови поднесени од трети земји во согласност со член 29 од Директивата 96/23 / ЕЗ на Советот (CELEX бр. 32011D0163); Директивата 2006/88 / ЕЗ на Советот од 24 октомври 2006 година за барањата за здравствена заштитана на аквакултура и нивните производи и за спречување и контрола на одредени болести кај водните животни (CELEX бр. 32006L0088); Одлуката за спроведување на Комисијата од 20 март 2014 година за укинување на листите на претпријатија од трети земји од кои земјите-членки дозволуваат увоз на одредени производи од животинско потекло, донесени врз основа на Одлуката 95/408 / ЕЗ на Советот (CELEX бр. 32014D0160); Одлуката на Комисијата од 3 ноември 2008 година за утврдување на здравствени гаранции за превоз на еднокопитни животни од една трета земја до друга во согласност со член 9 (1) (в) од Директивата 91/496 / ЕЕЗ на Советот (CELEX бр. 32008D0907); Одлуката на Комисијата од 26 август 2010 година за увоз на семе, јајце клетки и ембриони од животни од еквиди во Унијата во врска со списоци на центри за собирање и чување на сперма и тимови за собирање и производство на ембриони и барања за сертификација (CELEX бр. 32010D0471); Одлуката на Комисијата од 2 јуни 1992 година за тестирање на живина за болеста Њукастел пред движењето, со примена на член 12 од Директивата 90/539 / ЕЕЗ на Советот (CELEX бр. 31992D0340) и Регулативата за спроведување на Комисијата (ЕУ) бр. 577/2013 од 28 јуни 2013 година за типографските документи за некомерцијално движење на кучиња, мачки и порозници, воспоставувањето на списоци на територии и трети земји и формата, распоредот и јазичните барања на декларациите со кои се потврдува усогласеноста со одредени услови предвидени во Регулативата (ЕУ) бр. 576/2013 на Европскиот парламент и на Советот (CELEX бр. 32013R0577).

ти или лагуни или одобрени области во естуари под надзор на надлежен орган за период кој е потребен да се отстрани нивната контаминација, со исклучок на транспортирање на мекотели во области погодни за понатамошно одгледување или товење односно одгледување на фарма за аквакултура;

15) „Комерцијални примероци" е примерок кој нема економска вредност, земен во име на сопственикот или лице одговорно за објектот, кој е претставник за тој производ од животинско потекло произведен од тој објект, или претставува примерок на производ од животинско потекло за чие производство е наменето и кое заради последователно испитување, треба да има ознаки за вид на производ, негов состав и вид на живи животни од кои е добиен;

16) „Затворен објект за живи украсни водни животни" е продавница за домашни миленици, градини, езерца, комерцијални аквариуми и големопродажни објекти кои чуваат живи украсни водни животни: без директен контакт со природни води, или, кои се опремени со проточен систем кој го намалува ризикот за пренос на болести во природните води на прифатливо ниво;

17) „Отворен објект за живи украсни водни животни" се сите објекти кои не се опфатени со дефиницијата за затворен објект за живи украсни животни;

18) „Обновување на залихи" е пуштање на аквакултура во диви води;

19) „Живина за расплод" е живина стара 72 часа и повеќе, наменета за несење на јајца за ведење;

20) „Живина за производство" е живина стара 72 часа и повеќе, која се одгледува за производство на месо и/или јајца за исхрана на луѓе или обновување на популација на дивеч;

21) „Јајца слободни од одредени патогени" се јајца за ведење кои потекнуваат од "јата живина кои се слободни од одредени патогени", како што е наведено во Европската Фармакопеа, и кои се наменети единствено за дијагностички, истражувачки или фармацевтски потреби;

22) „Месо" за потребите за увоз на живина и производи од живина, се делови кои се употребливи за исхрана на луѓето од следните животни: живина, која вклучува фармски одгледани птици, птици кои се фармски одгледани како домашни животни, без да се сметаат за такви, со исклучок на ноеви, диви птици кои се ловат за исхрана на луѓе и ноеви;

23) „Зона" е јасно одреден дел од трета земја која содржи субпопулација со одреден здравствен статус во однос на одредени болести за кои се бара спроведување на надзор, контрола и мерки за биосигурност заради увоз според овој правилник;

24) „Комплекс" е еден или повеќе објекти за живина во трета земја кои се под заеднички систем за управување со биосигурност, кои содржат субпопулација со одреден здравствен статус во однос на одредена болест или болести за кои се бара спроведување на надзор, контрола и мерки за биосигурност заради увоз според овој правилник;

25) „Објект" за потребите на Дел VIII од овој правилник, е зграда или дел од зграда кој се наоѓа на исто место и е наменет за една или повеќе од следните дејности: објект за родителски јата: објект во кој се произведуваат јајца за ведење за добивање на живина за расплод; објект за расплод: објект во кој се произведуваат јајца за ведење за добивање на живина за производство, објект за одгледување кој е или објект за одгледување на живина за расплод во кој се одгледува живина за расплод пред достигнување на полова зрелост или објект за одгледување на живина за производство во кој се одгледува живина за несење јајца пред пронесување, чување на друга живина за производство;

26) „Инкубатор" е објект во кој се врши инкубација и ведење на пилиња и врши испорака на еднодневни пилиња;

27) „Јато" е живина која е со ист здравствен статус и е чувана во ист објект или опкружување и сочинува единствена епидемиолошка целина во случај на живина која се чува во домаќинствата и ги вклучува сите птици кои го делат истиот воздушен простор;

28) „Авијарна инфлуенца" е инфекција кај живината која е предизвикана од било кој инфлуенца А вирус: од подтиповите H5 или H7, со интравенозен индекс на патогеност (IVPI) кај шест недели старите пилиња поголем од 1,2 или кој предизвикува најмалку 75% смртност кај четири до осум недели старите пилиња кои се инфицирани интравенозно;

29) „Високо патогена авијарна инлуенца" (HPAI) е инфекција кај живината предизвикана од: вируси на авијарна инфлуенца од подтиповите H5 или H7 со геномски низи шифрирани за повеќе основни амино киселини на местото на делба на молекулата на хемаглутининот, слични на оние кои се забележани кај другите HPAI вируси, што укажува дека молекулата на хемаглутининот може да се подели од постоечките протеази на домаќинот;

30) „Ниско патогена авијарна инфлуенца" (LPAI) е инфекција кај живината предизвикана од вируси на авијарна инфлуенца од подтиповите H5 или H7 со исклучок на оние кои предизвикуваат HPAI;

31) „Њукастелска болест" е инфекција кај живината предизвикана од било кој сој на Paramyxovirus 1 со интрацеребрален индекс на патогеност (ICPI) кај еднодневни пилиња поголем од 0,7, или, повеќе основни амино киселини се докажани во вирусот (или директно или со дедукција) на C-завршетокот на F2 протеинот и фенилаланинот на резидуата 117, кој е N-завршеток на F1 протеинот; терминот „повеќе основни амино киселини" се однесува на најмалку три аргинински или лизински резидуи помеѓу резидуите 113 и 116; неможноста да се докаже карактеристичниот редослед на резидуи на амино киселини како што е наведено во оваа точка изискува карактеризирање на изолираниот вирус со ICPI тест, резидуите на амино киселини се нумерирани од N-завршетокот на секвенцата на амино киселината одземена од нуклеотидната секвенца од F0 генот, 113-116 одговара со резидуите -4 и -1 од местото на раздвојување;

32) „Стратегија на диференцирање на заразени од вакцинирани живи животни (DIVA)" е стратегија на вакцинирање која овозможува да се направи разлика помеѓу вакцинирани/заразени и вакцинирани/незаразени живи животни со примена на дијгностички тест за откривање на антитела против теренски вирус и со употребата на невакцинирани контролни птици;

33) „Одобрено тело, одобрен институт или одобрен центар" се трајни, географски ограничени објекти, одобрени во согласност со прописите од областа на ветеринарното здравство, каде еден или повеќе видови на живи животни се одледуваат или чуваат во природни услови од комерцијални или некомерцијани причини екскулузивно за една или повеќе од следните намени: покажување на живите животни и едукација, зачувување на видовите, основни или применети научни истражувања или одгледување на живи животни за такви истражувања.

34) „Копитари и чапункари" се животни од редовите Artiodactyla, Perissodactyla и Proboscidae дадени во Прилог 8 кој е составен дел на овој правилник;

35) „Птици" се животни од класата Aves, освен:

а) живина, мисирки, бисерка, патки, гуски, препелици, гулаби, фазани, еребици и ноеви (Ratitae) одгледувани или чувани во заробеништво за размножување, за производство на месо или јајца за исхрана на луѓе или за обновување на популацијата на дивеч (живина);

б) птици кои се увезуваат за потребите на одобрените програми од надлежниот орган за зачувување на одредени видови на птици;

в) домашни миленици наведени во придружба на сопственикот,

г) птици наменети за зоолошки градини, циркуси, забавни паркови или експерименти;

д) птици наменети за тела, институти или центри одобрени од страна на Надлежниот орган;

ѓ) гулаби-писмоносци внесени на територијата на Република Северна Македонија од соседни трети земји, каде што живеат вообичаено, и веднаш пуштени со очекување дека ќе се вратат во трета земја од каде се внесени;

е) птици увезени од Андора, Лихтенштајн, Монако, Норвешка, Сан Марино, Швајцарија и од Ватикан.

36) „Птици одгледувани во заробеништво" се птици кои не биле фатени во дивина, туку се родени и одгледувани во заробеништво од родители што се пареле или чиишто гамети се на поинаков начин пренесени во заробеништво;

37) „Целосно затворен ножен прстен" е прстен или алка во непрекинат круг, без прекин или спојка, врз кој не е вршено манипулирање, со големина што не може да се отстрани од птицата дури и кога ногата е целосно порасната а се поставува во првите денови по раѓањето на птицата и е комерцијално произведена за таа намена;

38) „Одобрен објект за одгледување" е:

а) објект кој се користи исклучително за одгледување птици на третата земја извозничка; и

б) објект во кој е извршена инспекција и е одобрен од надлежниот орган на третата земја извозничка и кој е во согласност со условите дедени во член 174 на овој правилник и со содржината на Записникот за проверки за благосостојба на животните и средствата за превоз на животните даден во Прилогот 2 кој е составен дел на овој правилник;

39) „Аквакултура" е одгледување или култивација на водни организми со примена на техники за зголемување на производството на овие организми надвор од природниот капацитет на животната средина и кога организмите остануваат сопственост на едно или повеќе физички или правни лица преку фазите на одгледување или култивација, до фазата на собирање или вклучувајќи ја и таа фаза;

40) „Животни од аквакултура" се сите водни животни во сите животни фази, вклучувајќи јајца и семе/гамети, одгледувани на фарма или регион за одгледување мекотели, вклучувајќи ги и сите водни животни од дивината наменети за фарма или за регион за одгледување мекотели;

41) „Мешовит производ" е храна за исхрана на луѓе, која содржи преработени производи од животинско потекло и производи од растително потекло, а ги вклучува преработувањето на примарните производи кои се интегрален дел од производството на крајниот производ;

42) „Водни животни" се риби кои припаѓаат на супер-класата Agnatha и на класите Chondrichthyes и Osteichthyes, мекотели кои припаѓаат на Phylum Mollusca, черупкари кои припаѓаат на Subphylum Crustacea;

43) „Производи од риба" се сите животни од морски или слатки води (со исклучок на живи бивалвни мекотели, живи иглокожи, живи туникати и живи морски гастроподи, како и сите цицачи, рептили и жаби) без оглед дали се диви или фармски одгледани и вклучително сите форми, делови и производи од такви животни кои се користат за исхрана на луѓето и

44) „Голема група на живи животни" се животни од сите видови, од кои официјалниот ветеринар при проверка и преглед на идентитетот или при клинички преглед на ветеринарно инспекциско место на граничен премин може да издвои најмалку по десет живи животни, односно најмалку по пет живи животни од сите живи животни во пратката, во зависност од нивната намена (одгледување, репродукција или колење).

ДЕЛ II

Начин и постапка за увоз и транзит на живи животни и начин и постапка на вршење на проверка и преглед при увоз и транзит на живи животни

Член 3

Превоз на живи животни наменети за увоз

Во периодот по утовар во третата земја на потекло и пред пристигнување на граничен премин на увоз во Република Северна Македонија, пратките на живи животни не треба да бидат:

1) транспортирани заедно со живи животни кои:

а) не се наменети за увоз во Република Северна Македонија или

б) се со понизок здравствен статус;

2) истоварени или пренесени по воздух, преместени во друг авион, или транспортирани по пат, по железница или се движени пеш преку трета земја, територијата или дел од неа што не е дозволена за увоз на засегнатите животни во Република Северна Македонија.

Член 4

Временски рок за периодот на транспорт на живи животни наменети за увоз

(1) Пратките од живи животни ќе се увезат во Република Северна Македонија само доколку пратката пристигне на граничнен премин во рок од десет дена од денот на издавањето на соодветниот ветеринарно здравствен сертификат.

(2) Во случај на транспорт по море, периодот од став (1) на овој член се продолжува со дополнителен период кој одговара на времетраењето на патувањето по море, што треба да биде наведено во изјавата потпишана од капетанот на бродот во согласност со Прилог 23 дел 1 кој е составен дел на овој правилник, приложен во оригинална форма со ветеринарно здравствениот сертификат.

Член 5

Третирање со аеросол на пратки живи животни транспортирани по воздух

(1) Кога пратките на живи животни, со исклучок на пратки на пчели,

се транспортираат по воздух, сандукот или контејнерот во кој тие се транспортираат и околината треба да се третираат со аеросол со соодветен инсектицид.

(2) Третирањето со аеросол од став (1) на овој член треба да се изврши непосредно пред да се затворат вратите на авионите по натоварот и по секое последователно отворање на врати во трета земја, додека авионот не стигне до крајната дестинација.

(3) Капетанот на авионот потврдува дека е спроведено третирање со аеросол со потпишување на изјавата пополнета во согласност Прилог 23 дел 2 на овој правилник приложена во оригинална форма со ветеринарно здравствениот сертификат.

Член 6

Проверка и преглед при увоз и транзит

(1) При увоз и транзит на пратки со живи животни се врши проверка и преглед на:

1) документи,

2) идентитет и
3) физички преглед кој вклучува:
а) клинички испитувања;
б) лабораториски тестирања;
в) евентуално испитување на официјални мостри за присуство на резидуи и
г) преглед на благосостојба на живите животни.

(2) Без оглед на царинската дестинација на животните, секоја пратка на животни е предмет на проверка на документи и проверка на идентитет од страна на официјален ветеринар на една од граничните инспекциски места кои се одобрени за тоа со цел да се верификува:
1) нивното потекло;
2) нивната последователна дестинација, особено во случај на транзит или во
случајот на животни чија трговија не е усогласена со националното законодавство или кои се предмет на специфични барања од националното законодавство;
3) дека деталите што се појавуваат на сертификатите или документите ги обезбедуваат потребните гаранции или, во случај на животни чија трговијата не е усогласена во националното законодавство, гаранциите што се бараат според важечките национални правила во различни случаи опфатени со овој правилник и
4) дека не е дадена индикација за отфрлање на пратката преку постапката за пренесување на релевантни информации кога официјалниот ветеринар на гранично инспекциско место дозволува увоз или транзит на пратката.

Глава I
Начин и постапки на вршење на проверка и преглед на документи

Член 7
Фреквенција на проверка и преглед на документи

Сите пратки со живи животни подлежат на проверка и преглед на документите од член 10 на овој правилник без оглед на нивната крајна дестинација.

Член 8
Место и време на вршење на проверка и преглед на документи

(1) Проверка и преглед на документите се врши кога официјалниот ветеринар на граничен премин ќе ги има сите оригинални документи од член 10 на овој правилник.

(2) Прелиминарна и информативна проверка и преглед на документите може да се врши за време на доставувањето на известувањето за пристигнување на пратката од член 9 на овој правилник, особено ако се има за цел да се потврди подобноста на третата земја или нејзин дел од каде се врши увозот или транзитот на живите животни и валидноста на трговскиот оператор.

(3) Проверката од ставот (2) на овој член не ја исклучува целосната проверка и преглед на документите од ставот (1) на овој член.

Член 9
Известување за пристигнување на пратката

(1) Известување за пристигнување на пратката со живи животни до официјалниот ветеринар на граничен премин се доставува 24 часа пред очекуваното време за пристигнување на пратката на граничен премин.

(2) Официјалниот ветеринар на граничен премин, може да одобри пократок рок за доставување на известувањето за пристигнување на пратката од утврдениот во став (1) на овој правилник.

(3) За пратките со живи животни кои пристигнуваат на граничен премин на меѓународен аеродром, известувањето за пристигнување на пратката може да биде доставено најмалку два часа пред очекуваното време за пристигнување на пратката на граничен премин.

(4) Известувањето за пристигнување на пратката со живи животни ги содржи следните податоци:
- испраќач/ извозник;
- референтен број на известувањето;
- примач;
- лице одговорно за пратката;
- трета земја на потекло;
- регион на потекло;
- увозник;
- место на дестинација;
- пристигнување на граничен премин (предвиден датум);
- ветеринарни документи;
- вид на транспорт;
- вид на живо животно (раса);
- тарифна ознака;
- број на живи животни;
- број на пакети;
- живи животни наменети за;
- број на пломба и број на контејнер;
- за транспорт до;
- за транзит до трета земја;
- за увоз или влез;
- транзит низ земјите;
- средства за транспорт;
- превозник;
- план за движење;
- декларација и
- место и датум на декларирање.

(5) Пополнување и доставување на известувањето за пристигнување на пратката со живи животни го врши лицето одговорно за пратката.

(6) Известувањето за пристигнување на пратката со живи животни од став (4) на овој член треба:
1) да биде целосно и правилно пополнето;
2) во целост да се совпаѓа со информациите наведени во пропратната документација;
3) да биде доставено во три или четири копии, во зависност од тоа дали пратката ќе биде прегледана од страна на царинската служба на самиот граничен премин или од страна на царинска служба на друга царинска испостава и
4) да има оригинален печат и потпис од лицето одговорно за пратката на сите три или четири копии.

(7) До целосна имплементација на информациониот систем за гранична ветеринарна инспекција, известувањето за пристигнување на пратката може да биде доставено со друг начин на комуникација (телефон, факс, писмо или e-mail и др.).

(8) Врз основа на пропратните документи за пратката живи животни, сите податоци од известувањето за пристигнување на пратката живи животни треба да бидат потврдени од страна на официјалниот ветеринар на граничен премин.

(9) Пополнувањето на празните полиња или исправката на неточните податоци од доставеното известување за пристигнување на пратката живи животни го врши лицето одговорно за пратката со своерачен потпис или пополнува и поднесува ново известување за пристигнување на пратката со живи животни.

Член 10
Документи кои ја придружуваат пратката

Сите пратки со живи животни треба да бидат придружени со следните документи:
- ветеринарно-здравствен сертификат;

- дозвола за увоз/решение со кое се потврдува дека не постојат ветеринарно-санитарни пречки за увоз/транзит издадено до официјален ветеринар на граничен премин на влез во Република Северна Македонија;
- план за движење;
- одобрение за превозните средства – изјава од превозникот;
- извозни царински документи – карго сметки и
- при увоз на загрозени видови живи животни, дозвола во согласност со CITES Конвенцијата и CITES сертификат.

Член 11
Ветеринарно-здравствен сертификат

(1) Сите пратки живи животни треба да бидат придружени со оригинален ветеринарно-здравствен сертификат издаден од страна на надлежниот орган од третата земја на потекло.

(2) Ветеринарно-здравствениот сертификат треба да:

1) се состои од еден лист или од неколку поврзани листови, во А4 формат;

2) има единствен референтен број;

3) има оригинален потпис од овластеното лице за издавање на ветеринарно-здравствениот сертификат, читливо наведено име и позиција напишано со големи букви и оригинален печат на надлежниот орган кој го издал во различна боја од отпечатениот текст на ветеринарно-здравствениот сертификат;

4) има датум на издавање кој треба да се совпаѓа со датумот на натоварот на живите животни;

5) е адресиран до еден примач;

6) е целосно и коректно пополнет;

7) нема понатамошни исправки, а доколку има истите да бидат заверени со потпис од овластеното лице кое го издало ветеринарно-здравствениот сертификат;

8) непотполнетите делови или алтернативи кои не се применливи, правилно се прецртани и заверени со потпис од овластеното лице кое го издало ветеринарно-здравствениот сертификат и

9) се однесува на една пратка живи животни.

(3) Ветеринарно-здравствениот сертификат треба да биде напишан на официјалниот јазик на третата земја на потекло на пратката со живи животни и на македонски јазик или превод на македонски јазик заверен од нотар, а во случај на транзит низ друга трета земја и на англиски јазик.

(4) Доколку ветеринарно-здравствениот сертификат е превод на македонски јазик заверен од нотар или одвоена копија од сертификатот напишана на македонски јазик, официјалниот ветеринар на граничен премин треба да изврши вкрстена проверка за да потврди дека дадените податоци се совпаѓаат со податоците дадени во ветеринарно-здравствениот сертификат напишан на официјалниот јазик на третата земја на потекло на пратката со живи животни.

(5) Формата и содржината на образците на ветеринарно-здравствените сертификати за увоз на одделни видови на живи животни се дадени во Прилог 7 кој е составен дел на овој правилник.

Член 12
Дозвола за увоз/транзит

(1) При увоз, секоја пратка со живи животни треба да биде придружена со дозвола за увоз издадена од надлежниот орган.

(2) Дозволата за увоз од став (1) на овој член ги содржи следниве податоци:

1) трета земја од каде потекнува пратката со живи животни;

2) испраќач на пратката со живи животни;

3) примач на пратката со живи животни и ако е различно, местото на крајната дестинација;

4) број и видови на увезените живи животни;

5) граничен премин на влез и

6) објект каде ќе се изврши карантинот.

(3) При транзит, секоја пратка со живи животни треба да биде придружена со соодветен документ издаден од надлежниот орган од третата земја на крајна дестинација на пратката со живи животни со кој се дозволува увозот и/или со документ со кој се потврдува дека пратката со живи животни ќе биде увезена и нема да биде вратена во Република Северна Македонија.

Член 13
План за движење

(1) Сите пратки со живи животни треба да бидат придружени со план за движење издаден од превозникот и истиот треба да е составен дел на ветеринарно-здравствениот сертификат.

(2) Планот за движење го носи референтниот број од ветеринарно-здравствениот сертификат и истиот треба да биде заверен со потпис и печат од официјалниот ветеринар од местото на потекло на пратката.

(3) Во зависност од крајната дестинација на превозот, планот за движење треба да содржи точно определени места за одмор или трансфер на живите животни кои ќе бидат потврдени од лицето одговорно за превозот.

(4) Податоците за времето и местото на хранење и напојување на живите животни, треба да ги внесува лицето одговорно за превозот.

(5) Планот за движење се доставува во два примерока кои по заверувањето од страна на официјалниот ветеринар на граничен премин се делат така што едниот примерок треба да ја придружува пратката со живи животни до крајната дестинација, а другиот примерок треба да остане на граничниот премин заедно со другите документи кои ја придружуваат пратката со живи животни.

(6) При проверката на планот за движење официјалниот ветеринар на граничен премин, меѓу останатото треба да потврди:

1) дека определените места за запирање и одмарање на живите животни се одобрени од Агенцијата за храна и ветеринарство (во понатамошниот текст: Агенцијата) и

2) дека податоците за местата предвидени за запирање и одмарање опишани во планот за движење се целосно и точно пополнети во соодветните места.

Член 14
Одобрение за превозните средства – изјава од превозникот

(1) Превозникот треба да биде регистриран и да има одобрение за превозните средства издадено од надлежниот орган на третата земја каде е седиштето на превозникот или да е одобрен во согласност со Правилникот за заштита и благосостојба на животните за време на превоз (*1).

(2) На граничниот премин, превозникот или одговорното лице за превоз на живите животни треба да поднесе изјава со која се обврзува дека ќе ги почитува пропишаните услови за превоз на живи животни при превозот на истите низ територијата на Република Северна Македонија.

(3) Формата и содржината на изјавата од ставот (3) од овој член се дадени во Прилог 1 кој е составен дел на овој правилник.

Член 15
Извозни царински документи – Карго сметки

(1) На барање на официјалниот ветеринар на граничен премин, лицето одговорно за пратката со живи животни доставува извозни царински документи и карго сметки.
(2) На барање на официјалниот ветеринар на граничен премин, извозните царински документи и карго сметките може да бидат доставени и од царинските служби, како и од аеродромските или железничките служби.
(3) Извозните царински документи и карго сметките се приложуваат со цел истовремено да се прегледаат и да се потврди пристигнувањето на пратките со живи животни на граничниот премин како и веродостојноста на податоците дадени во другите пропратни документи, особено за времето на натовар.

Член 16
CITES дозвола и CITES сертификат

(1) При увоз на загрозените видови на живи животни опфатени со CITES Конвенцијата, пратката со живи животни треба да биде придружена со дозвола за увоз издадена од надлежниот орган на третата земја на крајна дестинација.
(2) При увоз на загрозените видови на живи животни опфатени со CITES Конвенцијата пратката со живи животни треба да биде придружена со CITES сертификат издаден од надлежниот орган на третата земја на потекло.
(3) Проверката на CITES сертификатот се врши истовремено со проверката на ветеринарно-здравствениот сретификат.
(4) CITES сертификатот се издава во еден оригинал и три заверени копии, од кои:
1) оригиналот го задржува официјалниот ветеринар на граничен премин и го доставува на надлежниот орган кој ја издал дозволата за увоз;
2) една заверена копија се доставува до царинските служби;
3) една заверена копија останува на официјалниот ветеринар на граничен премин и
4) една заверена копија ја придружува пратката до крајната дестинација.

Глава II
Начин и постапки на вршење на проверка и преглед на идентитет на живи животни

Член 17
Фреквенција на проверка и преглед на идентитет
(1) Сите живи животни од пратката подлежат на проверка и преглед на идентитетот без оглед на нивната крајна дестинација.
(2) Во случај кога пратката се состои од голема група на живи животни, проверката и прегледот на идентитетот се изведува на 10% од живите животни со вклучени најмалку десет живи животни репрезенти од сите живи животни во пратката.
(3) Процентот од ставот (2) на овој член може да се зголеми доколку почетните прегледи даваат незадоволителни резултати или доколку постои сомнеж за неправилности.
(4) Проверка и преглед на идентитет не се врши во случај на транзит на пратка со живи животни преку одобрен граничен премин на меѓународен аеродром, која не престојува подолго од 12 часа на истиот, доколку живите животни го продолжат патот со исто превозно средство и ако на местото на пристигнување има одобрен граничен премин.

Член 18
Место и време на вршење на проверка и преглед на идентитет

(1) Проверка и преглед на идентитет на живи животни се врши кога живите животни се физички присутни на граничен премин, заедно со соодветните оригинални документи.
(2) Проверка и преглед на идентитет на живи животни се врши по завршувањето на проверката на документите со задоволителни резултати.

Член 19
Начин на вршење на проверка и преглед на идентитет

(1) Проверката и прегледот на идентитетот на живите животни може да биде:
1) индивидуална, за видовите живи животни за кои е предвидено индивидуално обележување со цел да се потврди бројот, видот и индивидуалните ознаки на живите животни;
2) групна, на репрезентативен број на пакети или контејнери - за видовите живи животни за кои не е предвидено индивидуално обележување и
3) визуелна инспекција, на репрезентативен број на пакети - во случај кога е извршена проценка за бројот и видот на живите животни.
(2) Проверка и преглед на превозното средство се врши со цел да се потврди регистерскиот број на превозното средство како и пломбата на него.

Глава III
Начин и постапки на вршење на физички преглед на живите животни

Член 20
Општи принципи

(1) Физичкиот преглед на живите животните се состои од:
1) индивидуално клиничко испитување на живите животни со цел да се потврдат информациите добиени од ветеринарно-здравствениот сертификат или од останатите документи како и дали живите животни се клинички здрави;
2) во случаите од член 21 ставови (2) и (3) и член 23 став (2) на овој правилник и во согласност со правилата од истата процедура за одредени категории и видови на живи животни може да се направат отстапувања од принципот на индивидуалното клиничко испитување од точка 1) на овој став;
3) лабораториски анализи предвидени со прописите од областа на ветеринарното здравство како и лабораториски анализи кои се сметаат за неопходни;
4) евентуално испитување на официјални мостри за присуство на резидуи од ветеринарно-медицински препарати и контаминенти и
5) преглед за благосостојба на живите животни со цел да се потврди усогласеноста со минималните барања за заштита на живите животни за време на превозот.
(2) Лабораториските анализи од точките 3) и 4) од став (1) на овој член треба да бидат извршени во најкраток можен рок.

Член 21
Фреквенција на клинички преглед

(1) Сите пратки со живи животни подлежат на клинички преглед без оглед на нивната крајна дестинација.
(2) Во случај кога пратката се состои од голема група на живи животни и во зависност од категоријата на живите животни, клиничките прегледи може да се изведуваат на примероци според следнава поделба:

1) 10% од живите животни со вклучени најмалку десет живи животни репрезенти од сите живи животни наменети за одгледување и репродукција и

2) 5% од живите животни со вклучени најмалку пет живи животни репрезенти од сите живи животни наменети за колење и истото треба да се изврши веднаш.

(3) Процентите наведени во став (2) точките 1) и 2) на овој член може да се зголемат до 100%, ако почетните прегледи даваат незадоволителни резултати или ако постои сомнеж за неправилности.

(4) Клиничкиот преглед на живите животни не се врши:

1) при увоз, кога за тоа постои билатерален договор со соседните трети земји и

2) при транзит, кога не постои сомневање за здравствената состојба и благосостојбата на живите животни или други неправилности.

Член 22

Место и време на вршење на клинички преглед

(1) Клинички преглед на живите животни се врши кога живите животни се физички присутни на граничен премин, заедно со соодветните оригинални документи.

(2) Клинички преглед на живите животни се врши по завршувањето на проверката и прегледот на документите и идентитетот со задоволителни резултати.

Член 23

Начин на вршење на клинички преглед

(1) Клинички преглед на живите животни може да биде:

1) групен, со визуелен преглед на сите живи животни во пратката вклучувајќи ја проценката на општиот здравствен статус и

2) индивидуален, по случаен избор на живите животни при што се прегледува:

а) можноста за слободно движење;

б) состојба на кожата, слузокожите, неправилности и др.;

в) преглед на респираторниот и дигестивниот систем, доколку прегледот од подточките а) и б) од точката 2) од овој став е незадоволителен и

г) палпација, доколку прегледот од подточките а), б) и в) од точката 2) од овој став е незадоволителен.

(2) Индивидуален клинички преглед на живите животни не е потребен кај живите животни од видовите живина, птици, водни животни, сите живи риби, глодари, зајаци, пчели, инсекти, рептили, амфибии, други без'рбетници, крзнени животни, одредени животни за зоолошки градини и циркуси вклучително чапункари и копитари кои се сметаат за опасни.

(3) Клиничкиот преглед на живи животни од ставот (2) на овој член се состои од инспекција на состојбата, однесувањето и здравствениот статус на групата живи животни.

(4) Во случај кога постои сомнеж на специфичен ризик или ако има неправилности клиничкиот преглед на живите животни од ставот (2) на овој член се врши кај следниве видови/категории живи животни:

1) живи риби, живи животни со оклоп, мекотели и живи животни наменети за научни и истражувачки центри;

2) живи животни кои имаат потврден статус на слободни од специфично патогени микроорганизми;

3) живи животни кои се превезувани во пломбирани контејнери под контролирани услови на средината и

4) домашни миленици, освен копитари, кои се придружувани од нивните сопственици или лица одговорни за нив за време на нивниот превоз и не се наменети за продажба или трансфер на друго лице или ги придружуваат патниците за некомерцијални цели.

Член 24

Начин на вршење на преглед за благосостојба на живи животни

(1) Прегледот за благосостојба на живите животни се врши со проверка на планот за движење на живите животни.

(2) При прегледот од ставот (1) на овој член се проверува:

1) должината и времетраењето на веќе поминатиот пат;

2) потребите за хранење, напојување и одмарање на живите животни;

3) должината и времетраењето на преостанатиот пат и

4) предложените одмарања наведени во планот за движење.

(3) Резултатите од прегледот за благосостојба на живите животни се запишуваат во записникот на проверки за благосостојба на живите животни и средствата за превоз на живите животни.

(4) Содржината на записникот на проверките за благосостојбата на живите животни и средствата за превоз на живите животни е дадена во Прилог 2 на овој правилник.

Член 25

Начин на вршење на проверка на превозното средство за живи животни

(1) Проверката на превозното средство за живи животни се состои од:

1) проверка на превозното средство (камиони или вагони) и

2) проверка на документите.

(2) Резултатите од проверката на превозното средство за живите животни се запишуваат во записникот на проверки за благосостојба на живите животните и средствата за превоз на живите животни од членот 24 став (3) на овој правилник.

Член 26

Процедури и начини на земање примероци за лабораториски испитувања од живи животни

(1) Примероци за изведување на соодветни лабораториски испитувања од живите животни се земаат по случаен избор, со цел да се потврдат здравствените гаранции дадени во ветеринарно-здравствениот сертификат.

(2) Примероци за изведување на соодветни лабораториски испитувања со цел за откривање и следење на резидуи од ветеринарно-медицински препарати и контаминенти, се врши во согласност со прописите од областа на ветеринарното здравство и безбедност на храната.

(3) Примероци за изведување на соодветни лабораториски испитувања на заразни болести во случаи кога не постои сомнеж, се земаат од:

1) најмалку 3% од пратките увезени во текот на еден месец, со исклучок на регистрирани коњи кои се пропратени со индивидуален ветеринарно здравствен сертификат со кој се потврдува усогласеноста со здравствените барања и

2) секоја пратка согласно точка 1) од овој став, најмалку 10% од живите животни кои се селектирани за земање на примероци, со вклучени минумум четири живи животни репрезенти од сите живи животни.

(4) Случајниот избор на пратки од кои се земаат примероци за изведување на соодветни лабораториски испитувања се прави така што се зема во предвид граничниот премин, видовите на живи животни и земјите на потекло на живите животни.

(5) Листата на болести на кои се испитуваат земените примероци за изведување на соодветни лабораториски испитувања се врши во согласност со Годишната наредба за здравствена заштита на живите животни во Република Северна Македонија, земајќи ги посебно во предвид:

1) повеќегодишните програми за сузбивање и искоренување на одредени болести;

2) проценката на ризикот во однос на третата земја на потекло на живите животни;

3) видовите на живи животни кои се увезуваат и

4) епизоотиолошката состојба на третите земји низ кои транзитирала пратката.

(6) Пратките со живите животни кои се предмет на лабораториски испитувања од ставот (1) на овој член и за кои не постои сомнеже дека претставуваат опасност по јавното здравје и здравјето на животните можат да се ослободат за слободно движење пред добивање на резултатите од извршените лабораториски испитувања. При тоа се зема во предвид дека проверките и прегледите на идентитетот, документите и физичкиот преглед дале задоволителни резултати.

(7) Пратките со живи животни од кои се земаат примероци за изведување на соодветни целни лабораториски испитувања на одредени болести поради сомнеж или неправилности, се сместуваат во карантин согласно член 32 став (2) на овој правилник под официјален надзор до добивањето на негативни резултати од лабораториските испитувања.

Член 27

Известување за резултатите од лабораториските анализи

(1) Официјалниот ветеринар на граничен премин при земање на примероци во согласност со одредбите утврдени со член 26 на овој правилник преку информациониот систем за гранична ветеринарна инспекција или до негова целосна имплементација, во пишана форма го известува официјалниот ветеринар од местото на крајната дестинација на пратката за земањето на примероци за лабораториски анализи, веднаш штом пратката ќе го напушти граничниот премин.

(2) Резултатите од лабораториските тестови преку информациониот систем за гранична ветеринарна инспекција или до негова целосна имплементација во пишана форма се доставуваат до официјалниот ветеринар на граничен премин кој ги испратил примероците и официјалниот ветеринар од местото на крајната дестинација на пратката веднаш по добивањето на истите без оглед на исходот.

(3) Официјалниот ветеринар на граничен премин, за позитивните резултати, без разлика дали се од случајно земени примероци или од примероци земени поради сомнеж, ја известува Агенцијата.

Глава IV
Резултати од извршените проверки и прегледи на увозот и транзитот на живите животни

Член 28

Записник и решение

(1) По завршувањето на проверките и прегледите од Глава II и III на овој правилник официјалниот ветеринар на граничен премин составува записник и решение.

(2) Записникот од став (1) на овој член ги содржи особено следниве податоци:

- преглед на документи;
- референтен број;
- преглед на идентитет;
- физички преглед;
- лабораториски тестови;
- преглед на благосостојба и
- влијание на превозот врз живите животни.

(3) Решението од став (1) на овој член ги содржи особено следниве податоци:

- прифатливо за транспорт;
- прифатливо за транзит;
- прифатливо за траен увоз;
- прифатливо за привремен влез;
- причини за одбивање;
- неприфатливо;
- податоци за контролирана дестинација;
- повторно запечатување на пратката;
- целосна идентификација на граничниот премин, надлежен орган и службен печат;
- официјален ветеринар;
- референца на царински документ;
- податоци за повраток;
- проследување и
- потпис и печат на официјален ветеринар.

(4) Известувањето за пристигнување на пратката од член 9 на овој правилник, записникот и решението од став (1) на овој член се составен дел на влезниот ветеринарен документ за живи животни (во понатамошниот текст: ВВДЖ) даден во Прилог 3 кој е составен дел на овој правилник.

(5) Официјалниот ветеринар на граничен премин, записникот и решението од став (1) на овој член ги составува со пополнување, потпишување и ставање на печат.

(6) Сите податоци кои се однесуваат на пратката како што се прегледите, резултатите од нив и превземените постапки од членовите 29, 30, 31, 32, 33, 34, 35, 36 и 37 на овој правилник, официјалниот ветеринар на граничен премин ги внесува во информациониот систем за гранична ветеринарна инспекција.

Член 29

Одобрување на влез или транзит

(1) Во случај на задоволителен резултат од извршените проверки и прегледи, се одобрува увоз или транзит на пратката со живи животни.

(2) При пополнувањето на записникот и решението од член 28 став (1) на овој правилник, треба јасно да се напише крајната дестинација на пратката.

(3) Во зависност од крајната дестинација:

1) пратките кои се увезуваат треба да се придружени до нивната крајна дестинација со заверена копија на ветеринарно-здравствениот сертификат или на пропратните документи, од страна на официјалниот ветеринар на граничен премин кој го одобрил увозот, при што оригиналите остануваат на граничниот премин на влез како дел од досието за пратката, или

2) пратките кои транзитираат треба да се придружени до граничниот премин на излез на пратката со оригиналниот ветеринарно-здравствен сертификат или пропратните документи, при што нивни заверени копии од страна на официјалниот ветеринар на граничен премин кој го одобрил транзитот се задржуваат на граничниот премин на влез на пратката.

(4) Во случај на делење на пратката со живи животни на повеќе делови, официјалниот ветеринар на граничен премин издава еднаков број на ВВДЖ и еден збирен ВВДЖ за целата пратка кој се задржува на граничниот премин на влез на пратката и истиот треба да е во согласност со ново издадените ВВДЖ.

(5) При увоз, официјалниот ветеринар на граничен премин, преку информациониот систем за гранична ветеринарна инспекција или до негова целосна имплементација со друг начин на комуникација (телефон, факс, писмо или e-mail и др.) го известува официјалниот ветеринар од крајната дестинација на пратката за пристигнувањето на пратката.

(6) При транзит, официјалниот ветеринар на граничен премин на граничниот премин на влез преку информациониот систем за гранична ветеринарна инспекција или до негова целосна имплементација со друг начин на комуникација (телефон, факс, писмо или e-mail и др.) го известува официјалниот ветеринар на граничен премин на граничниот премин на излез за претстојната пратка.

(7) При транзит, официјалниот ветеринар на граничен премин на граничниот премин на излез ги пополнува соодветните места на записникот и решението од член 28 став (1) на овој правилник и преку информациониот систем за гранична ветеринарна инспекција или до негова целосна имплементација со друг начин на комуникација (телефон, факс, писмо или e-mail и др.) го известува официјалниот ветеринар на граничен премин на влез.

Член 30
Одмор на живите животни

(1) Во случај кога официјалниот ветеринар на граничен премин со прегледот за благосостојба на живите животни ќе утврди дека тие не се во состојба да го продолжат патувањето, донесува решение со кое се наредува задолжително запирање и одмор на живите животни во времетраење од 24 часа кое вклучува растовар на живите животни, хранење, напојување и ако е потребно, третирање на повредените живи животни.

(2) Одморот на живите животни може да биде на:

1) граничниот премин, доколку истиот е опремен со простории за одмор или

2) одобрена просторија која е под надзор на Агенцијата и се наоѓа во близина на граничниот премин.

Член 31
Известување за одмор на увезени пратки и пратки кои транзитираат

(1) Официјалниот ветеринар на граничен премин преку информациониот систем за гранична ветеринарна инспекција или до негова целосна имплементација во пишана форма со известување го известува официјалниот ветеринар надлежен за објект за одмор на живи животни, за потребен одмор на живите животни при превоз во објекти за одмор кои се предвидени во планот за движење или се наложени од официјалниот ветеринар на граничен премин.

(2) Официјалниот ветеринар на граничен премин од официјалниот ветеринар надлежен за објектот за одмор на живите животни, кога смета за потребно бара потврда за извршениот одмор на живите животни, без оглед на тоа дали истото е извршено за време на веќе поминатиот или предстојниот дел на превозот.

Член 32
Сместување во карантин

(1) Во случај кога од живите животни се земени примероци за изведување на соодветни целни лабораториски испитувања на одредени болести поради сомнеж или неправилности, живите животни се сместуваат во карантин до добивањето на резултатите од лабораториските испитувања.

(2) Живите животни од ставот (1) на овој член, може да бидат сместени во карантин во:

1) определена просторија на граничниот премин доколку истиот е опремен со простории за карантин;

2) одгледувалиштето на крајната дестинација на пратката или

3) одобрени карантински станици кои се под надзор на Агенцијата.

(3) По исклучок од ставот (1) на овој член живите птици, освен живина, треба да бидат сместени 30 дена во одобрен карантин кој е под надзор на Агенцијата пред да бидат ослободени.

Член 33
Одбивање–Враќање

(1) Одбивање на увоз и враќање на пратката со живи животни се врши во случај кога:

1) живите животни не ги исполнуваат условите пропишани со прописите од областа на ветеринарното здравство за увоз на живи животни;

2) живите животни се болни, постои сомнеж дека се инфицирани или боледуваат од заразни болести или од болести кои се ризични за јавното здравство и здравјето на живите животни;

3) условите во третата земја на потекло на живите животни не се во согласност со прописите од областа на ветеринарното здравство во Република Северна Македонија;

4) живите животни не се во состојба да го продолжат патувањето и

5) ветеринарно-здравствениот сертификат или пропратните документи за живи животни не се во согласност со прописите од областа на ветеринарното здравство во Република Северна Македонија.

(2) Во решението од член 28 став (1) на овој правилник се наведува причината за одбивањето-враќањето и се определува времето за враќање на пратката со живи животни.

(3) Враќањето треба да се изврши во најкраток можен рок.

(4) При враќањето, официјалниот ветеринар на граничен премин треба да ги поништи оригиналниот ветеринарно-здравствен сертификат или пропратните документи со ставање на печат на сите страни на документите.

(5) Печатот од ставот (4) на овој член го содржи зборот „ЗАБРАНЕТ/REJECTED“ во правоаголна форма со димензии 4,5 cm x 1,5 cm и во црвена боја.

(6) Надзорот над враќањето на пратката се врши од страна на царинската служба, аеродромските служби или службите на железницата.

(7) За одбивањето и враќањето на пратката официјалниот ветеринар на граничен премин ги известува царинските служби, аеродромските служби или службите на железницата и Министерството за внатрешни работи, со доставување на решение или копија од ВВДЖ.

(8) Официјалниот ветеринар на граничен премин, го известува надлежниот орган на земјата извозник и Агенцијата за одбиената пратка со живи животни, преку информациониот систем за гранична ветеринарна инспекција или до негова целосна имплементација во пишана форма.

Член 34
Известување при враќање на пратката

(1) Доколку пратката со живи животни не е во согласност со царинските прописи за влез во Република Северна Македонија, царинските служби за враќањето на пратката со живи животни во пишана форма го известуваат официјалниот ветеринар на граничен премин.

(2) Официјалниот ветеринар на граничен премин во случаи од став (1) на овој член постапува согласно член 33 на овој правилник.

Член 35
Колење на живите животни

(1) Во случај кога враќањето на пратката со живи животни не е возможно, особено поради благосостојба на живите животни и кога не постои ризик за јавното здравство и здравјето на живите животни, официјалниот ветеринар на граничен премин со решение може да нареди колење на живите животни.

(2) При пополнувањето на решението од член 28 став (1) на овој правилник официјалниот ветеринар на граничен премин го наведува објектот за колење во кој треба да се заколат живите животни како крајна дестинација на пратката.

(3) Превозот на живите животни до објектот за колење се врши под надзор на официјален ветеринар и на царинските служби како канализирана пратка.

(4) Живите животни од ставот (1) на овој член треба да се заколат одделно од другите живи животни.

(5) Добиеното месо од закланите живи животни, доколку со прегледот пред колење (анте мортем) и прегледот по колење (пост мортем) се утврди дека е исправно за исхрана на луѓе, може да се користи за исхрана на луѓе.

(6) Официјалниот ветеринар на граничен премин, го известува официјалниот ветеринар надлежен за објектот за колење, за издаденото решение за колење на животните, преку информациониот систем за гранична ветеринарна инспекција или до негова целосна имплементација во пишана форма со доставување на решение за колење.

(7) Официјалниот ветеринар надлежен за објектот за колење врши надзор на колењето на живите животни од ставот (1) на овој член.

(8) Официјалниот ветеринар надлежен за објектот за колење, за регуларноста на колењето издава потврда и копија од истата ја испраќа до официјалниот ветеринар на граничен премин кој го издал решението за колење и до Агенцијата.

(9) Официјалниот ветеринар на граничен премин ја известува Агенцијата за причините, начините и извршеното колење на живите животни од став (1) на овој член.

Член 36
Преработка – Одобрување за употреба освен за исхрана на луѓе

(1) Доколку со анте мортем прегледот од член 35 став (5) на овој правилник се утврди дека месото од живите животни не може да биде наменето за исхрана на луѓе, а земајќи ги во предвид и административните или комерцијалните причини, месото може да биде преработено за друга употреба освен за исхрана на луѓе.

(2) При пополнувањето на решението од член 28 став (1) на овој правилник официјалниот ветеринар на граничен премин, покрај објектот за колење го наведува и објектот за преработка како крајна дестинација на пратката.

(3) Превозот на живите животни до објектот за колење и до објектот за преработка се врши под надзор на официјален ветеринар и царинските служби како канализирана пратка.

(4) Официјалниот ветеринар на граничен премин во случаи од став (1) на овој член ја определува намената на крајниот производ.

(5) Официјалниот ветеринар на граничен премин, го известува официјалниот ветеринар надлежен за објектот за преработка, за издаденото решение за преработка на месото од закланите животни, преку информациониот систем за гранична ветеринарна инспекција или до негова целосна имплементација во пишана форма со доставување на решение со кое се наредува преработка.

(6) Надзорот над преработката од ставот (1) на овој член го врши официјалниот ветеринар надлежен за објектот за преработка.

(7) Официјалнит ветеринар надлежен за објектот за преработка, за извршената преработка издава потврда и копија од истата испраќа до официјалниот ветеринар на граничен премин кој го издал решението за преработка и до Агенцијата.

(8) Официјалниот ветеринар на граничен премин ја известува Агенцијата за причините, начините и резултатите од преработката.

Член 37
Уништување

(1) Во случај кога не постои можност за примена на постапките утврдени со одредбите од членовите 33, 35 и 36 на овој правилник или постои сериозен ризик за јавното здравство и здравјето на живите животни, официјалниот ветеринар на граничен премин донесува решение со кое наредува живите животни од пратката да се убијат на хуман начин, а нивните трупови да се уништат и копија од решението, доставува до:

1) лицето одговорно за пратката;

2) царинските служби на граничниот премин на влез на пратката и

3) официјалниот ветеринар кој врши надзор над уништувањето.

(2) При пополнувањето на решението од член 28 став (1) официјалниот ветеринар на граничен премин го наведува објектот за уништување како крајна дестинација на пратката.

(3) Превозот на живите животни до објектот за уништување се врши под надзор на официјален ветеринар и царинските служби како канализирана пратка.

(4) Надзорот на уништувањето од ставот (1) на овој член се врши од страна на официјалниот ветеринар надлежен за објектот за уништување или од страна на лице од објектот за уништување назначено како одговорно за уништувањето.

(5) Официјалниот ветеринар надлежен за објектот за уништување, за регуларноста на извршеното уништување издава потврда и копија од истата ја испраќа до официјалниот ветеринар на граничен премин и до Агенцијата. Доколку во објектот за уништување е назначено одговорно лицето за уништувањето, потврдата и копијата од истата за регуларноста на извршеното уништување ја издава истиот и ја испраќа до официјалнито ветеринар надлежен за обејктот за уништување,.

(6) Официјалниот ветеринар на граничен премин ја известува Агенцијата за причините, начините и извршеното уништување.

Член 38
Известување при колење, преработка или уништување на пратката

(1) Официјалниот ветеринар надлежен за објектот за колење, преработка или уништување на пратката со живи животни, за извршеното колење, преработка или уништување на пратката со живи животни од членовите 35, 36 и 37 на овој правилник во пишана форма го известува официјалниот ветеринар на граничен премин кој ја издал наредбата за колење, преработка или уништување.

(2) Како доказ за извршеното уништување на пратката, може да се користат и сметките за истовар или за уништување издадени од лицето одговорно за објектот

за уништување на пратката пропратени со писмо од официјалниот ветеринар на граничен премин кое ги содржи податоците од став (1) на овој член.

(3) Потврдата или пропратното писмо треба целосно да ја опишуваат пратката со живи животни како и бројот на преработени или уништени живи животни.

Член 39

Проверка и преглед при излез на пратки кои транзитираат

(1) При излез од Република Северна Македонија на пратки со живи животни кои транзитираат, официјалниот ветеринар на граничен премин на граничниот премин на излез врши проверка и преглед на документи и идентитет на пратката со живи животни.

(2) Официјалниот ветеринар на граничен премин на граничниот премин на излез го пополнува и заверува записникот и решението од член 28 став (1) на овој правилник и за тоа го известува официјалниот ветеринар на граничен премин на влез преку информациониот систем за гранична ветеринарна инспекција или до негова целосна имплементација со друг начин на комуникација (телефон, факс, писмо или e-mail и др.).

(3) Во случај најавените пратки да не се појават во одредениот временски рок на граничниот премин на излез, официјалниот ветеринар на граничен премин на граничниот премин на излез заедно со царинските служби спроведува соодветна истрага.

ДЕЛ III

Евиденција за пратки со живи животни кои се увезуваат и транзитираат

Член 40

Општи одредби

Официјалниот ветеринар на граничен премин при вршење на ветеринарните проверки и прегледи, води евиденција за пратки со живи животни кои се увезуваат и транзитираат.

Член 41

Податоци и документи за пратки со живи животни кои се увезуваат

(1) Документацијата за секоја пратка со живи животни која се увезува, се состои од:

1) известување за пристигнување на пратка;
2) оригинален ветеринарно-здравствен сертификат;
3) копија од целосно пополнет ВВДЖ;
4) дозвола за увоз, каде што е потребно;
5) оригинал од планот за движење;
6) изјава од превозникот;
7) записник за извршени проверки на благосостојба на живите животни и средствата за превоз на живите животните;
8) CITES сертификат, каде што е потребно;
9) копија од фактура или карго сметка;
10) копија од известувањето испратена до официјалниот ветеринар од крајната дестинација на пратката;
11) копија од пропратно писмо доставено до лабораторијата со кое се испратени примероците за спроведување на соодветни лабораториски испитувања, каде што е потребно;
12) наод за добиените резултати од извршените лабораториски испитувања и
13) копија од известувањето за добиените резултати од извршените лабораториски испитувања, испратена до официјалниот ветеринар од крајната дестинација на пратката.

(2) Во случај на извоз на увезените пратки, извозните документи треба да бидат поврзани со соодветната пратка од увоз, при што е потребно да се чуваат одделно од другите документи.

Член 42

Податоци и документи за пратки со живи животни кои транзитираат

Документацијата за секоја пратка со живи животни која транзитира се состои од:

1) известување за пристигнување на пратка;
2) копија од ветеринарно-здравствен сертификат;
3) копија од целосно пополнет ВВДЖ;
4) оригинал од планот за движење;
5) изјава од превозникот;
6) записник за извршени проверки на благосостојба на живите животни и средствата за превоз на живите животни;
7) дозвола за увоз од третата земја на крајната дестинација и/или од следната трета земја на транзит на пратката;
8) CITES сертификат, каде што е потребно;
9) копија од фактура или карго сметка;
10) копија од известувањето испратена до официјалниот ветеринар на граничен премин на граничниот премин на излез на пратката;
11) копија од известувањето испратена до официјалниот ветеринар надлежен за објектот за одмор на живите животни, каде што е потребно и
12) потврда од член 39 став (2) на овој правилник со која се потврдува дека пратката е излезена од Република Северна Македонија.

Член 43

Податоци и документи за одбиени – вратени пратки со живи животни

Документацијата за секоја одбиена – вратена пратка со живи животни, се состои од:

1) известување за пристигнување на пратка;
2) копија од ветеринарно-здравствен сертификат и пропратните документи;
3) копија од целосно пополнет ВВДЖ;
4) копија од фактура или карго сметка;
5) копија од известувањето испратено до царинските служби, аеродромските служби или службите на железницата;
6) копија од известувањето испратена до надлежниот орган на земјата извозник и Агенцијата;
7) наод за добиените резултати од извршените лабораториски испитувања, доколку се извршени истите и
8) потврда од царинските служби за спроведеното враќање на пратката со живи животни.

Член 44

Податоци и документи за принудно заклани, преработени или уништени пратки со живи животни

Документацијата за секоја принудно заклана, преработена или уништена пратка со живи животни, се состои од:

1) известување за пристигнување на пратка;
2) копија од ветеринарно-здравствен сертификат и пропратните документи;
3) копија од целосно пополнет ВВДЖ;
4) копија од фактура или карго сметка;
5) копија од известувањето испратено до царинските служби, аеродромските служби или службите на железницата;

6) копија од известувањето испратена до надлежниот орган на земјата извозник и Агенцијата;

7) наод за добиени резултати од извршените лабораториски испитувања, доколку се извршени истите;

8) копија од известувањето испратена до официјалниот ветеринар надлежен за објектот за колење, преработка или уништување на пратката;

9) потврда од официјалниот ветеринар надлежен за објектот за колење, преработка или уништување на пратката за извршеното колење, преработка или уништување на пратката и

10) сметките за истовар или за уништување издадени од лицето одговорно за објектот за уништување на пратката пропратени со писмо од официјалниот ветеринар на граничен премин од член 38 став (2) на овој правилник.

ДЕЛ IV

Начин и постапка за увоз и транзит на производи од животинско потекло и начин и постапки на вршење на проверка и преглед при увоз и транзит на производи од животинско потекло

Член 45

Општи одредби

Начинот и постапката за вршење на проверка и преглед при увоз и транзит на производи од животинско потекло опфаќа проверка и преглед на документи, идентитет и физички преглед, како и резултати од извршените проверки и прегледи при увоз и транзит на производи од животинско потекло.

Глава I

Начин и постапки на вршење на проверка и преглед на документи на производи од животинско потекло

Член 46

Фреквенција на проверка и преглед на документи

(1) Сите пратки со производи од животинско потекло подлежат на проверка на документи од член 49 на овој правилник без оглед на нивната крајна дестинација.

(2) Пратките со производи од животинско потекло не подлежат на проверки од ставот (1) на овој член, без оглед на прегледите кои се вршат во случај на сомнеж, во случај кога:

1) пратката преминува директно од еден во друг авион во период од најмалку 12 часа, а максимум 48 часа, при што официјалниот ветеринар на граничен премин треба да биде известен од страна на лицето одговорно за пратката;

2) производите се наменети за специјални цели (примероци наменети за репрезентација, пратки за истражување/ експериментални цели, саеми итн.);

3) се мали количини на производи за некомерцијални цели, испратени до физички лица и

4) производите се натоварени во средства за превоз кои учествуваат во меѓународниот сообраќај и се наменети само за персоналот или за патниците, во период додека се надвор од територијата на Република Северна Македонија.

Член 47

Место и време на вршење на проверка и преглед на документи

(1) Проверката и прегледот на документите се врши кога официјалниот ветеринар на граничен премин ќе ги има сите оригинални документи од членот 49 на овој правилник.

(2) Прелиминарна и информативна проверка и преглед на документи може да се изврши за време на доставувањето на известувањето за пристигнување на пратката од член 48 став (1) на овој правилник, особено ако се има за цел да се потврди подобноста на третата земја или нејзин дел од каде се врши увозот или транзитот на производите од животинско потекло и валидноста на трговскиот оператор.

(3) Проверката од ставот (2) на овој член не ја исклучува целосната проверка на документите од ставот (1) на овој член.

Член 48

Известување за пристигнување на пратка

(1) Известување за пристигнување на пратката до официјалниот ветеринар на граничен премин се доставува 24 часа пред очекуваното време за пристигнување на пратката на граничен премин.

(2) Официјалниот ветеринар на граничен премин, може да одобри пократок рок за доставување на известувањето за пристигнување на пратката од утврдениот во став (1) на овој правилник.

(3) За пратките кои пристигнуваат на граничен премин на меѓународен аеродром, известувањето за пристигнување на пратката може да биде доставено најмалку два часа пред очекуваното време за пристигнување на пратката на граничен премин.

(4) Известувањето за пристигнување на пратката ги содржи следните податоци:

- испраќач/ извозник;
- референтен број на известувањето;
- примач;
- лице одговорно за натовар;
- увозник;
- трета земја на потекло;
- трета земја на испраќање;
- адреса на испорака;
- пристигнување на граничен премин (предвиден датум);
- ветеринарни документи;
- име на брод/лет;
- опис на стока, број и вид на пакување;
- тарифна ознака;
- бруто маса (кг.);
- нето маса (кг);
- температура;
- број на пломба и број на контејнер;
- транспорт до;
- за транзит до трета земја;
- усогласено со прописите од областа на ветеринарно здравство;
- за повторен увоз;
- за внатрешен пазар;
- за непотврдени пратки;
- декларација и
- место и датум на декларирање.

(5) Пополнувањето и доставувањето на известувањето за пристигнување на пратката го врши лицето одговорно за пратката.

(6) Известувањето за пристигнување на пратката треба:

- да биде целосно и правилно пополнето;
- во целост да одговара со информациите наведени во придружната документација;
- да биде доставено во три или четири копии, во зависност од тоа дали пратката ќе биде прегледана од страна на царинската служба на самиот граничен премин или од страна на царинска служба на друга царинска испостава и
- да има оригинален печат и потпис од лицето одговорно за пратката на сите три или четири копии.

(7) До целосна имплементација на информациониот систем за гранична ветеринарна инспекција, известувањето за пристигнување на пратката може да биде доставено со друг начин на комуникација (телефон, факс, писмо или e-mail и др.).

(8) Врз основа на пропратните документи за пратката, сите податоци од известувањето за пристигнување на пратката, треба да бидат потврдени од страна на официјалниот ветеринар на граничен премин.

(9) Пополнувањето на празните полиња или исправката на неточните податоци од доставеното известување за пристигнување на пратката го врши лицето одговорно за пратката со своерачен потпис или пополнува и поднесува ново известување за пристигнување на пратката.

Член 49
Документи кои ја следат пратката на производи од животинско потекло

Сите пратки со производи од животинско потекло треба да бидат придружени со следните документи:
- ветеринарно-здравствен сертификат;
- потврда за јавно здравство;
- декларација за Трансмисивни спонгиоформни енцефалопатии (во понатамошниот текст: ТСЕ);
- извозни царински документи – карго сметки и
- дозвола за увоз/ транзит.

Член 50
Ветеринарно-здравствен сертификат

(1) Сите пратки со производи од животинско потекло треба да бидат придружени со оригинален ветеринарно-здравствен сертификат издаден од надлежниот орган од третата земја на потекло.

(2) Ветеринарно-здравствениот сертификат треба да:

1) се состои од еден лист или од неколку поврзани листови, во А4 формат;

2) има единствен референтен број, во случаи кога сертификатот се состои од низа страници, секоја страница треба да е означена со единствениот референтен број;

3) има оригинален потпис од овластеното лице одговорно за издавање на ветеринарно-здравствениот сертификат, читливо наведено име и позиција напишано со големи букви и оригинален печат од надлежниот орган кој го издал во различна боја од отпечатениот текст на ветеринарно-здравствениот сертификат;

4) има датум на издавање кој треба да е во согласност со датумот на натовар на производите од животинско потекло;

5) е адресиран до еден примач;

6) е целосно и коректно пополнет;

7) нема понатамошни исправки, а доколку има истите да бидат заверени со потпис од овластеното лице кое го издало ветеринарно-здравствениот сертификат;

8) непотполнетите делови или алтернативи кои не се применливи, треба да бидат правилно прецртани и одобрени со потпис од овластеното лице кое го издало ветеринарно-здравствениот сертификат и

9) се однесува на една пратка.

(3) Ветеринарно-здравствениот сертификат треба да биде напишан на официјалниот јазик на третата земја на потекло на пратката и на македонски јазик или превод на македонски јазик заверен од нотар, а во случај на транзит низ друга трета земја и на англиски јазик.

(4) Доколку ветеринарно-здравствениот сертификат е превод на македонски јазик заверен од нотар или на одвоена копија од сертификатот напишана на македонски јазик, официјалниот ветеринар на граничен премин треба да изврши проверка за да потврди дали дадените информации се усогласени и одговараат со оние дадени во ветеринарно-здравствениот сертификат напишан на официјалниот јазик на третата земја на потекло.

(5) Формата и содржината на образците на ветеринарно-здравствените сертификати за увоз на производи од животинско потекло се дадени во Прилог 7 на овој правилник.

Член 51
Потврда за јавно здравство

(1) Месо, производи од месо и преработки од месо, од сите видови на живи животни покрај ветеринарно-здравствениот сертификат треба да бидат придружени и со потврда за јавно здравство која треба да обезбеди општа гаранција која се однесува на објектот за производство.

(2) Потврдата за јавно здравство треба да е во согласност со одредбите од членот 48 на овој правилник.

(3) Потврдата за јавно здравство треба да е издадена од истото овластено лице кое е одговорно за издавање на ветеринарно-здравствениот сертификат за истата пратка.

Член 52
Декларација за ТСЕ

(1) Производи и преработки од говедско и овчо месо, треба да бидат придружени со одвоена декларација која ќе обезбеди посебна гаранција во врска со ТСЕ, во согласност со прописите од областа за ветеринарното здравство за трансмисивни спонгиоформни енцефалопатии.

(2) Точната содржина на декларацијата зависи од третата земја од каде потекнува пратката и можниот ризик од ТСЕ во согласност со прописите од областа на ветеринарното здравство за трансмисивни спонгиоформни енцефалопатии.

(3) Декларацијата за ТСЕ треба да е издадена од страна на истото овластено лице кое е одговорно за издавање на ветеринарно-здравствениот сертификат за истата пратка.

Член 53
Извозни царински документи – Карго сметки

(1) На барање на официјалниот ветеринар на граничен премин, лицето одговорно за пратката е должно да достави извозни царински документи и карго сметки.

(2) На барање на официјалниот ветеринар на граничен премин, извозните царински документи може да бидат доставени и од царинските служби, како и од аеродромските или железничките служби.

(3) Извозните царински документи и карго сметките се приложуваат со цел напоредно да се прегледаат и да се потврди пристигнувањето на пратките на граничниот премин како и веродостојноста на податоците дадени во другите пропратни документи, особено за времето на натовар.

Член 54
Дозвола за увоз/транзит

(1) При увоз на пратка наменета за репрезентација, истражувачки цели, саеми и изложби или во случај кога така е пропишано со прописите од областа на ветеринарно здравство, истата треба да биде придружена со дозвола за увоз издадена од Агенцијата.

(2) Дозволата за увоз треба да ги содржи следните податоци:
- трета земја од каде потекнува пратката;
- испраќач на пратката;

- примач на пратката и ако е различно, местото на крајната дестинација;
- точен опис и количина на пратката;
- намена на пратката;
- временски период на исправност;
- граничен премин на влез и
- посебни услови за уништување на пратката по нејзината употреба со методи кои ќе спречат секакви ризици по јавното здравје, здравјето на живите животни или животната средина.

Глава II
Начин и постапки на вршење на проверка и преглед на идентитет на производи од животинско потекло

Член 55
Фреквенција на проверка и преглед на идентитет

(1) Сите пратки со производи од животинско потекло подлежат на проверка и преглед на идентитет без оглед на нивната крајна дестинација.

(2) Пратките со производи од животинско потекло не подлежат на проверка и преглед од ставот (1) на овој член и без оглед на прегледите кои се вршат во случај на сомнеж, во случај кога:

1) преминува директно од еден во друг авион во период од 12 часа, а најмногу во период од 48 часа, при што официјалниот ветеринар на граничен премин треба да биде известен од страна на лицето одговорно за пратката;

2) се наменети за специјални цели (примероци наменети за репрезентација, пратки за истражување/ експериментални цели, саеми итн.);

3) се мали количини за некомерцијални цели, испратени до физички лица и

4) се натоварени на средства за превоз кои учествуваат во меѓународниот сообраќај и се наменети само за персоналот или за патниците, во период додека се надвор од територијата на Република Северна Македонија.

Член 56
Место и време на вршење на проверка и преглед на идентитет

(1) Проверка и преглед на идентитет се врши кога пратките со производи од животинско потекло се физички присутни на граничен премин, заедно со соодветните оригинални документи.

(2) Проверката и прегледот на идентитетот се врши по завршување на проверката и прегледот на документите со задоволителни резултати.

Член 57
Начин на вршење на проверка и преглед на идентитет

(1) Проверката и прегледот на идентитетот се состои од:

1) проверка и преглед на печатот, официјалните ознаки и етикети, декларации, жигови и здравствени ознаки на производите од животинско потекло, со цел да се потврди третата земја на потекло и објектот за производство на производот;

2) во случај на превоз во контејнери-проверка и преглед на контејнерот со цел да се потврди идентификационата ознака на контејнерот како и состојбата на пломбата на контејнерот и

3) во случај на предпакувани производи - проверка и преглед на официјалните ознаки и етикети.

(2) Проверка и преглед на превозното средство се врши со цел да се потврди регистерскиот број на превозното средство како и состојбата на пломбата на него.

Глава III
Начин и постапки на вршење на физички преглед на производи од животинско потекло

Член 58
Општи принципи

(1) Физичкиот преглед на производите од животинско потекло се состои од:

1) проверка на хигиенските услови под кои е превезувана пратката со производи од животинско потекло;

2) проверка на температурата под кои е превезувана пратката со производи од животинско потекло и температурата на самиот производ;

3) органолептички преглед на производот од животинско потекло: мирис, боја, конзистентност и вкус;

4) едноставни физички или хемиски испитувања како што се сечење, топење и готвење;

5) лабораториски анализи во согласност со прописите од областа на ветеринарното јавно здравство како и лабораториски анализи кои се сметаат за неопходни и

6) лабораториски анализи на резидуи од ветеринарно-медицински препарати и контаминенти.

(2) Лабораториските анализи од точките 5) и 6) од ставот (1) на овој член треба да бидат извршени во најкраток можен рок.

Член 59
Фрекфенција на физички прегледи

(1) Сите пратки со производи од животинско потекло подлежат на физички преглед без оглед на нивната крајна дестинација.

(2) Пратките со производи од животинско потекло не подлежат на проверка и преглед од ставот (1) на овој член, во случај кога:

1) пратката со производи од животинско потекло преминува директно од еден во друг авион во период од 48 часа, при што официјалниот ветеринар на граничен премин треба да биде известен од страна на лицето одговорно за пратката;

2) производите од животинско потекло се наменети за специјални цели (примероци наменети за репрезентација, пратки за истражување/ експериментални цели, саеми итн.);

3) се мали количини на производи од животинско потекло за некомерцијални цели, испратени до физички лица;

4) се натоварени на средства за превоз кои учествуваат во меѓународниот сообраќај и се наменети само за персоналот или за патниците, период додека се надвор од територијата на Република Северна Македонија;

5) транзитираат;

6) повторно се увезени (ре-увезени) во Република Северна Македонија;

7) се наменети за складовите во слободните зони, слободните складови и царински складови и

8) се работи за перјан и крзнен неодран дивеч, со исклучок на проверка на неговата здравствена состојба и проверка за резидуи.

Член 60
Пратки кои подлежат на намалена фрекфенција на физички прегледи

(1) По исклучок на член 59 став (1) на овој правилник, одделни производи и нус-производи од животинско потекло кои се увезуваат во Република Северна Македонија подлежат на намалена фреквенција на физички прегледи од страна на официјален ветеринар на граничен премин.

(2) Категориите на производи и нус-производи од животинско потекло од став (1) од овој член и фреквенцијата на физички прегледи се дадени во Прилог 5 кој е составен дел на овој правилник.

(3) Намалувањето на фреквенцијата на физичките прегледи се одредува врз основа на:

1) добиените резултати од претходните проверки и прегледи на тие производи од животинско потекло;

2) гаранциите понудени од страна на државата извозник за целата или за дел од нејзината територија, во однос на сообразноста со прописите од областа на ветеринарното здравство за условите за увоз на производи од животинско потекло и проверките на резидуи и определени супстанци во суровини, живи животни и производи од животинско потекло;

3) здравствената состојба на живите животни во државата извозник;

4) информациите за општата здравствена состојба на живите животни во државата извозник;

5) мерките што ги применува државата извозник во однос на следењето и спречувањето на заболувањата кај живите животни;

6) структурата, способноста, независноста и квалификациите на ветеринарната служба или на другите надлежни служби во државата извозник;

7) сообразноста со минималните стандарди утврдени со од областа на ветеринарното здравство за хигиената во производството на храна од животинско потекло;

8) видот на производот од животинско потекло и неговиот потенцијален ризик по здравјето на луѓето и животните;

9) сообразноста со прописите од областа на ветеринарното здравство за забраната за употреба на хормони, тиреостатици и β-агонисти во сточарството;

10) сообразноста со прописите од областа на ветеринарното здравство за начинот на вршење на ветеринарно-санитарен преглед и контрола и начинот на водење на евиденција за резидуи и определени супстанци во суровини, живи животни и производи од животинско потекло;

11) резултатите од инспекцијата на Европската Заедница, инспекцијата на Агенцијата или националната инспекција на државата извозник, спроведена во државата извозник;

12) резултатот од спроведената проверка и преглед при увозот на соодветната пратка и

13) анализата на присутниот ризик кој се должи на видот на производот од животинско потекло кој треба да биде увезен, состојбата во која се наоѓа и начинот на кој се превезува.

(4) Доколку со извршените проверки и прегледи од член 46 став (1), член 55 став (1), член 59 став (1) на овој правилник и став (1) на овој член се утврди дека производите од животинско потекло не ги исполнуваат условите пропишани со прописите од областа на ветеринарното јавно здравство, официјалниот ветеринар на граничен премин на влез:

1) задолжително врши физички преглед вклучувајќи го и земањето мостри за лабораториско испитување од следните десет пратки со производи од животинско потекло кои потекнуваат од истиот објект за кои е утврдено дека не ги исполнуваат условите пропишани со прописите од областа на ветеринарното здравство и

2) производите од животинско потекло од точка 1) од овој став се задржуваат под надзор на официјален ветеринар на граничен премин и под надзор на царинските службеници се до добивањето на резултатите од извршените лабораториски испитувања и донесувањето на крајната одлука за пратката.

Член 61

Фреквенција на физички прегледи при појава на болест

(1) Доколку, на територијата на државата извозник, се појави или се прошири болест која задолжително се пријавува, зооноза или некое друго заболување или друга појава или околност за кои постои веројатност дека ќе претставува сериозна закана за здравјето на луѓето или на животните или, пак, доколку тоа е оправдано од друга сериозна причина поврзана со здравјето на луѓето или на животните, особено земајќи ги предвид наодите од ветеринарните експерти од државата извозник или при проверките и прегледите извршени на ветеринарното инспекциско место на граничен премин на влез во Република Северна Македонија, во зависност од сериозноста на ситуацијата и во согласност со прописите од областа на ветеринарното здравство:

1) врз основа на фактичките наоди, се наложуваат дополнителни проверки и прегледи од страна на Агенцијата и

2) ја зголемува зачестеноста на физичките прегледи, во зависност од резултатите на проверките и прегледите од точка 1) на овој став од страна на Агенцијата.

(2) Во случајот предвиден во став (1) на овој член, Агенцијата во согласност со прописите од областа на ветеринарното здравство, може да преземе времени заштитни мерки за увоз и транзит на производите од животинско потекло во Република Северна Македонија.

Член 62

Место и време на вршење на физички преглед

(1) Физичкиот преглед на производите од животинско потекло се врши кога пратката е физички присутна на граничниот премин, заедно со оригиналните документи.

(2) Физичкиот преглед на производите од животинско потекло се врши по завршувањето на проверката на документите и на идентитетот со задоволителни резултати.

Член 63

Начин на вршење на физички преглед

(1) Физичкиот преглед на производите од животинско потекло може да биде:

1) органолептички преглед: мирис, боја, конзистентност и вкус;

2) едноставни физички или хемиски испитувања како што се сечење, топење и гответње, пришто прегледот на замрзнати или длабоко замрзнати производи од животинско потекло треба да се изведе по нивното одмрзнување;

3) кога е применливо, проверка на состојбата на средствата за транспорт со цел идентификување на евентуален прекин на процесот на ладење;

4) проверка на нето тежина на пратката, доколку е неопходно и вкупната тежина на целата пратка;

5) преглед на пакувањето и сите ознаки (печати, жигови, етикети, декларации);

6) кога е применливо, проверка на температурата под која е превезувана пратката и температурата на самиот производ;

7) во случај на производи од животинско потекло во конзерви, по случаен избор се вршат проверки на состојбата на конзервите и се земаат примероци од нивната внатрешност;

8) лабораториски анализи согласно прописите од областа на ветеринарното здравство како и лабораториски анализи кои се сметаат за неопходни и

9) лабораториски анализи на резидуи од ветеринарно-медицински препарати и контаминенти.

(2) Со прегледите од ставот (1) од точка 1) до точка 7) на овој член треба да бидат опфатени 1% од производите или пакетите со вклучени најмалку два и најмногу десет артикли/пакети во пратката.

(3) Во случај на сомнеж, официјалниот ветеринар на граничен премин може да изврши дополнителни физички прегледи и лабораториски испитувања на производите од животинско потекло.

(4) При вршење на физичкиот преглед средствата за транспорт треба да бидат целосно растоварени, освен во случај кога:

1) натоварот бил направен на начин кој овозможува пристап до целата пратка;

2) се откриени неправилности при проверка на примероците;

3) претходната слична пратка има покажано такви неправилности и

4) официјалниот ветеринар на граничен премин се сомнева на нерегуларности.

(5) По завршувањето на физичкиот преглед, официјалниот ветеринар на граничен премин треба да го потврди извршениот преглед со затварање и запечатување на сите отворени пакети и со повторно пломбирање на целиот контејнер при што се запишува бројот на пломбата во пропратниот документ.

Член 64

Процедури и начини на земање примероци за лабораториски испитувања

(1) Примероци за изведување на соодветни лабораториски испитувања на производи од животинско потекло се земаат по случаен избор, со цел да се потврдат здравствените гаранции дадени во ветеринарно-здравствениот сертификат.

(2) Примероци за изведување на соодветни лабораториски испитувања на производи од животинско потекло, со цел за откривање и следење на резидуи од ветеринарно-медицински препарати и контаминенти се врши во согласност со прописите во Република Северна Македонија од областа на ветеринарното здравство.

(3) Примероци за изведување на соодветни лабораториски испитувања на производи од животинско потекло во случај кога не постои сомнеж, се земаат:

1) рамномерно од целиот асортиман на пратката, при што пратката може да биде и делумно истоварена и

2) во случај на производи од животинско потекло во ринфузна состојба, најмалку пет примероци од различни делови на пратката.

(4) Во случај кога не постои сомнеж за опасност по јавното здравје и здравјето на животните, производите од животинско потекло кои се предмет на лабораториски испитувања од ставот (1) на овој член можат да се ослободат за слободно движење пред добивање на резултатите од извршените лабораториски испитувања. При ова се зема во предвид дека проверките и прегледите на идентитетот, документите и физичкиот преглед дале задоволителни резултати.

Член 65

Процедури и начини на земање примероци за лабораториски испитувања кога постои сомнеж

(1) Примероци за изведување на соодветни лабораториски испитувања на производи од животинско потекло кога постои сомнеж се земаат кога:

1) постои сомнеж за неправилности, врз база на добиените резултати од претходно извршените прегледи и проверки на одредена пратка;

2) претходните извршени лабораториски испитувања на истиот производ од истиот производител дале позитивни резултати;

3) е пратена информација преку Системот за брзо алармирање за храна и храна за животни (понатаму во текстот: RASFF) за констатирани неправилности за одреден производ од одреден производител и

4) одредени производи со потекло од одредени земји се предмет на безбедносни и заштитни мерки.

(2) Примероци за изведување на соодветни лабораториски испитувања на производи од животинско потекло во случај кога постои сомнеж, се земаат:

1) рамномерно од целиот асортиман на пратката, при што пратката може да биде и делумно истоварена;

2) во случај на производи од животинско потекло во ринфузна состојба, најмалку пет примероци од различни делови на пратката.

(3) Производите од животинско потекло кои се предмет на лабораториски испитувања од ставот (1) на овој член се задржуваат под надзор на официјалниот ветеринар на граничен премин и под надзор на царинските службеници се до добивањето на резултатите од извршените лабораториски испитувања и донесувањето на крајната одлука за пратката.

(4) Производите од животинско потекло кои се предмет на лабораториски испитувања од ставот (1) на овој член може да се задржат:

1) на граничниот премин или

2) во одобрени објекти за одредени видови на производи во технолошки индустриски развојни зони, складови во слободни зони, слободни складови и царински складови.

(5) Производите од животинско потекло кои се задржани во објектите од став (4) точка 2) на овој член треба да се чуваат одвоено од производите кои се пуштаат во слободен промет.

Член 66

Известување за резултатите од лабораториските анализи

(1) Официјалниот ветеринар на граничен премин при земање на примероци согласно одредбите од член 65 на овој правилник, преку информациониот систем за гранична ветеринарна инспекција или до негова целосна имплементација во пишана форма го известува официјалниот ветеринар од местото на крајната дестинација на пратката за земањето на примероци за лабораториски анализи, веднаш штом пратката ќе го напушти граничниот премин.

(2) Резултатите од лабораториските анализи преку информациониот систем за гранична ветеринарна инспекција или до негова целосна имплементација во пишана форма се доставуваат до официјалниот ветеринар на граничен премин кој ги испратил примероците и официјалниот ветеринар од местото на крајната дестинација на пратката, веднаш по добивањето на истите без оглед на исходот.

(3) Официјалниот ветеринар на граничен премин ја известува Агенцијата за позитивните резултати без разлика дали примероци се земени по случаен избор или се примероци земени поради сомнеж.

Глава IV

Резултати од извршените проверки и прегледите на увозот и транзитот на производи од животинско потекло

Член 67

Записник и решение

(1) По завршувањето на проверките и прегледите од Главите I, II и III од овој дел официјалниот ветеринар на граничен премин составува записник и изготвува решение.

(2) Записникот од став (1) на овој член ги содржи следните податоци:
- претходен влезен ветеринарен документ за производи (во понатамошниот текст: ВВДП);
- референтен број;
- преглед на документи;
- преглед на идентитет;
- физички преглед и
- лабораториски тестови.

(3) Решението од став (1) на овој член ги содржи следните податоци:
- прифатливо за транспорт;
- прифатливо за транзит;
- прифатливо за внатрешен пазар;
- прифатливо ако е канализирано;
- прифатливо за специфични постапки за складирање;
- неприфатливо;
- причини за одбивање;
- податоци за контролирана дестинација;
- повторно запечатување на пратката;
- целосна идентификација на граничниот премин, надлежен орган и службен печат;
- потпис и печат на официјален ветеринар;
- излезен транзитен граничен премин;
- референца на царински документ и
- ВВДП кои следат.

(4) Известувањето за пристигнување на пратката од член 48 на овој правилник, записникот и решението од став (1) на овој член се составен дел на ВВДП даден во Прилог 4 кој е составен дел на овој правилник.

(5) Официјалниот ветеринар на граничен премин, записникот и решението од став (1) на овој член ги составува со пополнување, потпишување и ставање на печат.

(6) Сите податоци кои се однесуваат на пратката како што се прегледите, резултатите од нив и превземените постапки од членовите 69, 70, 71, 72 и 73 на овој правилник, официјалниот ветеринар на граничен премин ги внесува во информациониот систем за гранична ветеринарна инспекција.

Член 68
Одобрување на влез или транзит

(1) Во случај на задоволителен резултат од извршените проверки и прегледи, се одобрува влез или транзит на пратката со производи од животинско потекло.

(2) При пополнувањето на решението од член 67 став (1) на овој правилник треба јасно и читливо да се наведе крајната дестинација на пратката.

(3) Во зависност од крајната дестинација:

1) пратките кои се увезуваат треба да се придружени до нивната крајна дестинација со заверена копија на ветеринарно-здравствениот сертификат или на пропратните документи, од страна на официјалниот ветеринар на граничен премин кој го одобрил увозот, при што оригиналите остануваат на граничниот премин на влез како дел од досието за пратката и

2) пратките кои транзитираат треба да се придружени до граничниот премин на излез на пратката со оригиналниот ветеринарно-здравствен сертификат или пропратните документи, при што нивни заверени копии од страна на официјалниот ветеринар на граничен премин кој го одобрил транзитот се задржуваат на граничниот премин на влез на пратката.

(4) Во случај на делење на пратката на повеќе делови, официјалниот ветеринар на граничен премин издава еднаков број на ВВДП и еден збирен ВВДП за целата пратка кој се задржува на граничниот премин на влез на пратката и истиот треба да е во согласност со произлезените ВВДП.

(5) При увоз, официјалниот ветеринар на граничен премин, преку информациониот систем за гранична ветеринарна инспекција или до негова целосна имплементација со друг начин на комуникација (телефон, факс, писмо или e-mail и др.), го известува официјалниот ветеринар од крајната дестинација на пратката за пристигнувањето на пратката.

(6) При транзит, официјалниот ветеринар на граничен премин на граничниот премин на влез преку информациониот систем за гранична ветеринарна инспекција или до негова целосна имплементација со друг начин на комуникација (телефон, факс, писмо или e-mail и др.), го известува официјалниот ветеринар на граничен премин на граничниот премин на излез за претстојната пратка.

(7) При транзит, официјалниот ветеринар на граничен премин на граничниот премин на излез ги пополнува соодветните места од решението од член 67 став (1) на овој правилник и преку информациониот систем за гранична ветеринарна инспекција или до негова целосна имплементација со друг начин на комуникација (телефон, факс, писмо или e-mail и др) го известува официјалниот ветеринар на граничен премин на влез.

Член 69
Одбивање – Враќање

(1) Одбивање на увоз и враќање на пратката се врши во случај кога:

1) производите од животинско потекло не ги исполнуваат условите пропишани со прописите од областа на ветеринарното здравство;

2) условите во третата земја на потекло на производите од животинско потекло не се во согласност со прописите од областа на ветеринарното здравство и

3) ветеринарно-здравствениот сертификат или пропратните документи на производите од животинско потекло не се во согласност со прописите од областа на ветеринарното здравство.

(2) Во решението од член 67 став (1) на овој правилник се наведува причината за одбивањето-враќањето и се определува времето за враќање на пратката со производи од животинско потекло.

(3) Враќањето треба да се изврши во најкраток можен рок и истиот не може да биде подолг од 60 дена.

(4) При враќањето, официјалниот ветеринар на граничен премин треба да ги поништи оригиналниот ветеринарно-здравствен сертификат или пропратните документи со ставање на печат на сите страни на документите.

(5) Печатот од ставот (4) на овој член го содржи зборот „ЗАБРАНЕТ/REJECTED“ во правоаголна форма со димензии 4,5 cm x 1,5 cm и во црвена боја.

(6) Надзорот на враќањето на пратката се врши од страна на царинските служби, аеродромските служби или службите на железницата.

(7) За одбивањето-враќањето на пратката официјалниот ветеринар на граничен премин ги известува царинските служби, аеродромските служби или службите на железницата, со доставување на решение или копија од ВВДП.

(8) Официјалниот ветеринар на граничен премин, го известува надлежниот орган на земјата извозник и Агенцијата за одбиената пратка со производи од животинско потекло, преку информациониот систем за гранична ветеринарна инспекција или до негова целосна имплементација во пишана форма.

(9) Во случај кога пратката е одбиена-вратена поради добиени позитивни резултати од микробиолошки/хемиски лабораториски тестови, се пополнува и испраќа известување преку RASFF системот.

Член 70
Известување при враќање на пратката

(1) Доколку пратката со производи од животинско потекло не е во согласност со царинските прописи за влез во Република Северна Македонија, царинските служби за враќањето на пратката со производи од животинско потекло во пишана форма го известуваат официјалниот ветеринар на граничен премин.

(2) Официјалниот ветеринар на граничен премин во случаи од став (1) на овој член постапува согласно член 69 на овој правилник.

Член 71
Одобрување на повторен влез

(1) Одобрување на повторен влез на пратки со производи од животинско потекло по потекло од Република Северна Македонија кои се одбиени од надлежен орган на трета земја, се врши во случај кога:

1) официјалниот ветеринар од местото на потекло на пратката кој го издал првичниот ветеринарно-здравствен сертификат се сложил за враќање и примање на пратката и

2) пратката се превезува директно до објектите од каде била првично извезена.

(2) Може да се направи исклучок од ставот (1) на овој член во случај кога официјалниот ветеринар на граничен премин издал решение за уништување на пратките со производи од животинско потекло по потекло од Република Северна Македонија кои се одбиени од трети земји.

(3) Во случај кога пратките од ставот (1) на овој член се превезуваат во незапечатени контејнери, треба да бидат придружени со:

1) оригинален ветеринарно-здравствен сертификат или автентична копија од истиот издадена од официјалниот ветеринар од местото на потекло на пратката;

2) документ во пишана форма за причините за одбивање на пратката, издаден од надлежниот орган на третата земја од која е одбиена пратката;

3) писмена гаранција дека пратката била под надзор на надлежниот орган на третата земја од која е одбиена пратката издадена од надлежниот орган од местото на испраќање на пратката и

4) писмена гаранција дека превозното средство и начинот за превоз ги задоволува условите за превоз издадена од надлежниот орган од местото на испраќање на пратката.

(4) Во случај кога пратките од ставот (1) на овој член се превезуваат во запечатени контејнери, треба да бидат придружени со изјава во пишана форма дадена од лицето одговорно за превозот на пратката со која се потврдува дека со производите не било ракувано или биле растоварени.

Член 72
Преработка – Одобрување за употреба на производите од животинско потекло различно од она за кое биле првично наменети

(1) Доколку со проверката и прегледот се утврди дека пратката не може да се употреби за првичната намена, официјалниот ветеринар на граничен премин со решение може да дозволи преработка и употреба на производите од животинско потекло различна од онаа за која првично биле наменети.

(2) Официјалниот ветеринар на граничен премин решението од ставот (1) на овој член го издава врз основа на проценка на ризикот и во консултација со лицето одговорно за пратката.

(3) Во решението од ставот (1) на овој член официјалниот ветеринар на граничен премин го наведува објектот за преработка како крајна дестинација на пратката и начинот на преработка на производот од ставот (1) на овој член.

(4) Превозот на производите од животинско потекло до објектот за преработка се врши под надзор на официјален ветеринар и царинските служби како канализирана пратка.

(5) Официјалниот ветеринар на граничен премин ја известува Агенцијата за причините за издавањето на решението од ставот (1) на овој член, при што, ако е неопходно, може да одобри преработка и да го наведе начинот на преработка на производот.

(6) Официјалниот ветеринар на граничен премин, го известува официјалниот ветеринар надлежен за објектот за преработка, за издаденото решение за преработка на производите од животинско потекло, преку информациониот систем за гранична ветеринарна инспекција или до негова целосна имплементација во пишана форма со доставување на решение за преработка.

(7) Надзорот над преработката од ставот (1) на овој член го врши официјалниот ветеринар надлежен за објектот за преработка.

(8) Официјалниот ветеринар надлежен за објектот за преработка за извршената преработка издава потврда и копија од истата ја испраќа до официјалниот ветеринар на граничен премин кој го издал решението за преработка од став (1) на овој член и до Агенцијата.

(9) По извршената преработка од ставот (1) на овој член, официјалниот ветеринар на граничен премин ја известува Агенцијата за причините, начините и резултатите од преработката.

Член 73
Уништување

(1) Во случаи кога не можат да се применат одредбите од членовите 69 и 72 на овој правилник или постои сериозен ризик за јавното здравство и здравјето на животните, официјалниот ветеринар на граничен премин, донесува решение со кое се наредува уништување на пратката со производи од животинско потекло и копија од решението, доставува до:

1) лицето одговорно за пратката;

2) царинската служба на граничниот премин на влез на пратката;

3) надлежниот орган на третата земја на потекло на пратката и

4) официјалниот ветеринар кој го врши надзорот на уништувањето.

(2) При пополнувањето на решението од член 67 став (1) на овој правилник официјалниот ветеринар на граничен премин го наведува објектот за уништување како крајна дестинација на пратката.

(3) Официјалниот ветеринар на граничен премин во решението од ставот (1) на овој член го наведува начинот на уништување на пратката со производи од животинско потекло .

(4) Официјалниот ветеринар на граничен премин ја известува Агенцијата за причините за издавањето на решението од ставот (1) на овој член, при што, ако е неопходно, Агенцијата ја одобрува наредбата за уништување на производот.

(5) Превозот на производите од животинско потекло до објектот за уништување се врши под надзор од страна на официјален ветеринар и царинските служби како канализирана пратка.

(6) Надзорот на уништувањето од ставот (1) на овој член се врши од страна на официјален ветеринар надлежен за објектот за уништување или од страна на лице од објектот за уништување назначено како одговорно за уништувањето.

(7) Официјален ветеринар надлежен за објектот за уништување, за регуларноста на извршеното уништување издава потврда и копија од истата испраќа до официјалниот ветеринар на граничен премин кој ја издал наредбата за уништување и до Агенцијата.

(8) Официјалниот ветеринар на граничен премин ја известува Агенцијата за причините, начините и извршеното уништување.

Член 74

Известување при преработка или уништување на пратката

(1) Официјалниот ветеринар надлежен за објектот за преработка или уништување на пратката со производи од животинско потекло веднаш го известува во пишана форма официјалниот ветеринар на граничен премин за извршената преработка или уништување на пратката со производи од животинско потекло од членовите 72 и 73 на овој правилник.

(2) Како доказ за извршеното уништувањето на пратката, може да се користат и сметките за истовар или за уништување издадени од лицето одговорно за објектот за уништување на пратката пропратени со писмо од официјалниот ветеринар на граничен премин кое ги содржи податоците од став (1) на овој член.

(3) Потврдата или пропратното писмо треба целосно да ја опишува пратката со производи од животинско потекло како и количината на преработените или уништени производи од животинско потекло.

Член 75

Проверка и преглед при излез на пратките кои транзитираат

(1) При излез од Република Северна Македонија на пратки со производи од животинско потекло кои транзитираат, официјалниот ветеринар на граничен премин на граничниот премин на излез врши проверка и преглед на документи и идентитет на пратката со производи од животинско потекло.

(2) Официјалниот ветеринар на граничен премин на граничниот премин на излез го пополнува и заверува записникот и решението од член 67 став (1) од овој правилник и за тоа го известува официјалниот ветеринар на граничен премин на влез преку информациониот систем за гранична ветеринарна инспекција или до негова целосна имплементација со друг начин на комуникација (телефон, факс, писмо или e-mail и др.)

(3) Во случај најавените пратки да не се појават во одредениот временски рок на граничниот премин на излез, официјалниот ветеринар на граничен премин на граничниот премин на излез заедно со царинските службеници спроведува соодветна истрага.

ДЕЛ V

Евиденција за пратки со производи од животинско потекло кои се увезуваат и транзитираат

Член 76

Општи одредби

Официјалниот ветеринар на граничен премин при вршење на ветеринарните проверки и прегледи, води евиденција за пратки производи од животинско потекло кои се увезуваат и транзитираат.

Член 77

Податоци и документи за увезени пратки

(1) Документацијата за секоја увезена пратка, се состои од:

1) известување за пристигнување на пратка;
2) оригинален ветеринарно здравствен сертификат;
3) копија од целосно пополнет ВВДП;
4) дозвола за увоз, каде што е потребно;
5) декларација за ТСЕ;
6) копија од фактура или карго сметка;
7) копија од известувањето испратена до официјалниот ветеринар од крајната дестинација на пратката;
8) копија од пропратно писмо доставено до лабораторијата со кое се испратени примероците за изведување на соодветни лабораториски испитувања, каде што е потребно;
9) копија од добиените резултати од извршените лабораториски испитувања и
10) копија од известувањето за добиените резултати од извршените лабораториски испитувања, испратена до официјалниот ветеринар од крајната дестинација на пратката.

(2) Во случај на извоз на увезените пратки извозните документи треба да бидат поврзани со соодветната пратка, при што е потребно да се чуваат одделно од другите документи.

Член 78

Податоци и документи за пратки кои транзитираат

Документацијата за секоја пратка која транзитира, се состои од:

1) известување за пристигнување на пратка;
2) копија од ветеринарно здравствен сертификат;
3) копија од целосно пополнет ВВДП;
4) копија од фактура или карго сметка;
5) копија од известувањето испратена до официјалниот ветеринар на граничен премин на граничниот премин на излез на пратката и
6) потврда од член 74 став (2) на овој правилник со која се потврдува дека пратката излегла од третата земја.

Член 79

Податоци и документи за одбиени – вратени пратки

Документацијата за секоја одбиена – вратена пратка, се состои од:

1) известување за пристигнување на пратка;
2) копија од ветеринарно-здравствен сертификат и други документи;
3) копија од целосно пополнет ВВДП;
4) копија од фактура или карго сметка;
5) копија од известувањето испратено до царинските служби, аеродромските служби или службите на железницата;
6) копија од известувањето испратено до Агенцијата;
7) копија од добиени резултати од извршените лабораториски испитувања, доколку се извршени истите и
8) потврда од царинските служби за спроведеното враќање на пратката.

Член 80

Податоци и документи за преработени пратки

Документацијата за секоја преработена пратка, се состои од:

1) известување за пристигнување на пратка;
2) копија од ветеринарно-здравствен сертификат и други документи;
3) копија од целосно пополнет ВВДП;

4) копија од фактура или карго сметка;
5) копија од известувањето испратено до царинските служби, аеродромските служби или службите на железницата;
6) копија од известувањето испратена до Агенцијата;
7) доколку е добиена, копија од одобрувањето од официјалниот ветеринар надлежен за објектот за преработка и начинот на преработка на производот.
8) копија од добиени резултати од извршените лабораториски испитувања, доколку се извршени истите;
9) копија од известувањето испратена до официјалниот ветеринар надлежен за објектот за преработка на пратката и
10) потврда од официјалниот ветеринар надлежен за објектот за преработка на пратката за извршената преработка на пратката.

Член 81
Податоци и документи за уништени пратки

Документацијата за секоја уништена пратка, се состои од:
1) известување за пристигнување на пратка;
2) копија од ветеринарно-здравствен сертификат и други документи;
3) копија од целосно пополнет ВВДП;
4) копија од фактура или карго сметка;
5) копија од известувањето испратено до царинските служби, аеродромските служби или службите на железницата;
6) копија од известувањето испратена до Агенцијата;
7) копија од добиени резултати од извршените лабораториски испитувања, доколку се извршени истите;
8) копија од известувањето испратена до официјалниот ветеринар надлежен за објектот за преработка или уништување на пратката;
9) потврда од официјалниот ветеринар надлежен за објектот за преработка или уништување на пратката за извршената преработка или уништување на пратката и
10) доколку е применливо, сметките за истовар или за уништување издадени од лицето одговорно за објектот за уништување на пратката пропратени со писмо од официјалниот ветеринар на граничен премин од член 74 став (2) на овој правилник.

Член 82
Податоци и документи за канализирани пратки

Документацијата за секоја канализирана пратка, се состои од:
1) известување за пристигнување на пратка;
2) копија од ветеринарно-здравствен сертификат и други документи;
3) копија од целосно пополнет ВВДП;
4) копија од фактура или карго сметка;
5) копија од известувањето испратено до царинските служби, аеродромските служби или службите на железницата;
6) копија од известувањето испратена до Агенцијата;
7) копија од добиени резултати од извршените лабораториски испитувања, доколку се извршени истите;
8) копија од известувањето испратена до официјалниот ветеринар надлежен за објектот за преработка на пратката и
9) потврда од официјалниот ветеринар надлежен за објектот за преработка на пратката за извршената преработка на пратката.

Член 83
Податоци и документи за уништен отпад од животинско потекло од средства за превоз кои учествуваат во меѓународниот сообраќај

(1) Документацијата за уништен отпад од животинско потекло од средства за превоз кои учествуваат во меѓународен сообраќај, се состои од:
1) копија од записник за уништување со опис, количина и временски период за кој бил собран отпадот, издаден од страна на официјалниот ветеринар на граничен премин и
2) копии на товарните сметки или фактури издадени од компанијата/сервисот одговорен за собирање и уништување на отпадот.
(2) Документацијата од ставот (1) точка 2) на овој член треба да содржи податоци за:
1) описот и количината на уништениот отпад;
2) временскиот период за кој уништениот отпад бил собран и
3) датумот, начинот на уништување и податоци за одобрениот објект за уништување.

ДЕЛ VI
УВОЗ И ТРАНЗИТ НА ЧАПУНКАРИ, КОПИТАРИ, ПЧЕЛИ, БУМБАРИ И ДРУГИ ЖИВОТНИ

Глава I
Увоз и транзит на копитари и чапункари

Член 84
Увоз на копитари и чапункари

Пратките на копитари и чапункари можат да се увезат во Република Северна Македонија доколку:
1) доаѓаат од трети земји, територии или делови од нив наведени во Прилог 6 Дел 1 колони 1, 2 и 3 кој е составен дел на овој правилник, за кој има модел ветеринарен сертификат што одговара на засегнатата пратка наведена во Прилог 6 Дел 1 колона 4 на овој правилник;
2) се придружени со соодветен ветеринарен сертификат, подготвени во согласност со релевантниот модел ветеринарен сертификат утврден во Прилог 7 на овој правилник, земајќи го предвид специфични услови од Прилог 6 Дел 1 колона 6 на овој правилник, а кој го пополнува и потпишува од официјален ветеринар на третата земја извозник;
3) тие се во согласност со барањата утврдени во ветеринарното здравство сертификат од точка 2) од овој член, вклучувајќи:
(а) дополнителните гаранции утврдени во тој сертификат, согласно Прилог 6 Дел 1 колона 5 на овој правилник;
(б) било какви дополнителни барања од ветеринарниот сертификат кои можат да бидат применети во согласност со прописите од областа на ветеринарното законодавство кои се вклучени во сертификат.

Член 85
Одобрени трети земји за увоз и транзит

(1) Увоз и транзит на копитари и чапункари во и низ територијата на Република Северна Македонија се врши само од одобрени трети земји кои се наоѓаат на Листата на трети земји за увоз во Република Северна Македонија дадена во Прилог 6 Дел 1 и 2 на овој правилник.
(2) Ветеринарно-здравствените сертификати кои ја придружуваат пратката од одобрени трети земји од став (1) на овој член како и формата на образецот се дадени во Прилог 7 Дел 1 и 2 на овој правилник.

(3) Во зависност од здравствениот статус на животните и гаранциите кои третата земја ги дава за животните наведени во Листата на одредени живи копитари и чапункари дадена во Прилог 8 на овој правилник може да се дозволи увоз на живи копитари и чапункари од целата територија или од дел од територија на трета земја.

(4) При одобрувањето на трети земји за увоз и транзит, од став (1) од овој член, во предвид се зема и исполнувањето на соодветните меѓународни стандарди од страна на третата земја, како и:

- начинот на кој третата земја истите ги применува;
- принципите на регионализација на територија на таа трета земја и
- условите за увоз кои се на сила во третата земја.

(5) Увозот и транзитот од став (1) од овој член на овој правилник може да биде времено повлечен или укинат, во зависност од здравствената состојба на животните во таа трета земја.

Член 86

Постапка за изготвување на листа на одобрени трети земји

При изготвување на Листата на одобрени трети земји од член 85 став (1) на овој правилник или нејзина измена се зема во предвид:

1) здравствената состојба на животните во третата земја кои се предмет на овој правилник, присуството на егзотичните болести како и општата состојба на здравјето на населението и на животната средина во таа трета земја, која може да представува ризик по здравјето на луѓето и животната средина во Република Северна Македонија;

2) законодавството на третата земја со кое се регулира здравствената состојба и благосостојбата на животните;

3) организираноста на надлежните органи и инспекциските служби на третата земја во областа на ветеринарното здравство за ефективно применување на законодавството, нивните надлежности, контролата на која подлежат и средствата кои им стојат на располагање, вклучувајќи го персоналот и капацитетот на лабораториите;

4) гаранциите кои надлежниот орган на третата земја може да ги даде во однос на усогласеноста или еквивалентноста со соодветните услови за здравствена состојба на животните пропишани во Република Северна Македонија;

5) членството на третата земја во Светската организација за здравствена заштита на животните (во понатамошниот текст: OIE), редовноста и брзината на протокот на информации од страна на третата земја во однос на појавата на инфективни или заразни болести кај животните на нејзината територија, посебно за оние болести кои се наоѓаат на листата на OIE;

6) гаранциите кои третата земја ги дава кон Република Северна Македонија за непосредно известување, и тоа:

а) во рок од 24 часа од потврдувањето на појава на некоја од болестите наведени во Прилог 9 кој е составен дел на овој правилник и секоја промена во примената на вакцинација за тие болести;

б) во рок од седум дена, за секоја промена во прописите од областа на ветеринарно здравство на третата земја за здравствената состојба на животните, посебно во делот кој се однесува на увозот од други трети земји;

в) во редовни тримесечни интервали, доколку Агенцијата не побара пократок временски рок, за здравствената состојба на животните на нејзината територија;

7) искуствата од претходно увезените живи животни од таа трета земја и добиените резултати од извршените контроли при увоз од таа земја;

8) резултатите од инспекцијата спроведена во таа трета земја, од страна на Агенцијата или Европската комисија, а посебно резултатите од:

- извештаите на надлежниот орган на третата земја за извршените инспекции,
- проценката на стручноста на надлежниот орган на таа трета земја или
- извештаите од контролите спроведени од надлежната служба на Европската унија за спроведување на аудит и анализи на здравјето и храната (Health and Food Audits and Analysis) за таа трета земја и

9) прописите за превенција и контрола на инфективни или заразни болести кај животните кои се на сила во третата земја, прописите за увоз од други трети земји и нивна имплементација.

Член 87

Увоз и транзит од одобрени трети земји

(1) При увоз и транзит на живи животни од одобрени трети земји во и низ територијата на Република Северна Македонија, при анализа на посебните ризици во однос на здравствената состојба на животните се зема во предвид:

1) видот на животните;
2) полот и возраста на животните;
3) намената на животните;
4) мерките кои ќе се применат по нивниот увоз во Република Северна Македонија и
5) посебните прописи кои се однесуваат на внатрешниот промет со живите животни.

(2) Анализата на ризик во однос на здравствената состојба на живите животни од став (1) од овој член, се одредува врз основа на прописите од областа на ветеринарното здравство за болести на кои живите животни се приемчиви.

(3) Во случај кога третата земја доставува официјални гаранции за здравствената состојба на живите животни, кои се еквивалентни на прописисте за здравствена заштита и одобрени од страна на Агенцијата, анализата на ризикот во однос на здравствената состојба на животните може да се одреди врз основа на тие гаранции.

Член 88

Гаранции од одобрени трети земји за увоз

Увозот на живи животни наведени во Прилог 8 на овој правилник се врши само од одобрени трети земји кои можат да ги обезбедат следните гаранции:

1) да доаѓаат од територија слободна од болести, во согласност со Прилог 9 на овој правилник, во која е забрането внесување на живи животни вакцинирани за една или повеќе од болестите наведени во Прилог 9 на овој правилник;

2) да ги исполнуваат посебните барањата за здравствена состојба во согласност со одредбите од член 87 на овој правилник;

3) пред натоварот за испраќање во Република Северна Македонија, да престојуваат на територијата на одобрената трета земја во период кој е утврден во согласност со одредбите од член 103 на овој правилник;

4) пред да бидат испратени во Република Северна Македонија, да бидат прегледани од страна на официјален ветеринар од третата земја извозник кој ја утврдува нивната здравствена состојба и усогласеноста со условите за транспорт согласно прописите за заштита и благосостојба на живите животни, а особено во однос на напојување и исхрана на живите животни;

5) да бидат придружени со ветеринарно-здравствен сертификат, согласно член 11 на овој правилник и

6) пред влез на територијата на Република Северна Македонија, да бидат прегледани на ветеринарно инспекциско место на граничен премин во согласност со овој правилник.

Член 89

Исклучок во однос на гаранциите дадени од одобрена трета земја

(1) Гаранциите од одобрена трета земја утврдени во членовите 87 и 88 на овој правилник, вклучувајќи го и ветеринарно-здравствениот сертификат за увоз или транзит на живи животни од трети земји одобрен согласно член 85 став (1) на овој правилник, не се применуваат, при што може да побараат посебни гаранции вклучувајќи и образец на ветеринарно-здравствениот сертификат за увоз или транзит, во случај кога живите животни:

1) се напасуваат или се наменети за влеча, за определено време, во близина на границата на Република Северна Македонија;

2) се наменети за спортски настани, цикруси, претстави и изложби, но не се користат за комерцијални цели или промет во Република Северна Македонија;

3) се наменети за зоолошки градини, забавни паркови, експериментални лаборатории, одобрени тела, одобрени институти или одобрени центри во Република Северна Македонија;

4) исклучиво транзитираат, преку територијата на Република Северна Македонија низ ветеринарно инспекциско место на граничен премин на влез и излез, при што транзитот е одобрен и е под надзор на официјален ветеринар и царинските служби без запирање на територијата на Република Северна Македонија, освен за потребите за благосостојба на живите животни;

5) го придружуваат нивниот сопственик како домашни миленици;

6) припаѓаат на загрозени видови живи животни и

7) истите се пријавени на ветеринарно инспекциско место на граничен премин на влез по напуштањето на територијата на Република Северна Македонија:

а) во период од 30 дена во случај на точките 1), 2) и 5) од овој став, или

б) транзитираат низ трета земја.

(2) По исклучок од одредбите од член 88 точка 1) на овој правилник и во согласност со прописите од областа на ветеринарното здравство Агенцијата може да побара исполнување на дополнителни услови за увоз или транзит на живи животни од одобрени трети земји каде има присуство на некоја од болестите наведени во Прилог 9 на овој правилник и/или се врши вакцинација против тие болести.

(3) Во случаи од став (2) на овој член, Агенцијата ги зема во предвид:

1) меѓународните стандарди од областа на ветеринарното здравство;

2) појавата на жариште или поголем број на епизоотиолошки поврзани жаришта на некоја од болестите наведени во Прилог 9 на овој правилник во географски ограничена област во одобрена трета земја или регион и

3) појавата на жариште или жаришта на болести ефикасно е спроведена ерадикација на истите во најкраток временски период.

Член 90

Физичка проверка на живи копитари и чапункари на граничен премин

(1) Официјалниот ветеринар на граничен премин при увоз врши физичка проверка на живи копитари и чапункари кои треба да се истоварени на местото на гранична контрола во негово присуство.

(2) Животните се предмет на инспекција во врска со нивното способност за патување и на клиничко испитување, кое може да вклучува и земање на примероци. Испитувањата и собирањето на примероци се врши во согласност со одредбите од членовите 20, 21 и 22 на овој правилник.

(3) Примероците се испраќаат во лабораторија одобрена од Агенцијата за проверка на усогласеноста со барањата на ветеринарно-здарвствениот сертификат.

(4) За секој земен примерк треба да бидат забележени следниве информации:

1) референтен број на ветеринарно-здарвствениот сертификат и сериски број дадена од граничната инспекција на пратката,

2) идентификациски број на животното,

3) бараниот лабораториски тест,

4) резултат на тестот и било какви последователни активности,

5) целосна адреса на крајната дестинација на пратката.

(5) Клиничкото испитување наведено во став (2) на овој член се состои од визуелен преглед на сите животни. Животните наменети за размножување или производство исто така треба да бидат подложени на клиничко испитување, како што е утврдено во членовите 20, 21 и 22 на овој правилник, на најмалку 10% од животните со најмалку десет животни, кои треба да бидат избрани за да бидат претставници на целата пратка. Каде пратката содржи помалку од десет животни, проверките треба да бидат извршени на секое животно во пратката.

(6) Животните наменети за колење, се предмет на клинички испитување, како што е утврдено во членовите 20, 21 и 22 на овој правилник, најмалку 5% од животните со најмалку пет животни, кои треба да бидат избрани така што ќе бидат претставници на целата пратка. Каде што пратката содржи помалку од пет животни, проверките треба да бидат извршени на секое животно во пратката.

(7) Бројот на животните од ставовите (5) и (6) на овој член треба да се зголеми и може да го достигне вкупниот број на засегнатите животни, ако првичните извршени проверки не се задоволителни.

(8) Пратката со живи копитари чапункари се задржува на граничен премин до добивање на резултатите од лабораторијата за проверки во случаи на сомневање.

Член 91

Ветеринарно-здравствен сертификат за увоз

Ветеринарно-здравствениот сертификат потребен за увоз на живи животни, наведени во оваа Глава од овој правилникот, треба да биде изготвен во согласност со член 11 на овој правилник, при што не се исклучува можноста за употреба на електронски сертификат или некој друг договорен систем за сертификација.

Член 92

Увоз на копитари и чапункари наменети за одобрено тело, институт или центар

(1) По исклучок од член 84 на овој правилник, може да се одобри увоз на пратки на копитари и чапункари од видовите наведени во Прилог 8 на овој правилник

на територијата на Република Северна Македонија, кога тие пратки се наменети за одобрено тело, институт или центар, доколку:

1) е извршена проценка на здравствените ризиците кои секое од животните од пратката може да го претставува за Република Северна Македонија;

2) засегнатите пратки доаѓаат од трета земја, територија или дел од неа што е вклучена во една од списоците утврдени во:

а) Прилог 6 Дел 1 и Прилог 6 Дел 4 на овој правилник,

б) Прилог 6 Дел 2, Прилог 6 Дел 5, Прилог 6 Дел 6, Прилог 6 Дел 7 и Прилог 6 Дел 10 на овој правилник,

в) животните потекнуваат од тело, институт или центар во трета земја, територија или дел од неа, наведени во точка (а) од овој став, кои се вклучени во листата утврдена во согласност со член 5 на овој правилник;

г) животните биле ставени во карантин во објект заштитен од вектори во просториите на телото, институтот или центарот од точка (в) од овој став за периодот што е пропишан во релевантните сертификати;

д) животните се пренесуваат директно во одобрено тело, институт или центар;

(ѓ) животните се придружени со соодветен ветеринарен сертификат, подготвен во согласност со релевантниот модел на ветеринарен сертификат наведени во Прилозите 7 и 8 на овој правилник;

(е) животните се во согласност со барањата утврдени во моделот на ветеринарно здравствен сертификат наведени во алинеја (ѓ) од оваа точка.

(2) Кога исклучителни околности не дозволуваат усогласување со точките (в) и (г) од став (1) на овој член, може да се одобри воведување на копитари и чапункари од видовите наведени во табелите во Прилог 8 на овој правилник од други одгледувалишта кои не ги исполнуваат условите утврдени во тие точки, под услов да се исполнети барањата утврдени во алинеите (а), (б) и (д) до (е) од став (1) на овој член, како и доколку следните дополнителни услови се исполнети:

1) претходно е доставено барање за дозвола од страна на сопственикот или физичко лице кое го застапува тој сопственик, кое е одобрено по извршена проценка на ризикот што укажа дека воведувањето на животните не претставуваат ризик за здравјето на животните во Република Северна Македонија и

2) животните биле ставени под официјален надзор во карантин во третата земја, територија или дел од истата на потекло, за време потребно за да ги исполнат условите за здравствена заштита на животните утврдени во моделот на ветеринарен сертификат во став (1) точка 2) алинеја (ѓ) од овој член и тоа:

(а) на место одобрено од надлежниот орган на третата земја, територија или дел од истата на потекло на животните;

(б) во согласност со постапките пропишани во дозволата кои треба да ги обезбедат најмалку истите гаранции како во точките (а), (б) и (д) до (е) од став (1) на овој член.

Доколку животните се увезуваат во Република Северна Македонија во согласност со алинејата (а) од оваа точка, тие се стават во карантин во одобрено тело, институт или центар на дестинација за најмалку шест месеци од моментот на воведувањето во Република Северна Македонија, во текот на кој период се применуваат одредбите од член 69 од Законот за ветеринарно здравство.

Член 93

Транзит на копитари и чапункари наменети за одобрено тело, институт или центар

(1) Транзитот на копитарите и чапункарите наменети за одобрено тело, институт или центар на овој правилник преку територијата на Република Северна Македонија е дозволен само ако тоа е одобрено од страна на Агенцијата.

(2) Транзитот на животните од став (1) на овој член може да се дозволи само доколку се во согласност со член 84 на овој правилник и врз основа на проценка на ризикот кој е направен во поглед на информациите доставени од земјата на нивна дестинација.

Член 94

Одобрени тела, институти или центри во трети земји, територии и нивни делови

(1) По процена на усогласеноста со условите од став (2) на овој член, увозот на копитари и чапункари од трети земји, територии и нивни делови може да се одобри од одобрено тело, институт или центар согласно член 92 став (1) на овој правилник.

(2) Телото, институтот или центарот во третата земја, територија или нејзин дел треба да се:

1) во согласност со барањата утврдени во Прилог 23 Дел 1 на овој правилник;

2) одобрени од надлежен орган на третата земја, територија или дел од неа, каде што е лоцирано тоа тело, институт или центар и

3) има обезбедено доволно гаранции од надлежниот орган на третата земја, територија или дел од неа дека се исполнети условите за одобрување на тела, институти или центри утврдени во Прилог 23 Дел 2 на овој правилник.

Член 95

Собирни центри за одредени пратки на копитари и чапункари

(1) Пратките од копитари и чапункари кои имаат живи животни од повеќе од едно одгледувалиште, се увезуваат само доколку се собрани во собирни центри одобрени од надлежниот орган на третата земја, територија или дел од неа на потекло на животните во согласност со барањата за одобрување на собирни центри.

(2) Пратките на копитари и чапункари увезени во согласност со членовите 3 и 6 од овој правилник, не потекнуваат од повеќе од едно одгледувалиште и не се собираат во собирни центри.

Член 96

Протоколи за стандардизација на материјали и земање примероци и процедури за тестирање на копитари и чапункари

Каде земањето примероци и тестирањето се бараат од ветеринарните сертификати од Прилог 6 Дел 1 колона 4 на овој правилник за туберкулоза, бруцелоза кај говедата, бруцелоза кај овците и козите, ензоотска бовина леукоза и болест на плав јазик, за увоз на пратки на копитари и чапункари, таквото земање примероци и тестирање се превезуваат надвор од или под контрола на надлежниот орган на третата земја на потекло во согласност со протоколите за стандардизација на материјалите и постапките за тестирање.

Член 97
Увоз на одредени пратки на копитари и чапункари

(1) По увозот, пратките на копитари и чапункари, освен оние од член 3 на овој правилник, се пренесуваат во заштитени од вектори превозни средства без одлагање до одгледувалиштето на дестинација. Копитарите и чапункарите треба да останат на тоа одгледувалиште за период од најмалку 30 дена, освен ако не се испраќаат директно во кланица.

(2) По увоз на пратките на копитари и чапункари наменети за итно колење се пренесуваат без одлагање во кланицата на дестинација каде што ќе бидат заклани во рок од пет работни дена од денот на пристигнувањето во кланицата.

Член 98
Транзитот низ трети земји на одредени пратки на копитари и чапункари

Со цел да се дозволи пратките на копитарите и чапункарите да транзитираат низ трета земја, територија или дел од неа, која е наведена во табелата во Прилог 6 Дел 1 на овој правилник, но за која не постои соодветен модел на ветеринарно здравствен сертификат за пратките на засегнатите копитари и чапункари наведени во колона 4 од таа табела, се применуваат следниве услови:

1) за говеда за гоење:

а) одгледувалиштата на крајна дестинација да се назначат претходно од Агенцијата;

б) живите животни што ја составуваат пратката не се преселени од одгледувалиштетео на крајна дестинација, освен за итно колење;

в) сите движења на живите животни во и надвор од одгледувалиштето на крајна дестинација се вршат под контрола на Агенцијата се додека животните кои ја сочинуваат пратката се чуваат на одгледувалиштето.

2) за копитари и чапункари за итно колење, се применува член 97 став (2) на овој правилник.

Член 99
Постапување со пратки на копитари и чапункари наменети за одобрени тела, институти или центри по увоз

(1) По увоз, пратките на копитари и чапункари наменети за одобрени тела, институти или центри, се транспортираат без одлагање до одобреното тело, институт или центар на дестинација во транспортни средства што се заштитени од вектори и кои се конструирани така што животните не може да избегаат, а изметот, урината, отпадоците, храна за животни, отпадоците или друг материјал не можат да истекуваат или да паднат од возилото или контејнерот за време на транспортот.

(2) Животните се чуваат во карантин во објекти заштитени од вектори во просториите на одобреното тело, институт или центар најмалку 30 дена. По карантинскиот период од 30 дена животните може да се пренесат во друго одобрено тело, институт или центар.

(3) Животните внесени во одобрено тело, институт или центар може да се пренесат само во дестинација која не е одобрено тело, институт или центар доколку:

1) поминало најмалку шест месеци од времето на увоз и

2) животните што се чуваат во одобрено тело, институт или центар, ќе ги напуштат овие установи само ако се наменети за друго одобрено тело, институт или центар. Ако не се наменети за одобрено тело, институт или центар, животните треба само да заминат во согласност со барањата на Агенцијата за да се осигура дека нема ризик од евентуално ширење на болести.

(4) По исклучок од став (3) на овој член, животните можат да го напуштат одобреното тело, институтот или центарот пред истекот на шестмесечниот период предвиден во тој став, само кога:

1) животните се извезуваат во трета земја, територија или дел од неа и

2) за целите на нивниот извоз како што е наведено во точка 1) од овој став животните се превезуваат со транспортни средства што се заштитени од вектори и конструирани така што животните не можат да избегаат, а изметот, урината, отпадоците, храната за животни, отпадоците или друг материјал не можат да истекуваат или да паднат од возилото или контејнерот за време на транспортот.

Глава II
Здравствена состојба за увоз на копитари од трети земји

Член 100
Увоз на копитари

(1) Увозот на копитари се врши во согласност со одредбите од овој член и членовите 101, 102, 103, 104 и 105 на овој правилник, при што копитарите треба да потекнуваат од трети земји или делови од трети земји наведени во Прилог 6 Дел 2 колона 2 и 4 на овој правилник и се наменети за:

1) привремен внес, доколку се регистрирани коњи, како што е наведено во Прилог 6 Дел 2 колона 6 од овој правилник;

2) повторен увоз по привремен извоз, доколку се регистрирани коњи за трка, натпревар или културен настан, согласно Прилог 6 Дел 2 колона 7 од овој правилник;

3) увоз, доколку се регистрирани коњи, согласно Прилог 6 Дел 2 колона 8 од овој правилник;

4) увоз, доколку се копитари наменети за колење, согласно Прилог 6 Дел 2 колона 9 од овој правилник;

5) увоз, доколку се регистрирани копитари и копитари наменети за размножување и производство, согласно Прилог 6 Дел 2 колона 10 од овој правилник.

(2) Увозот на копитари се врши доколку е исполнето следното:

1) барања за здравствена заштита наведени во соодветниот образец на ветеринарно - здравствен сертификат согласно Прилог 7 Дел 2 на овој правилник во однос на категоријата на копитари, видот на увозот и санитарната група, согласноПрилог 6 Дел 2 колона 5 на овој правилник, на која е назначена третата земја или дел од неа;

2) дополнителни гаранции или услови согласно Прилог 6 Дел 2 колона 15 од овој правилник;

3) копитарите не треба да бидат натоварени во средства за транспорт заедно со други копитари кои не се наменети за увоз во Република Северна Македонија;

4) копитарите не треба да бидат транспортирани во средства за транспорт заедно со копитари со понизок здравствен статус;

5) за време на транспортот, копитарите не треба да бидат истоварени на територија на трета земја или дел од територија на трета земја која не е одобрена за увоз на копитари во Република Северна Македонија;

6) за време на транспортот, копитарите не треба да минуваат по копнен пат низ територија или дел од територија на трета земја која не е одобрена за најмалку еден тип на увоз и најмалку една категорија на копитари;

7) копитарите треба да пристигнат на ветеринарно инспекциско место на граничен премин на влез во Република Северна Македонија во рок од десет дена од

денот на натоварот и треба да бидат придружени со ветеринарно-здравствен сертификат од третата земја извозничка и

8) при транспорт на копитарите по морски пат, рокот од став (2) точка 7) од овој член може да се продолжи за период на времетраење на патувањето по море.

Член 101

Изготвување на листа на трети земји

(1) Листата на трети земји од кои е одобрен увозот на копитари во Република Северна Македонија е дадена во Прилог 6 Дел 2 на овој правилник.

(2) Агенцијата при изготвување на листата од став (1) на овој член ја зема во предвид здравствената состојба на копитарите и гаранциите дадени од третата земја.

(3) Во листата од став (1) на овој член се наведува дали увозот на копитарите се однесува на цела територија или само на дел од територијата на третата земја.

(4) Изготвувањето на листата на трети земји од кои е одобрен увоз на копитари се врши врз основа на важечките меѓународни стандарди, како и начинот на кој третата земја ги применува истите, посебно во однос на принципите за регионализација на сопствената територија и условите за здравствена заштита за увоз кои се пропишани за увоз од други трети земји.

(5) При изготвување или измена на листата од став (1) од овој член се зема во предвид:

1) здравствената состојба на копитарите, другите домашни и диви животни во третата земја извозничка, посебно состојбата со егзотични болести, општата здравствена состојба на животните и состојбата на животната средина на третата земја извозничка што би можело да представува ризик за здравјето на животните и животната средина во Република Северна Македонија;

2) прописите на третата земја во однос на здравствената заштита и благосостојба на животните;

3) организацијата на ветеринарната служба и инспекциските служби, нивните надлежности, надзорот кој над нив се спроведува, и средствата кои им стојат на располагање, вклучувајќи ги и лабораториските капацитети, за ефективна примена на националното законодавство на третата земја;

4) гаранциите кои надлежниот орган на третата земја може да ги даде во однос на усогласеноста или еквивалентноста со прописите од областа на ветеринарното здравство за здравствена заштита на животните;

5) членството на третата земја во OIE, редовноста и брзината на протокот на информации од страна на третата земја во однос на појавата на инфективни или заразни болести кај копитарите на нејзината територија, посебно за оние болести кои се наоѓаат на листата на OIE и во Прилог 10 Дел 1 кој е составен дел на овој правилник;

6) гаранциите кои третата земја ги дава на Република Северна Македонија за непосредно известување, и тоа:

(а) во рок од 24 часа од потврдувањето на појава на некоја од болестите наведени во Прилог 10 Дел 1 на овој правилник и секоја промена во примената на вакцинација за тие болести;

(б) во рок од седум дена, за секоја промена во националните прописи од областа на ветеринарното здравство на третата земја за здравствена состојба на копитарите, посебно во делот кој се однесува на увозот од трети земји и

(в) во редовни тримесечни интервали, доколку Агенцијата не побара пократок временски рок, за здравствената состојба на копитарите на територијата на третата земја;

7) искуствата од предходните увози на живи копитари од третата земја и резултатите од контролите извршени над тие пратки;

8) резултатите од инспекцијата и/или увидот спроведен во таа трета земја, посебно резултатите од извештаите на надлежниот орган на третата земја за извршените контроли, или, проценката на компетентноста на надлежниот орган на таа трета земја, или, извештаите од контролите спроведени од надлежната служба на Европската Унија за спроведување на аудит и анализи на здравјето и храната (Health and Food Audits and Analysis) за таа трета земја и

9) прописите за превенција и контрола на инфективни или заразани болести кај животните кои се на сила во третата земја и нивното спроведување, како и одредбите за увоз на копитари од други трети земји.

Член 102

Здравствена состојба на копитари наменети за увоз

При увоз, копитарите треба да доаѓаат од трети земји кои се:

1) слободни од болеста чума кај копитари;

2) најмалку две години слободни од болеста венецуелски енцефаломиелитис кај копитари (во понатамошниот тескст: VEE) и

3) најмалку шест месеци слободни од болестите дурина и малеус.

Член 103

Место на потекло

(1) Копитарите, треба, пред да бидат натоварени за увоз во Република Северна Македонија, да престојувале без прекин на територијата или дел од територијата на третата земја, во период од најмалку шест месеци.

(2) Копитарите треба да доаѓаат од огледувалиште кое е под постојан ветеринарен надзор на надлежните служби на третата земја.

Член 104

Дополнителни барања за увоз на копитари

(1) Увоз на копитари од територија или дел на територија на трета земја која се наоѓа на листата изготвена во согласност со член 101 став (1) на овој правилник, може да се врши само ако копитарите, покрај барањата наведени во член 102 на овој правилник:

1) ги исполнуваат барањата за здравствена заштита, за соодветниот вид и категорија на копитари врз основа на прописите од областа на ветеринарното здравство и

2) во случај кога во последните шест месеци третата земја не е слободна од везикуларен стоматитис или вирусен артеритис, треба да ги исполнат следните барања:

(а) да доаѓаат од одгледувалиште кое најмалку во последните шест месеци е слободно од везикуларен стоматитис и да дадат негативна реакција на серолошкиот тест на везикуларен стоматитис пред да бидат испратени во Република Северна Македонија и

(б) во случај на вирусен артеритис машките единки треба да дадат негативна реакција на серолошки тест или на тест на излолација на вирусот или на некој друг тест кој гарантира дека животните се слободни од вирусот.

(2) Регионализацијата на Јужна Африка, во однос на привремено внесување и увоз на регистрирани коњи во Република Северна Македонија, ќе се применува во согласност со дополнителните барања од Прилог 11 кој е составен дел на овој правилник.

Член 105
Ветеринарно-здравствен сертификат за увоз

Ветеринарно-здравствениот сертификат потребен за увоз на живи животни, наведени во оваа Глава на овој правилник, треба да биде изготвен во согласност со член 11 на овој правилник, при што не се исклучува можноста за употреба на електронски сертификат или некој друг договорен систем за сертификација.

Член 106
Постапка со увезени копитари

(1) По пристигнувањето на ветеринарно инспекциско место на граничен премин на влез во Република Северна Македонија, копитарите наменети за колење треба да бидат пренесени директно во објект за колење или преку добиточен пазар, и во согласност со барањата за здравствена состојба на животните, треба да бидат заклани во рок од најмногу три дена од влезот, освен ако при увозот не е одреден пократок период од страна на Агенцијата.

(2) Во зависност од здравствената состојба на животните, Агенцијата може да одреди објект за колење во кој копитарите треба да бидат испратени.

Глава III
Здравствена состојба за увоз од трети земји на други видови животни

Член 107
Увоз на други видови животни

(1) Здравствената состојба при увоз на животни наведени во Прилог 12 кој е составен дел на овој правилник треба да биде во согласност со прописите од областа на ветеринарното здравство за здравствена состојба на животните за внатрешен промет.

(2) Здравствената состојба при увоз на мачки, кучиња и ласици, треба да биде во согласност со Правилник за начинот и постапката за транзит, начинот и постапката на проверките и прегледот на пратките во транзит и начинот и постапката за увоз на домашни миленици (*2).

(3) Со ветеринарно-здравствениот сертификат кој ги придружува животните од став (1) на овој член треба да се потврди дека овластен ветеринар од страна на надлежниот орган на третата земја извршил клинички преглед на животните 24 часа пред испраќањето, при што е утврдено дека животните се во добра здравствена состојба и се во можност да го издржат патувањето.

(4) Увоз на пратки до одредени видови на птици се врши согласно член 173 на овој правилник.

(5) Увоз на пратки со пчели и бумбари се врши согласно член 109 и 110 на овој правилник.

(6) Увоз на мачки, кучиња и ласици се врши од територија или дел на територија на трета земја која се наоѓа на листата дадена во Прилог 6 Дел 11 на овој правилник или од трети земји утврдени во Прилог 6 Дел 4 на овој правилник при што пратките на живи животни треба да бидат придружени со ветеринарно-здравствен сертификат изготвен согласно образецот даден во Прилог 7 Дел 20 на овој правилник.

(7) Образецот на ветеринарно-здравствениот сертификат кој ја придружува пратката со одредени видови преживари наведени во Прилог 12 на овој правилник е даден во Прилог 7 Дел 20 на овој правилник.

Член 108
Изготвување на листа на трети земји

(1) Увозот на животни наведени во Прилог 12 на овој правилник може да се врши, доколку животните:

1) доаѓаат од трета земја која се наоѓа на листата изготвена согласно став (2) од овој член и е одобрена од страна на Агенцијата,

2) се придружени со ветеринарно-здравствен сертификат во согласност со прописите од областа на ветеринарното здравство, потпишан од овластен ветеринар од надлежниот орган на земјата извозничка со кој се потврдува дека животните ги исполнуваат условите или нудат еквивалентни гаранции наведени во став (2) на овој член и доаѓаат само од одобрени центри, тела, институти или собирни центри кои нудат такви гаранции.

(2) Листата од став (1) точка 1) од овој член може да вклучи трети земји или делови од трети земји:

1) од кои не е забранет увозот:

а) како резултат на присуство на болести наведени во Прилог 10 Дел 2 на овој правилник или на некоја друга болест која е егзотична за Република Северна Македонија и

б) согласно прописите од областа на ветеринарно здравство за здравствена заштита на животните;

2) кои согласно прописите на земјата и организацијата на нивните ветеринарни и инспекциски служби, нивните надлежности и надзорот кој над нив се спроведува, се оценети како подобни да го гарантираат спроведувањето на нивните прописи;

3) чија ветеринарна служба може да гарантира дека постои усогласеност со прописите од областа на ветеринарното здравство за внатрешен промет и здравствена заштита на животните.

Член 109
Ветеринарно-здравствен сертификат за увоз

Ветеринарно-здравствениот сертификат потребен за увоз на живи животни, наведени во оваа Глава на овој правилник, треба да биде изготвен во согласност со член 8 на овој правилник, при што не се исклучува можноста за употреба на електронски сертификат или некој друг договорен систем за сертификација.

Глава IV
Увоз на пчели и бумбари

Член 110
Увоз на пчели и бумбари

(1) Увозот на пчели и бумбари (ред Hymenoptera, фамилија Apidae, видови Apis mellifera и Bombus spp.) се врши согласно членовите 107, 108 и 109 од овој правилник и доколку истите:

1) доаѓаат од трети земји или територии кои се дадени во Прилог 6 Дел 3А од овој правилник и

2) појавата/присуството на болестите/паразитите Американски гнилеж, мал молец Aethina tumida и Tropilaelaps крлежот (Tropilaelaps spp.) задолжително се пријавуваат во третата земја или нејзина територија.

(2) По исклучок на став (1) точка 1), пратките со пчели може да се увезат во Република Северна Македонија од дел на трета земја или територија наведена во Прилог 6 Дел 3А од овој правилник која е:

1) географски и епидемиолошки изолиран дел на трета земја, или

2) територија на листата во Прилог 6 Дел 3 Б колона 3 од овој правилник.

(3) Во случај на став (2) точка 2), не се врши увоз на пчели од други делови на истата трета земја или територија кои не се наведени во Прилог 6 Дел 3 Б од овој правилник.

(4) Увозот на пчели и бумбари од став (1) на овој член, се врши само доколку

1) кошниците со матици (Apis mellifera и Bombus spp.) се ограничени на максимално 20 пчели и една матица по кошница, или

2) контејнерите со бумбари (Bombus spp.) се ограничени на максимално 200 возрасни бумбари една колонија од максимално 200 возрасни бумбари по контејнер и

3) се придружени со ветеринарно-здравствен сертификат, кој е во согласност со образецот даден во Прилог 7 Дел 3 од овој правилник и се во согласност со гаранциите пропишани во истите обрасци на ветеринарно-здравствените сертификати.

Член 111

Постапка со увезени пчели и бумбари

(1) Пратките со матици наведени во член 110 став (4) точка 1) од овој правилник се спроведуваат без одложување до одредената крајна дестинација, каде матиците се сместуваат под надзор на официјален ветеринар и се префрлаат во нови кошници пред да се воведат во локалните колонии.

(2) Кошниците и другиот помошен материјал, кои ги придружуваат матиците од третата земја на потекло, се праќаат во лабораторија, определена од Агенцијата, за испитување за присуство на:

1) малиот молец (Aethina tumida), негови јајца или ларви и

2) знаци на присуство на Tropilaelaps крлежот.

(3) По лабораториското испитување од став (2) на овој член, целиот материјал се уништува.

(4) Пратките со бумбари од член 110 став (4) точка 2) од овој правилник се спроведуваат без одложување до одредената крајна дестинација, каде бумбарите остануваат во контејнерите со кои се внесени во Република Северна Македонија се до завршување на животниот век на колонијата.

(5) Контејнерите и другиот помошен материјал кои ги придружуваат матиците од третата земја на потекло, се уништуваат веднаш или по завршувањето на животниот век на колонијата.

Глава V
Увоз на аквакултура и украсни водни животни

Член 112

Увоз на аквакултура наменета за повторно насадување, рибници и објекти за украсни риби

(1) Увоз на аквакултура наменета за фарми, области за повторно насадување, рибници и отворени објекти за украсни риби се врши од трети земји, територии, зони или комплекси наведени во Прилог 6 Дел 8 В од овој правилник.

(2) Пратките на аквакултура наведени во став (1) на овој член треба да се:

1) придружени со ветеринарно-здравствен сертификат изготвен согласно член 11 од овој правилник, образецот даден во Прилог 7 Дел 9.1 од овој правилник и упатството дадено во Прилог 7 Дел 9 од овој правилник и

2) во согласност со барањата за здравствена заштита наведени во образецот на ветеринарно-здравствениот сертификат и упатството наведени во точка 1) од овој став.

Член 113

Увоз на украсни водни животни наменети за затворени објекти за украсни риби

(1) Увоз на украсни риби од видовите приемчиви на една или повеќе од болестите наведени во Прилог 14 кој е составен дел на овој правилник наменети за затворени објекти за украсни риби се врши од трети земји, територии, зони или комплекси наведени во листата од Прилог 6 Дел 8 В од овој правилник.

(2) Увоз на украсни риби кои не се приемчиви на некоја од болестите наведени во Прилог 14 од овој правилник, украсни мекотели и украсни ракови наменети за затворени објекти за украсни животни се врши само од трети земји и територии кои се членки на OIE,

(3) Пратките на животни наведени во став (1) и (2) од овој член треба:

1) да се придружени со ветеринарно-здравствен сертификат изготвен согласно член 11 на овој правилник, образецот даден во Прилог 7 Дел 9.2 од овој правилник и упатството дадено во Прилог 7 Дел 9 од овој правилник и

2) да се во согласност со барањата за здравствена заштита наведени во образецот на ветеринарно-здравствениот сертификат и упатството наведени во став (3) точка 1) од овој член.

Член 114

Транспорт на аквакултура

(1) При увоз, пратките на аквакултура треба да се превезуваат под услови кои нема да ја изменат нивната здравствена состојба. Аквакултурата не треба да се превезува во води или микро-контејнери со аквакултура со понизок здравствен статус или која не е наменета за увоз во Република Северна Македонија.

(2) За време на превозот, аквакултурата не треба да биде истоварена од микро-контејнерите и водата во која се превезуваат не треба да биде променета на територија на трета земја која не е одобрена за увоз на аквакултура во Република Северна Македонија или која има понизок здравствен статус во споредба со местото на дестинација.

(3) Кога превозот на аквакултурата се врши по морски пат, соодветниот ветеринарно-здравствен сертификат се дополнува со образец за превоз на жива аквакултура по морски пат согласно образецот од Прилог 7 Дел 9.6 од овој правилник.

Член 115

Пуштање на аквакултура во вода во која се превезува аквакултура и производи од аквакултура

(1) Увезената аквакултура треба да бидат манипулирани на начин со кој се избегнува контаминација на природните води во Република Северна Македонија.

(2) Увезената аквакултура може да се пушта во природата само доколку не се загрозува здравствената состојба на водните животни на местото каде е пуштена аквакултурата и доколку се превземни соодветни мерки за намалување на ризикот од пуштањето.

(3) Водата во која е превезувана аквакултура се остранува на начин со кој се избегнува контаминација на природните води во Република Северна Македонија.

Член 116

Пратки наменети за трети земји кои транзитираат или се времено складирани

(1) Пратки на жива аквакултура, икра и неевисцерирана риба внесени на територијата на Република Северна Македонија, а наменети за трети земји, кои тран-

зитираат или се времено складирани во Република Северна Македонија во согласност со прописите од областа на ветеринарното здравство, а не се наменети за увоз во Република Северна Македонија, треба да се во согласност со одредбите од членовите 124, 125, 126, 127, 128 и 129 од овој правилник.

(2) На ветеринарно-здравствениот сертификат кој ја придружува пратката од став (1) од овој член треба да биде назначен текстот „за транзит низ Република Северна Македонија“. Пратките треба да бидат придружени и со ветеринарно-здравствен сертификат кој го бара третата земја на крајната дестинација.

Во случај, кога пратката од став (1) од овој член, е наменета за исхрана на луѓе, треба да биде придружена со образец на ветеринарно-здравствен сертификат даден во Прилог 7 Дел 9.7 на овој правилник и упатството од Прилог 7 Дел 9 од овој правилник.

ДЕЛ VII
УВОЗ НА ПРОИЗВОДИ ОД ЖИВОТИНСКО ПОТЕКЛО

Глава I
Увоз на сирово месо од копитари и чапункари

Член 117
Увоз на сирово месо

(1) Увоз на сирово месо се врши само од трети земји или делови на трети земји кои се наведени во Прилог 6 Дел 4 колони 1, 2 и 3 од овој правилник, за кои во соодветната колона 4 е наведен образецот на ветеринарно-здравствен сертификат.

(2) Пратката на сирово месо треба да е придружена со ветеринарно-здравствен сертификат за месо од соодветниот вид на животни изготвен според образецот даден во Прилог 7 Дел 4 на овој правилник, а во согласност со Прилог 6 Дел 4 колона 6 од овој правилник и да е пополнет и потпишан од страна на официјалниот ветеринар на третата земја извозник.

(3) Пратката со сирово месо треба да е во согласност со барањата од здравствениот сертификат од став (2) на овој член, вклучувајќи ги и:

1) дополнителните гаранции наведени од Прилог 6 Дел 4 колона 5 од овој правилник и

2) било кои дополнителни барања од ветеринарно-здравствениот сертификат кои ќе се применуваат во согласност со прописите од областа на ветеринарното законодавство и кои се вклучени во сертификатот.

(4) По исклучок на став (2) од овој член, првата страна од ветеринарно-здравствениот сертификат за пратките со сирово месо, вклучително и механички обезкостено месо и мелено месо од животни од родовите Proboscidea и Artiodactyla, кои потекнуваат од Кралството Холандија и се наменети за увоз во Република Северна Македонија, треба да е изготвена согласно образецот од Прилог 23 Дел А од овој правилник.

Член 118
Увезени трупови со кожа од диви чапункари и отпад од тримување од говеда наменети за исхрана на луѓе

По увозот, трупови со кожа од диви чапункари наменети за исхрана на луѓе после нивната обработка, без одложување се проследуваат до преработувачкиот објект на крајна дестинација.

Член 119
Пратки наменети за трети земји кои транзитираат низ или се времено складирани во Република Северна Македонија

Пратките со сирово месо наменети за исхрана на луѓе, вклучувајќи и мелено месо внесени на територијата на Република Северна Македонија а се наменети за трети земји кои транзитираат низ или се времено складирани во Република Северна Македонија во согласност со прописите од областа на ветеринарното здравство, а не се наменети за увоз во Република Северна Македонија треба:

1) да доаѓаат од територијата на трета земја или дел од територија на трета земја одобрена за увоз на сирово месо од тој вид животни наведена во Прилог 6 Дел 4 на овој правилник за кои постои модел ветеринарен сертификат кој одговара на засегнатата пратка од Прилог 6 Дел 4 колона 4 од овој правилник;

2) да се во согласност со посебните барања за здравствената состојба за засегнатата пратка, како што е пропишано во соодветниот образец на ветеринарно-здравствениот сертификат од точка 1) на овојчлен;

3) да се пропратени со ветеринарно-здравствен сертификат, изготвен во согласност со образецот на ветеринарно-здравствениот сертификат од Прилог 7 Дел 4 од овој правилник и треба да е целосно пополнет и потпишан од официјален ветеринар на третата земја извозничка и

4) да се потврди, дека се прифатливи да транзитираат или бидат времено складирани (каде што е соодветно) со влезниот ветеринарен документ наведен во Прилог 4 од овој правилник издаден од страна на официјалниот ветеринар од ветеринарното инспекциско место на граничен премин на влез на пратката.

Член 120
Ветеринарно-здравствен сертификат за увоз

Ветеринарно-здравствениот сертификат за увоз на сирово месо од оваа глава, треба да биде изготвен согласно член 48 на овој правилник при што не се исклучува можноста за употреба на електронски ветеринарно - здравствен сертификат или други системи за сертификација.

Глава II
Увоз на месо од диви зајаци, одредени диви копнени цицачи и одгледувани зајаци

Член 121
Увоз на месо од диви зајаци, одредени диви копнени цицачи и одгледувани зајаци

(1) Увоз на месо од диви зајаци, одредени диви копнени цицачи и одгледувани зајаци се врши само од трети земји кои се наоѓаат на листата дадена во Прилог 6 Дел 5 од овој правилник.

(2) Може да се врши увоз на:

1) месо од диви зајаци кое не содржи изнутрици, освен диви зајаци кои не се одрани или не им се остранети внатрешните органи;

2) месо од диви копнени цицачи кои не содржат изнутрици, освен месо од диви чапункари, копитари и зајаци и

3) месо од одгледувани зајаци.

Член 122
Ветеринарно-здравствен сертификат за увоз

(1) Ветеринарно-здравствен сертификат потребен за увоз на сирово месо од диви зајаци, одредени диви копнени цицачи и одгледувани зајаци, треба да биде

изготвен согласно член 48, при што не се исклучува можноста за употреба на електронски ветеринарно-здравстен сертификат или други системи за сертификација.

(2) Пратките со месо од диви зајаци, одредени диви копнени цицачи и одгледувани зајаци наменети за исхрана на луѓе внесени на територијата на Република Северна Македонија а наменети за трети земји кои транзитираат низ или се времено складирани во Република Северна Македонија во согласност со прописите од областа на ветеринарното здравство, а не се наменети за увоз во Република Северна Македонија треба да се придружени со ветеринарно-здравствен сертификат изготвен согласно член 50, односно Прилог 7 Дел 5 на овој правилник, потпишан од официјален ветеринар од надлежната ветеринарна служба на третата земја извозничка.

(3) Пратките со месо од диви зајаци, одредени диви копнени цицачи и одгледувани зајаци треба да ги исполнуваат дополителните гаранции од Прилог 6 Дел 5 колони 4, 6 и 8 на овој правилник при што ветеринарно здравствениот сертификат е изготвен и потпишан од официјален ветеринар од надлежната ветеринарна служба на третата земја извозничка за соодветната пратка.

(4) По исклучок на став (2) од овој член, првата страна од ветеринарно-здравствениот сертификат за пратките со сирово месо од диви зајаци, одредени диви копнени цицачи и одгледувани зајаци, кои потекнуваат од Кралството Холандија и се наменети за увоз во Република Северна Македонија, треба да е изготвена согласно образецот даден во Прилог 23 Дел А на овој правилник.

Глава III
Увоз на одредени производи од месо, обработени желудници, мочни меури и црева наменети за исхрана на луѓе

Член 123

Видови на животни од кои се врши увоз на одредени производи од месо и обработени желудници, мочни меури и црева, добиени од месо или производи од месо

Увоз на пратки на производи од месо и обработени желудници, мочни меури и црева, добиени од месо или производи од месо може да се врши исклучиво од следните видови на животни:

1) живина, вклучувајќи и кокошки, мисирки, бисерки, патки, гуски, потполошки, гулаби, фазани и еребици одгледувани или чувани во заточеништво за размножување, производство на месо или јајца за исхрана на луѓе или за дополнување на залихи на одгледуван дивеч;

2) домашни животни од следните видови: говеда, вклучувајќи и Bubalus bubalis и Bison bison, свињи, овци, кози и копитари;

3) зајаци и куникули, и одгледуван дивеч и

4) дивеч.

Член 124

Здравствена состојба на животните во однос на место на потекло и третман на производите од месо и обработени желудници, мочни меури и црева

Увоз на производи од месо и обработени желудници, мочни меури и црева се врши доколку истите:

1) се во согласност со барањата за производи од месо и обработени желудници, мочни меури и црева дадени во Прилог 13 кој е составен дел од овој правилник.

2) потекнуваат од следните трети земји или нивни делови:

а) во случај на производи од месо и обработени желудници, мочни меури и црева кои не се термички третирани согласно став (1) точка 2) од Прилог 13 од овој правилник, од трети земји кои се наведени во Прилог 6 Дел 6 Б од овој правилник и делови на тие трети земји кои се наведени во Прилог 6 Дел 6 А од овој правилник и

б) во случај на производи од месо и обработени желудници, мочни меури и црева кои се термички третирани согласно став (2) точка 1) поточка а) од Прилог 13 од овој правилник, од трети земји кои се наведени во Прилог 6 Дел 6 Б и дел 6 В од овој правилник и делови на тие трети земји кои се наведени во Прилог 6 Дел 6 А од овој правилник.

в) Доаѓаат од објекти кои се наоѓаат на листата на одобрени објекти согласно член 177 од овој правилник.

Член 125

Барања за ветеринарно јавно здравство за сирово месо кое се користи во производство на производи од месо и обработени желудници, мочни меури и црева и ветеринарно-здравствен сертификат

(1) Увоз на пратки со производи од месо и обработени желудници, мочни меури и црева се врши доколку:

1) се добиени од сирово месо кое е во согласност со прописите во Република Северна Македонија од областа на ветеринарното јавно здравство и

2) се во согласност со барањата за ветеринарно здравство и ветеринарно јавно здравство пропишани во образецот на ветеринарно-здравствен сертификат од Прилог 7 Дел 6.1 од овој правилник.

(2) Ветеринарно-здравствениот сертификат од став (1) точка 2) на овој член треба да е целосно пополнет и потпишан од страна на официјален ветеринар на третата земја извозничка.

(3) По исклучок на став (1) точка 2) на овој член, првата страна од ветеринарно-здравствениот сертификат за пратките со производи од месо и обработени желудници, мочни меури и црева, кои потекнуваат од Кралството Холандија и се наменети за увоз во Република Северна Македонија, треба да е изготвена согласно образецот даден во Прилог 23 Дел А од овој правилник.

Член 126

Пратки наменети за трети земји кои транзитираат или се времено складирани

Пратките со месо и обработени желудници, мочни меури и црева внесени на територијата на Република Северна Македонија а наменети за трети земји кои транзитираат низ или се времено складирани во Република Северна Македонија во согласност со прописите од областа на ветеринарното здравство, а не се наменети за увоз во Република Северна Македонија треба:

1) да доаѓаат од трета земја или дел на трета земја наведени во Прилог 6 Дел 6 од овој правилник и да бидат подложени на специфичен третман за увоз на производи од месо и обработени желудници, мочни меури и црева од одделните видови согласно со Прилог 6 Дел 6 од овој правилник;

2) да ги исполнуваат условите за здравствена состојба на животните за одделните видови наведени во образецот на ветеринарно-здравствен сертификат даден во Прилог 7 Дел 6.1 од овој правилник;

3) да се придружени со ветеринарно-здравствен сертификат изготвен согласно образец даден во Прилог 7 Дел 6.2 од овој правилник, целосно пополнет и потпишан од официјален ветеринар од трета земја извозничка;

4) да се потврди, дека се подобни да транзитираат или времено складираат (како што е соодветно) со ветеринарен влезен документ даден во Прилог 4 од овој правилник, од страна на официјален ветеринар на ветеринарно инспекциско место на граничен премин на влез на пратките.

Глава IV
Увоз на подготовки од месо, здравствена заштита и издавање на ветеринарно-здравствен сертификат за увоз

Член 127
Увоз на подготовки од месо

Увоз на подготовки од месо се врши доколку:

1) доаѓаат од трета земја или дел на трета земја дадени во Прилог 6 Дел 4 на овој правилник за увоз на месо од наведените видови, Прилог 6 Дел 10 на овој правилник за увоз на месо од живина и во Прилог 6 Дел 5 на овој правилник за увоз на месо од зајаци и одгледуван дивеч;

2) се произведени во согласност со прописите од областа на ветеринарното здравство за безбедност на храната и материјалите кои доаѓаат во контакт со храната согласно ветеринарно-здравствениот сертификат даден во Прилог 7 Дел 7 на овој правилник;

3) доаѓаат од објекти кои имаат воведено програма заснована на начелата за анализа на опасности и критични контролни точки (во понатамошниот текст: HACCP) во согласност со прописите од областа на ветеринарното јавно здравство и

4) се разладени на внатрешна температура која не е повисока од 4°C или се длабоко замрзнати во објектот или објектите за производство од каде потекнуваат на внатрешна температура која не е повисока од –18°C; и

5) по исклучок на точка 1) од овој став, првата страна од ветеринарно-здравствениот сертификат за пратките со подготовки од месо, кои потекнуваат од Кралството Холандија и се наменети за увоз во Република Северна Македонија, треба да е изготвена согласно образецот даден во Прилог 23 Дел 1 на овој правилник.

Член 128
Ветеринарно-здравствен сертификат за увоз

Ветеринарно-здравствениот сертификат за увоз на подготовки од месо во Република Северна Македонија, треба да биде изготвен согласно член 50 од овој правилник, при што не се исклучува можноста за употреба на електронски ветеринарно-здравствен сертификат или други системи за сертификација.

Член 129
Пратки наменети за трети земји кои транзитираат или се времено складирани

Пратките со подготовки од месо внесени на територијата на Република Северна Македонија наменети за трети земји кои транзитираат низ или се времено складирани во Република Северна Македонија во согласност со прописите од областа на ветеринарното здравство, треба:

1) да доаѓаат од трета земја или дел на трета земја дадени во Прилог 6 Дел 4 на овој правилник за увоз на месо од наведените видови, Прилог 6 Дел 10 на овој правилник за увоз на месо од живина и во Прилог 6 Дел 5 на овој правилник за увоз на месо од зајаци и одгледуван дивеч;

2) да ги исполнуваат посебните услови за здравствена состојба на животните за одредени видови наведени во еден од обрасците на ветеринарно-здравствен сертификат дадени во Прилог 7 Дел 4 на овој правилник за увоз на месо од наведените видови животни, Прилог 7 Дел 18 на овој правилник за увоз на месо од живина и во Прилог 7 Дел 5 на овој правилник за увоз на месо од зајаци и одгледуван дивеч;

3) да се придружени со ветеринарно-здравствен сертификат изготвен согласно образецот даден во Прилог 7 Дел 7.2 на овој правилник, целосно пополнет и потпишан од официјален ветеринар од третата земја извозничка и

4) да се потврди, дека се подобни да транзитираат или времено складираат (како што е соодветно) со ветеринарен влезен документ дадени во Прилог 4 на овој правилник, од страна на официјален ветеринар на ветеринарно инспекциско место на граничен премин на влез на пратката.

Глава V
Увоз на сирово млеко и производи од млеко за исхрана на луѓе

Член 130
Увоз на производи од млеко, сирово млеко и производи од сирово млеко

(1) Увоз на млеко и производи од млеко се врши согласно ставовите (3), (4) и (5) од овој член и членовите 131 и 133 на овој правилник.

(2) Транзит низ и времено складирање во Република Северна Македонија на пратки со млеко и производи од млеко се врши согласно членовите 132 и 133 на овој правилник.

(3) Увоз на пратки со сирово млеко и производи од млеко се врши само од трети земји или нивни делови дадени во Прилог 6 Дел 7 колона А на овој правилник.

(4) Увоз на пратки со производи од млеко добиени од сирово млеко од крави, овци, кози и биволи се врши само од трети земји или нивни делови, каде не постои ризик од болеста лигавка и шап, дадени во Прилог 6 Дел 7 колона В на овој правилник и каде производите од млеко биле подложени или пак се произведени од сирово млеко кое било подложено на третман на пастеризација која вклучува единечен третман на загревање:

1) најмалку еднаков на тој постигнат со процесот на пастеризација на температура од најмалку 72°C во времетраење од 15 секунди;

2) каде што е применливо, доволен да обезбеди негативна реакција на тестот на алкална фосфатаза изведен веднаш после процесот на загревање.

(5) Увоз на пратки со производи од млеко добиени од сирово млеко од крави, овци, кози, биволи и од камили од видот Camelus dromedarius, каде постои ризик од болеста лигавка и шап, се врши само од трети земји или нивни делови дадени во Прилог 6 Дел 7 колона С на овој правилник и каде производите од млеко биле подложени или пак се произведени од сирово млеко кое било подложено на третман на загревање кој вклучува:

1) третман на стерилизација, со кој се постигнува F0 вредност еднаква или поголема од три;

2) третман со ултра висока температура (UHT), на температура не пониска од 135oC во комбинација со прикладно времетраење;

3) третман на краткотрајна пастеризација (HTST), на висока температура од 72 °C во времетраење од најмалку 15 секунди, применет двократно на млеко со pH еднаква или над 7,0, со кој се постигнува негативна реакција на тестот на алкална фосфатаза изведен веднаш после процесот на загревање, или третман со еднаков ефект на краткотрајна пастеризација на висока температура, со кој се постигнува, каде што е применливо, негативна реакција на тестот на алкална фосфатаза изведен веднаш после процесот на загревање;

4) HTST третман на млеко со pH под 7,0 или

5) HTST третман комбиниран со друг физички третман:

- кој ја намалува pH вредноста под 6 во времетраење од еден час, или

- дополнително загревање на температура од 72°C или повисока, комбинирано со дехидрација.

(6) Увоз на пратки со производи од млеко добиени од сирово млеко од животни различни од видовите од став (5) на овој член, каде постои ризик од болеста лигавка и шап, се врши само од трети земји или нивни делови кои се дадени во Прилог 6 Дел 7 колона С на овој правилник и производите од млеко биле подложени или се произведени од сирово млеко кое претходно било подложено на третман на загревање кој вклучува:

1) третман на стерилизација, со кој се постигнува F0 вредност еднаква или поголема од три или

UHT третман со температура не пониска од 135oC во комбинација со прикладно времетраење.

Член 131

Ветеринарно-здравствен сертификат за увоз

(1) Пратките одобрени за увоз согласно член 130 ставовите (3), (4), (5) и (6) на овој правилник треба да бидат придружени со ветеринарно-здравствен сертификат изготвен согласно образецот даден во Прилог 7 Дел 8 на овој правилник.

(2) По исклучок на став (1) од овој член, првата страна од ветеринарно-здравствениот сертификат за пратките со млеко и производи од млеко кои потекнуваат од Кралството Холандија и се наменети за увоз во Република Северна Македонија, треба да е изготвена согласно образецот даден во Прилог 23 Дел 2 од овој правилник.

Член 132

Пратки наменети за трети земји кои транзитираат низ или се времено складирани во Република Северна Македонија

Внес на пратки со млеко и производи од млеко на територијата на Република Северна Македонија кои не се наменети за увоз, но се наменети за трети земји, или преку непосреден транзит или по складирање во Република Северна Македонија, се одобрува доколку пратките:

1) доаѓаат од трета земја или делови од трета земја одобрена за внес во Република Северна Македонија на пратки со сирово млеко или производи од млеко и ги исполнуваат условите за третман на загревање, за такви пратки, согласно член 130 ставовите (3), (4), (5) и (6) на овој правилник;

2) ги исполнуваат условите за здравствена состојба на животните за увоз во Република Северна Македонија на пратките од сирово млеко и производи од млеко дадени во Дел II.1 од образецот на ветеринарно-здравствениот сертификат изготвен согласно Прилог 7 Дел 8 на овој правилник;

3) се придружени со ветеринарно-здравствен сертификат изготвен согласно член 50 и Прилог 7 Дел 8 на овој правилник, целосно пополнет и потпишан од официјален ветеринар од трета земја извозничка;

4) ги исполнуваат условите пропишани во образецот на ветеринарно-здравствен сертификат даден во Прилог 7 Дел 8 на овој правилник; и

5) се потврди, дека се подобни да транзитираат или времено да се складираат со ветеринарен влезен документ даден во Прилог 4 на овој правилник, од страна на официјален ветеринар на ветеринарно инспекциско место на граничен премин на влез на пратката.

Член 133

Пратки од земји каде има појава на жаришта на болеста лигавка и шап

Пратките со производи од млеко одобрени за увоз и транзит во Република Северна Македонија согласно член 130 ставовите (3), (4), (5) и (6) или член 132 на овој правилник од трети земји или делови од трети земји каде има појава на жаришта на болеста лигавка и шап во последните 12 месеци или каде што е вршена вакцинација против болеста лигавка и шап во последните 12 месеци, пред да бидат внесени на територијата на Република Северна Македонија треба да бидат подложени на еден од третманите дадени во член 130 ставови (5) и (6) на овој правилник.

Глава VI
Увоз на аквакултура и производи од аквакултура

Член 134

Увоз на живи, разладени, замрзнати или преработени бивалвни мекотели, иглокожи, туникати и морски гастроподи за исхрана на луѓе

(1) Увоз на живи, разладени, замрзнати или преработени бивалвни мекотели, иглокожи, туникати и морски гастроподи за исхрана на луѓе, се врши само од земји кои се наоѓаат на листата дадена во Прилог 6 Дел 8А на овој правилник.

(2) Пратките со живи бивалвни мекотели, иглокожи, туникати и морски гастроподи за исхрана на луѓе, треба да се придружени со ветеринарно-здравствен сертификат согласно образецот даден во Прилог 7 Дел 9.4 на овој правилник.

(3) Пратките со разладени, замрзнати или преработени бивалвни мекотели, иглокожи, туникати и морски гастроподи за исхрана на луѓе, треба да се придружени со ветеринарно-здравствен сертификат согласно образецот даден во Прилог 7 Дел 9.3 на овој правилник.

(4) Одредбите од став (1) од овој член нема да се применуваат за m.adductor од pectinidae освен за животни од аквакултура, на кои им се комплетно отстранети внатрешните органи и гонади.

Член 135

Увоз на производи од риба за исхрана на луѓе

(1) Увоз на производи од риба за исхрана на луѓе, освен живи, разладени, замрзанти или преработени бивалвни мекотели, иглокожи, туникати и морски гастроподи за исхрана на луѓе, ќе се врши од земји кои се наоѓаат на листата дадена во Прилог 6 Дел 8Б на овој правилник.

(2) Пратките со производи од риба од став (1) на овој член, треба да се придружени со ветеринарно-здравствен сертификат согласно обрасците дадени во Прилог 7 Дел 9.3 и 9.5 на овој правилник.

Член 136

Увоз на аквакултура и производи од аквакултура наменети за исхрана на луѓе

(1) Увоз на аквакултура и производи од аквакултура наменети за исхрана на луѓе се врши од одобрени трети земји, територии, зони или комплекси согласно член 177 на овој правилник.

(2) Пратките и производите од став (1) на овој член треба:

1) да се придружени со ветеринарно-здравствен сертификат изготвен согласно еден од обрасците за соодветниот вид даден во Прилог 7 Дел 9.3, 9.4 и 9.5 на овој правилник и

2) да се во согласност со барањата за здравствена заштита наведени во образецот на ветеринарно-здравствениот сертификат и упатствата наведени во точка 1) од овој став.

(3) Во случаите кога аквакултурата е наменета за области за повторно насадување или за повторно потопување во водите на Република Северна Македонија, се применуваат одредбите од член 112 на овој правилник.

Член 137

Транспорт на аквакултура

(1) При увоз, пратките на аквакултура треба да се превезуваат под услови кои нема да ја изменат нивната здравствена состојба. Аквакултурата не трба да биде превезувана во води или микро-контејнери со аквакултура со понизок здравствен статус или која не е наменета за увоз во Република Северна Македонија.

(2) За време на превозот, аквакултурата не треба да биде истоварена од микро-контејнерите и водата во која се превезуваат не треба да биде променета на територија на трета земја која не е одобрена за увоз на аквакултура во Република Северна Македонија или која има понизок здравствен статус во споредба со местото на дестинација.

(3) Кога превозот на аквакултурата се врши по морски пат, соодветниот ветеринарно-здравствен сертификат се дополнува со образец за превоз на жива аквакултура по морски пат согласно образецот наведен во Прилог 7 Дел 9.6 на овој правилник.

Член 138

Пуштање на аквакултура и производи од аквакултура и вода во која се превезува аквакултура и производи од аквакултура

(4) Увезената аквакултура и производи од аквакултура наменети за исхрана на луѓе треба да бидат манипулирани на начин со кој се избегнува контаминација на природните води во Република Северна Македонија.

(5) Водата во која се превезувани производите од аквакултура се остранува на начин со кој се избегнува контаминација на природните води во Република Северна Македонија.

Член 139

Пратки наменети за трети земји кои транзитираат или се времено складирани

(3) Пратки на жива аквакултура, икра и неевисцерирана риба внесени на територијата на Република Северна Македонија, а наменети за трети земји, кои транзитираат или се времено складирани во Република Северна Македонија во согласност со прописите од областа на ветеринарното здравство, а не се наменети за увоз во Република Северна Македонија, треба да се во согласност со одредбите од членовите 136, 137 и 138 на овој правилник.

(4) На ветеринарно-здравствениот сертификат кој ја придружува пратката од став (1) од овој член треба да биде назначен текстот „за транзит низ Република Северна Македонија“. Пратките треба да бидат придружени и со ветеринарно-здравствен сертификат кој го бара третата земја на крајната дестинација.

(5) Во случај, кога пратката од став (1) од овој член, е наменета за исхрана на луѓе, треба да биде придружена со образец на ветеринарно-здравствен сертификат даден во Прилог 7 дел 9.7 на овој правилник и упатството дадено во Прилог 7 Дел 9 на овој правилник.

Глава VII

Увоз на колаген и суровина за производство на колаген, желатин и суровина за производство на желатин, жабји батаци, полжави и мед и производи од апикултура и други производи

Оддел I

Увоз на колаген и суровина за производство на колаген, желатин и суровина за производство на желатин, жабји батаци, полжави и мед и производи од апикултура

Член 140

Увоз на колаген и сиров материјал за производство на колаген за исхрана на луѓе

(1) Увоз на колаген и сиров материјал за производство на колаген наменет за исхрана на луѓе се врши во одобрени објекти согласно член 165 на овој правилник.

(2) Ветеринарно-здравствениот сертификат за пратките од став (1) на овој член треба да е изготвен согласно член 48 на овој правилник и образецот даден во Прилог 7 Дел 10.1 на овој правилник за увоз на колаген и Прилог 7 дел 10.2 на овој правилник за увоз на суровина за производство на колаген.

(3) По исклучок на ставот (2) од овој член, првата страна од ветеринарно-здравствениот сертификат за пратките со колаген и сиров материјал за производство на колаген наменет за исхрана на луѓе, кои потекнуваат од Кралството Холандија и се наменети за увоз во Република Северна Македонија, треба да е изготвена согласно образецот даден во Прилог 23 Дел А на овој правилник.

Член 141

Увоз на желатин и сиров материјал за производство на желатин за исхрана на луѓе

(1) Увоз на желатин и сиров материјал за производство на желатин наменет за исхрана на луѓе се врши од одобрени објекти согласно член 165 на овој правилник и од трети земји и делови од трети земји наведени во Прилог 6 Дел 9Ѓ на овој правилник.

(2) Ветеринарно-здравствениот сертификат за пратките од став (1) на овој член треба да е изготвен согласно член 48 на овој правилник и образецот даден во Прилог 7 Дел 10.2 на овој правилник за увоз на желатин и Прилог 7 дел 10.3 на овој правилник за увоз на суровина за производство на желатин.

Член 142

Увоз на жабји батаци за исхрана на луѓе

(1) Увоз на жабји батаци за исхрана на луѓе се врши во одобрени објекти согласно член 165 на овој правилник.

(2) Ветеринарно-здравствениот сертификат за пратките од став (1) на овој член треба да е изготвен согласно член 48 на овој правилник и образецот даден во Прилог 7 Дел 12 на овој правилник.

Член 143

Увоз на полжави наменети за исхрана на луѓе

(1) Увоз на полжави наменети за исхрана на луѓе се врши во одобрени објекти согласно член 165 на овој правилник.

(2) Ветеринарно-здравствениот сертификат за пратките од став (1) на овој член треба да е изготвен согласно член 48 на овој правилник и образецот даден во Прилог 7 Дел 13 на овој правилник.

Член 144

Увоз на мед и производи од апикултура наменети за исхрана на луѓе

(1) Увоз на мед и производи од апикултура наменети за исхрана на луѓе се врши во одобрени објекти согласно член 177 на овој правилник.

(2) Ветеринарно-здравствениот сертификат за пратките од став (1) на овој член треба да е изготвен согласно член 48 на овој правилник и образецот даден во Прилог 7 Дел 14 на овој правилник.

Оддел II
Увоз на други производи

Отсек I
Општи барања за увоз на други производи

Член 145

Увоз на други производи

(1) Увезените пратки на други производи наведени во овој оддел треба да се во согласност со прописите од областа на ветеринарно здравство за внатрешен промет со други производи од животинско потекло.

(2) Увозот на други производи се врши само доколку:

1) е во согласност со членовите 139, 142, 143, 144 и 145 на овој правилник, производите доаѓаат од трета земја или дел од трета земја од која е одобрен увоз на други производи согласно член 138 на овој правилник и

2) е во согласност со членовите 139, 142, 143, 144 и 145 на овој правилник, производите треба да доаѓаат од објекти кои се наоѓаат на листата на одобрени објекти за увоз на други производи согласно член 165 на овој правилник.

(3) Во случаите од членовите 139, 142, 143, 144 и 145 на овој правилник и став (1) на овој член, производите треба да бидат придружени со ветеринарно-здравствен сертификат целосно пополнет и потпишан од официјален ветеринар.

Член 146

Увоз на комерцијални примероци

(1) Производи од животинско потекло од членовите 140, 141, 142, 143, 144 и 145 на овој правилник во форма на комерцијални примероци подлежат на предходно одобрување за увоз издадена од страна на Агенцијата.

(2) Одобрувањето од став (1) од овој член треба да ја придружува пратката и да содржи целосни податоци за посебните барања под кои пратката може да биде увезена, вклучувајќи ги и исклучоците пропишани во прописите од областа на здравствена заштита на животните.

Член 147

Листа на земји од кои е одобрен увоз на одредени други производи

Увоз на други производи наменети за исхрана на луѓе се врши од земји и делови на трети земји дадени во Прилог 6 Дел 9 на овој правилник.

Отсек II
Посебени барања за увоз на други производи

Член 148

Увоз на животински црева наменети за исхрана на луѓе

Пратката на животински црева при увоз од трета земја треба да биде придружена со ветеринарно-здравствен сертификат од член 149 на овој правилник, издаден и потпишан од официјалниот ветеринар од земјата извозничка, со кој се потврдува дека:

1) цревата доаѓаат од објекти одобрени од надлежниот орган на третата земја;

2) цревата се исчистени, истругани и потоа или посолени или дезинфицирани по пат на хлорирање (или како замена на солењето и дезинфекцијата, се исушени после стругањето) и

3) после третманот наведен во точка 2) од овој став, превземени се ефективни чекори да се спречи контаминација на цревата.

Член 149

Издавање на ветеринарно-здравствен сертификат за увоз за црева

(1) При увоз пратките со животински црева од трети земји треба да бидат пропратени со ветеринарно-здравствен сертификат изготвен согласно образецот даден во Прилог 7 Дел 15.1 на овој правилник.

(2) По исклучок на ставот (1) од овој член, првата страна од ветеринарно-здравствениот сертификат за пратките со животински црева, кои потекнуваат од Кралството Холандија и се наменети за увоз во Република Северна Македонија, треба да е изготвена согласно образецот даден во Прилог 23 Дел А на овој правилник.

Член 150

Пратки со животински црева наменети за трети земји кои транзитираат или се времено складирани

Пратките со животински црева наменети за исхрана на луѓе внесени на територијата на Република Северна Македонија а наменети за трети земји кои транзитираат низ или се времено складирани во Република Северна Македонија во согласност со прописите од областа на ветеринарното здравство, а не се наменети за увоз во Република Северна Македонија треба:

1) да ги исполнуваат посебните услови за здравствена состојба на животните наведени во образецот на ветеринарно-здравствениот сертификат даден во Прилог 7 Дел 15.2 на овој правилник;

2) да се придружени со ветеринарно-здравствен сетификат изготвен согласно член 48 и образецот даден во Прилог 7 Дел 15.2 на овој правилник, целосно пополнет и потпишан од страна на официјален ветеринар од ветеринарната служба на трета земја извозничка и

3) да се потврди, дека се подобни да транзитираат или времено складираат (како што е соодветно) со ветеринарен влезен документ даден во Прилог 4 на овој правилник, од страна на официјален ветеринар на ветеринарно инспекциско место на граничен премин на влез на пратките.

Член 151

Увоз на коски и производи од коски (со исклучок на коскено брашно), рогови и производи од рогови (со исклучок на брашно од рогови) и копита и чапунки и производи од копита и чапунки (со исклучок на брашно од копита и чапунки) наменети за исхрана на луѓе

(1) Пратките на коски и производи од коски (со исклучок на коскено брашно), рогови и производи од рогови (со исклучок на брашно од рогови) и копита и чапунки и производи од копита и чапунки (со исклучок на брашно од копита и чапунки) при увоз треба да се во согласност со прописите од областа на ветеринарното здравство.

(2) Пратките од став (1) на овој член треба да доаѓаат од одобрени трети земји или делови на трети земји наведени во табелите дадена во Прилог 6 Дел 4, 9 и 10 на овој правилник за соодвениот вид на животни и да бидат придружени со ветеринарно-здравствениот сертификат за соодветниот вид на животни.

Член 152

Увоз на преработени протеини од животинско потекло наменети за исхрана на луѓе

(1) Независно од заштитните мерки донесени поради болеста на бовина спонгиоформна енцефалопатија (понатаму во текстот: BSE) или на заштитните мерки во однос на исхрана на преживари со протеини добиени од преживари, може да се дозволи увоз на преработени протеини од животинско потекло доколку:

1) Пратките се придружени со ветеринарно-здравствен сертификат од овој правилник, потпишан од официјален ветеринар од земјата на потекло со кој се потврдува дека:

а) производите се во согласност со прописите од областа на ветеринарното здравство;

б) се превземени сите мерки да се избегне контаминација на производите после нивниот третман;

в) земени се примероци за контрола на Salmonella непосредно пред пратката да ја напушти третата земја на потекло и

г) резултатите од испитувањата од подточка в) од оваа точка се негативни;

2) После задоволителната проверка на ветеринарно-здравствениот сертификат наведен во став (1) точка 1) од овој член, официјалниот ветеринар на ветеринарното инспекциско место на граничен премин на влез на пратката задолжително зема примероци независно од став (2) на овој член:

а) од секоја пријавена пратка кога пратките пристигнуваат рефус и

б) по случаен избор кога пратките на производи се спакувани во објектот на производство.

3) За да бидат ставени во промет на територијата на Република Северна Македонија пратката на преработени протеини од животинско потекло, треба да се потврди дека резултатите од земените примероци согласно став (1) точка 1) подточка в) од овој член, се негативни, ако е потребно и после повторната преработка.

(2) Доколку има потреба може да се спроведе земање на примероци по случен избор на пратки кои пристигнуваат рефус а потекнуваат од трети земји од кое последните шест испитувања се со негативен резултат. Кога едно од овие испитувања е со позитивен резултат, надлежниот орган на земјата на потекло треба да биде известен за да може да превземе соодветни мерки за санирање на состојбата. Доколку се јават и други позитивни резултати од истиот извор, треба да се вршат понатамошни испитувања на сите пратки од ист извор се додека не се направат шест последователни испитувања со негативен резултат.

(3) За резултатите од направените испитување на примероците земени од пратките при увоз треба да се води евиденција.

(4) Кога пратките се позитивни на Salmonella, истите треба да:

1) бидат повторно извезени од Република Северна Македонија;

2) бидат искористени како нус-производ, согласно прописите на Република Северна Македонија од областа на ветеринарно здравство, за цели различни од производство на храна за животни. Во таков случај, пратката може да го напушти објектот за складирање само под услов да не биде ставена во добиточната храна и

3) бидат повторно преработени во одобрен објект согласно прописите од областа на ветеринарно здравство или друг објект одобрен за деконтаминација. Изнесувањето на преработените протеини од објектот за складирање треба да е под контрола и со дозвола на Агенцијата при што пратката нема да биде ослободена додека на биде третирана и испитана на Salmonella согласно прописите од областа на ветеринарно здравство при што се добиени негативни резултати.

(5) Пратките од став (1) на овој член треба да доаѓаат од одобрени трети земји или делови на трети земји наведени во табелите дадена во Прилог 6 Дел 4, 5, 8 Б, 9 и 10 од овој правилини, за соодвениот вид на животни и да бидат придружени со ветеринарно-здравствениот сертификат даден во Прилог 7 Дел 16 на овој правилник.

Член 153

Увоз на свежа крв и производи од крв од чапункари, копитари и живина со исклучок на серум од копитари

(1) Не може да се врши увоз на свежа крв од домашни копитари и чапункари наменета за исхрана на луѓе.

(2) Увоз на свежа крв од домашна живина наменета за исхрана на луѓе се врши само од трети земји или делови на трети земји кои се наведени во табелата дадена во Прилог 6 Дел 10 на овој правилник.

(3) Пратката на свежа крв од домашна живина наменета за исхрана на луѓе треба да е придружена со ветеринарно-здравствен сертификат изготвен според образецот даден во Прилог 7 Дел 18 на овој правилник, а во согласност со Прилог 6 Дел 10 колона 6 на овој правилник и доколку е потребно во согласност со колона 5 од истата табела и треба да ги исполнува дополнителните гаранции наведени во ветеринарно-здравствениот сертификат.

(4) Увоз на свежа крв од одгледуван дивеч наменета за исхрана на луѓе се врши само од трети земји или делови на трети земји кои се наведени во табелата дадена во Прилог 6 Дел 9 А, Б и В на овој правилник.

(5) Пратката на свежа крв од одгледуван дивеч наменета за исхрана на луѓе треба да е придружена со ветеринарно-здравствен сертификат изготвен според образецот даден во Прилог 7 Дел 4, 5 и 18 на овој правилник за соодветниот вид на животни,

(6) Увоз на производи од крв за исхрана на луѓе, се врши согласно прописите од областа на ветеринарно здравство за увоз на производи од месо од копитари и чапункари и одредбите на овој правилник за увоз на производи од месо од копитари и чапункари, независно од одредбите за преработени протеини од животинско потекло добиени од крв наведени во член 144 на овој правилник.

Член 154

Увоз на сало и топени масти наменети за исхрана на луѓе

(1) Увоз на сало и топена маст се врши само од трети земји кои се наоѓаат на листата дадена во Прилог 6 Дел 4 на овој правилник и од кои е дозволен увоз на сирово месо од соодветните видови на животни.

(2) Во случај на појава на жариште на заразна болест, во последните 12 месеци пред да се изврши извоз од некоја од третите земји наведени во став (1) од овој член, секоја пратка на сало и топена маст треба да биде придружена со ветеринарно-здравствен сертификат со кој се потврдува дека:

1) салото и топените масти биле подложени на еден од следните термички третмани на преработка:

а) на температура од најмалу 70оС за времетраење од 30 минути или

б) на температура од најмалу 90оС за времетраење од 15 минути или

в) на температура од најмалу 80оС во непрекинат систем на преработка.

2) кога салото или топените масти се во пакувања, треба да бидат спакувани во нови контејнери при што треба да бидат превземени сите мерки на претпазливост за да се избегне контаминација и

3) во случај кога се врши превоз на сало и топени масти во рефус, цевките, пумпите и транспортните контејнери, резервоари или камиони цистерни употребени при превозот на производите од објектот на производство директно на брод или во пристанишни резервоари или директно до објектите, се контролират за да се утврди дали се чисти пред нивната употреба.

(3) Образецот на ветеринарно-здравствениот сертификат за пратките од став (1) на овој член е даден во Прилог 7 Дел 17 на овој правилник.

Член 155

Увоз на месо од зајаци и месо од одгледуван дивеч наменето за исхрана на луѓе

Увоз на месо од зајаци и месо од одгледуван дивеч се врши само доколку:

1) Доаѓаат од трети земји кои за:

1) одгледуван дивеч за крзно, се наоѓаат на листата на трети земји од кои е дозволен увоз на сирово месо за соодветните видови наведени во табелата дадена во Прилог 6 Дел 9 Б од овој правилиник,

2) одгледуван пернат дивеч, се ноѓаат на листата на трети земји од кои е дозволен увоз на сирово месо од живина и наведени во табелата дадена во Прилог 6 Дел 9 В од овој правилиник и

3) месо од зајаци, се наоѓаат на листата на трети земји од кои е дозволен увоз на месо за соодветниот вид наведени во табелата дадена во Прилог 6 Дел 9 А од овој правилиник.

2) Се во согласност со прописите од областа на ветеринарното здравство;

3) Доаѓаат од објекти кои даваат гаранции наведени во точка 2) на овој член и се одобрени согласно прописите од областа на ветеринарно здравство.

4) Секоја пратка на месо е придружена со ветеринарно-здравствен сертификат даден во Прилог 7 на овој правилник за соодветниот вид на животни .

Член 156

Увоз на рафиниран хондроитин сулфат, хијалуронска киселина, други хидролизирани производи од ‘рскавица, хитосан, глукозамин, сириште, желатин од риба и аминокиселини

(1) Пратките на рафиниран хондроитин сулфат, хијалуронска киселина, други хидролизирани производи од ‘рскавица, хитосан, глукозамин, сириште, желатин од риба и аминокиселини наменети за исхрана на луѓето при увоз треба да се во согласност со прописите од областа на ветеринарно јавно здравство.

(2) Пратките од став (1) на овој член треба да доаѓаат од одобрени трети земји или делови на трети земји наведени во табелата од Прилог 6 Дел 9 од овој правилник и да бидат придружени со ветеринарно-здравствениот сертификат од Прилог 7 Дел 11 од овој правилник.

ДЕЛ VIII

УВОЗ НА ЖИВИНА И ПРОИЗВОДИ ОД ЖИВИНА

Глава I

Увоз и транзит на живина и производи од живина

Член 157

Листа на трети земји, територии, зони или комплекси на потекло од кои е дозволен увоз и транзит на живина и производи од живина во и низ Република Северна Македонија

(1) Увоз и транзит на живина и производи од живина во и низ Република Северна Македонија се врши од трети земји, територии, зони или комплекси кои се наведени во колоните 1 и 3 од табелата дадена во Прилог 6 Дел 10 на овој правилник .

(2) При изготвувањето на листа на трети земји од став (1) од овој член треба да се земе во предвид:

1) здравствената состојба на живината, другите домашни и диви животни во таа трета земја, состојбата со егзотични болести, здравствената состојба на живината и другите домашни и диви животни во околните земји;

2) редовноста и брзината на пренесување на информации од страна на третата земја извозничка за појавата на заразни болести кај животните на нивната територија дадени на листата на ОІЕ;

3) прописите кои се на сила во таа држава за превенција и контрола на болести кај животните;

4) структурата на ветеринарната служба и нивната надлежност;

5) мерките кои ги превземаат за превенција и контрола на заразни болести кај животните;

6) гаранциите кои ги дава третата земја во однос на усогласеноста со одредбите од Дел VIII на овој правилник и

7) усогласеноста на прописи на трети земји со прописите од областа на ветеринарно здравство за присуството на хормони и резидуи.

Член 158

Ветеринарно-здравствен сертификат за увоз на живина и производи од живина

(1) Живина и производи од живина кои се увезуваат во Република Северна Македонија треба да се придружени со ветеринарно-здравствен сертификат, изготвен согласно член 8 или член 48 и образецот наведен во Прилог 6 Дел 10 колона 4на овој правилник, пополнет во согласност со упатствата и образецот на ветеринарно-здравствен сертификат даден во Прилог 7 Дел 18 на овој правилник, при што не се исклучува можноста за употреба на електронски ветеринарно-здравстен сертификат или други системи за сертификација.

(2) Ако живината и еднодневните пилиња за увоз се превезуваат со брод, дури и на само дел од патот, тогаш ветеринарно-здравствениот сертификат треба да е надополнет и со Изјава од капетанот на бродот, што е дадена во Прилог 7 Дел 18.16 на овој правилник.

(3) Живина, јајца за ведење и еднодневни пилиња кои транзитираат низ Република Северна Македонија треба да се придружени со:

1) ветеринарно-здравствен сертификат за транзит како што е наведено во став (1) на овој член на кој е назначено „за транзит низ Република Северна Македонија„„ и

2) сертификат за увоз наменет за третата земја на дестинација.

(4) Јајца слободни од одредени патогени, месо, мелено месо и механички одвоено месо од живина, ноеви и диви птици, јајца и производи од јајца кои транзитираат низ или се складираат во Република Северна Македонија треба да се придружени со ветеринарно-здравствен сертификат кој е пополнет во согласност со образецот на ветеринарно-здравствениот сертификат и условите кои се приложени во Прилог 7 Дел 18 образец на ветеринарен сертификат „T/S“ на овој правилник.

(5) Ветеринарно-здравствените сертификати од Прилог 7 Дел 18 за живина и јајца за ведење се со валидност од пет дена од денот на издавањето.

(6) По исклучок на ставовите (1) и (4) од овој член, првата страна од ветеринарно-здравствениот сертификат за пратките со месо и производи од месо од живина, кои потекнуваат од Кралството Холандија и се наменети за увоз во Република Северна Македонија, треба да е изготвена согласно образецот даден во Прилог 23 Дел А на овој правилник.

(7) По исклучок на ставовите (1) и (4) од овој член, ветеринарно-здравствениот сертификат за пратките со мелено месо и механички одвоено месо од живина, кои потекнуваат од Кралството Холандија и се наменети за увоз во Република Северна Македонија, треба да е изготвен согласно образецот „NL/POU-MI/MSM“ кој е даден во Прилог 7 Дел 18 на овој правилник.

(8) По исклучок на став (1) од овој член, ветеринарно-здравствениот сертификат за пратките со производи од јајца, кои потекнуваат од Кралството Холандија и се наменети за увоз во Република Северна Македонија, треба да е изготвен согласно образецот „NL/EP“ кој е даден во Прилог 7 Дел 14 на овој правилник.

Член 159

Увоз и транзит на живина и производи од живина

(1) Увоз и транзит на живина и производи од живина во и низ Република Северна Македонија се врши согласно со членовите 160 и 161 на овој правилник.

(2) Пратките наведени во став (1) од овој член може да се увезуваат од трети земји, територии, зони или комплекси кои се одобрени за увоз доколку:

1) ги исполнуваат дополнителните гаранции, наведени во Прилог 6 Дел 10 колона 5 на овој правилник;

2) ги исполнуваат посебните услови дадени Прилог 6 Дел 10 во колона 6 на овој правилник, и каде што е потребно, крајните датуми дадени во Прилог 6 Дел 10 колона 6 А на овој правилник и почетните датуми дадени во Прилог 6 Дел 10 колона 6 В на овој правилник;

3) ги исполнуваат дополнителните гаранции за здравствена заштита на животните согласно ветеринарно-здравствениот сертификат и

4) се применуваат рестриктивни мерки согласно одобрените програми за контрола на Salmonella, само кога е назначено во Прилог 6 Дел 10 колона 9 на овој правилник.

(3) Одредбата од став (1) на овој член не се применува во случај на единечна пратка со помалку од 20 единки живина, освен за ноеви, јајца за ведење од ноеви или еднодневни пилиња од ноеви.

(4) Пратките од став (3) на овој член може да се увезуваат од трети земји, територии, зони или комплекси кои се одобрени за увоз доколку:

1) третата земја, територија, зона или комплекс се наведени во Прилог 6 Дел 10 колоните 1 и 3 на овој правилник каде во колоната 4 од таа табела е назначен образецот на ветеринарно-здравствениот сертификат кој треба да ја придружува соодветната пратка;

2) не се под забрана за увоз поради здравствени причини и

3) условите за увоз вклучуваат и изолација или карантин после увозот.

Член 160

Процедури за преглед, земање на примероци и испитување

Во случај кога согласно ветеринарно-здравствениот сертификат, за увоз на живина и производи од живина во Република Северна Македонија, се бара физичко-клинички преглед, земање на примероци и испитување на авијарна инфлуенца, Mycoplasma, Њукастелска болест, Salmonella и други патогени организми кои се од важност за здравјето на животните или за јавното здравство, истите може да се увезат во Република Северна Македонија само ако претходно се извршени наведените прегледи, земања на примероци и испитувања, од страна на надлежен орган на третата земја извозничка согласно Прилог 15 кој е составен дел на овој правилник.

Глава II

Здравствена состојба на живината во трети земји, територии, зони или комплекси на потекло во однос на Авијарна инфлуенца и Њукастелска болест

Член 161

Пријавување на болести

Увоз на живина и производи од живина во Република Северна Македонија од трети земји, територии, зони или комплекси може да се врши само доколку третата земја:

1) ја информира Агенцијата во рок од 24 часа за појава на жариште на HPAI или Њукастелска болест;

2) доставува вирусни изолати од примарното жариште на болестите од точка 1) од овој член, во најкраток рок, до референтната лабораторија за Авијарна инфлуенца и Њукастелска болест. Вирусни изолати, не се потребни за увоз на јајца, производи од јајца и јајца слободни од одредени патогени од трети земји, територии, зони или комплекси од кои е дозволен увозот на таквите пратки во Република Северна Македонија и

3) редовно доставува инфрмација до Агенцијата за промена на состојбата со болеста.

Член 162

Трети земји, територии, зони или комплекси слободни од Авијарна инфлуенца

(1) Третата земја, територија, зона или комплекс од кој се врши увоз на пратки во Република Северна Македонија се смета за слободна од Авијарна инфлуенца доколку:

1) Авијарна инфлуенца не е присутна во третата земја, територија, зона или комплекс во период од 12 месеци пред издавањето на ветеринарно-здравствениот сертификат од страна на официјалниот ветеринар и

2) се спроведува програма за надзор на авијарна инфлуенца, во согласност со член 153 на овој правилник, за време на период од најмалку шест месеци пред издавањето на ветеринарно-здравствениот сертификат наведена во точка 1) од овој став каде што се бара во сертификатот.

(2) При појава на Авијарна инфлуенца во трета земја, територија, зона или комплекс слободен од Авијарна инфлуенца, согласно став (1) на овој член, таа трета земја, територија, зона и комплекс повторно ќе се смета за слободен од болеста доколку:

1) во случај на HPAI, е применета методата на stamping out за контрола на болеста;

2) во случај на LPAI, или е применета методата на stamping out или живината е заклана за контрола на болеста;

3) извршено е чистење и дезинфекција на предходно инфицираните објекти и

4) извршен е надзор на болеста Авијарна инфлуенца согласно Прилог 16 Дел 2 кој е составен дел на овој правилник, во период од три месеци по извршеното чистење и деизнфекција наведена во точка 3) на овој став при што се добиени негативни резултати.

Член 163

HPAI слободни земји, територии, зони и комплекси

(1) Третата земја, територија, зона или комплекс од каде се врши увоз на пратки во Република Северна Македонија ќе се смета за слободна од HPAI кога таа болест не била присутна во третата земја, територија, зона или комплекс во период од најмалку 12 месеци пред издавањето на ветеринарно здравствениот сертификат од страна на официјалниот ветеринар.

(2) При појава на жариште на HPAI во трета земја, територија, зона или комплекс слободен од болести согласно став (1), таа трета змеја, територија, зона или комплекс повторно ќе се смета за слободна од HPAI, доколку:

1) е применета методата на stamping out за контрола на болеста, вклучувајки и соодветно чистење и дезинфекција на предходно инфицираните објекти и

2) извршен е надзор на болеста авијарна инфлуенца согласно Прилог 16 Дел 2 на овој правилник во период од три месеци после завршувањето на stamping out методата, чистење и дезинфекција наведени во точка 1) од овој став.

Член 164

Програма за надзор на Авијарна инфлуенца

Во случаи кога согласно ветеринарно-здравствениот сертификат е утврдено дека е потребна Програма за надзор на Авијарна инфлуенца, увоз на пратката од трети земји, територии, зони или комплекси се врши доколку:

1) третата земја, територија, зона или комплекс имаат спроведена програма за надзор на Авијарна инлфлуенца најмалку шест месеци пред извозот, согласно табелата од Прилог 6 Дел 10 колона 7 на овој правилник, при што Програмата ги исполнува условите:

а) дадени во Прилог 16 Дел 1 на овој правилник или

б) дадени во Кодот за здравствена заштита на копнени животни (Terrestrial Animal Health Code) на OIE и

2) третата земја навремено ги пријавува промените направени во Програмата за надзор на Авијарна инфлуенца на Агенцијата.

Член 165

Вакцинација против Авијарна инфлуенца при увоз

Кога во трети земји, територија, зони или комплекси се спроведува вакцинација против Авијарна инфлуенца, живината или друг производ добиен од вакцинирана живина може да се увезе во Република Северна Македонија само доколку:

1) третата земја спроведува вакцинација против Авијарна инфлуенца согласно Планот за вакцинација даден во Прилог 6 Дел 10 колона 8 на овој правилник, и доколку тој план е во согласност и ги исполнува условите дадени во Прилог 17 кој е составен дел на овој правилник и

2) третата земја навремено ги пријавува промените направени во Планот за вакцинација против Авијарна инфлуенца до Агенцијата.

Член 166

Трети земји, територии, зони и комплекс слободни од Њукастелска болест

(1) Трета земја, територија, зона или комплекс од каде се врши увоз на пратки живина и производи од живина во Република Северна Македонија се смета за слободна од Њукастелската болест доколку:

1) не е регистрирана појава на Њукастелска болест кај живината од трета земја, територија, зона или комплекс во период од најмалку 12 месеци пред издавањето на ветеринарно- здравствениот сертификат од страна на официјаниот ветеринар и

2) не е извршена вакцинација против Њукастелска болест со вакцини кои не се во согласност со критериумите за одобрени вакцини за Њукастелска болест дадени во Прилог 18 кој е составен дел на овој правилник, во периодот наведен во точка 1) на овој став.

(2) При појава на Њукастелска болест во трета земја, територија, зона или комплекс слободни од оваа болест како што е наведено во став (1) од овој член, таа трета земја, територија, зона или комплекс ќе се смета за слободна доколку:

1) за контрола на болеста се применува stamping out метода;

2) извршено е чистење и дезинфекција на сите објекти каде се појавила инфекцијата;

3) во период од најмалку три месеци после завршувањето на методата на stamping out и спроведеното чистење и дензинфекција од точките 1) и 2) од овој став:

а) надлежниот орган на третата земја може да докаже отсуство на болеста Њукастел во третата земја, територија, зона или комплекс со примена на интензивни испитувања и лабораториски тестирања во врска со појавата на болеста и

б) не е извршена вакцинација против Њукастелска болест со вакцини кои не се во согласност со условите за одобрени вакцини за Њукастелска болест дадени во Прилог 18 на овој правилник.

Член 167

Исклучоци во употребата на вакцините против болеста Њукастел

(1) За пратките на живина, јајца за ведење, еднодневни пилиња и назначено патоген-слободни јајца, со исклучок од член 166 став (1) точка 2) и став (2) точка 3) подточка б) на овој правилник, од трета земја, територија, зона или комплекс ќе се сметаат за слободни од болеста Њукастел доколку се исполнети следните барања:

1) во третата земја, територија, зона или комплекс е дозволена употреба на вакцина кои ги исполнуваат општите услови дадени во Прилог 18 Дел 1 на овој правилник, но не и посебните барања дадени во Прилог 18 Дел 2 на овој правилник и

2) исполнети се дополнителните барања дадени во Прилог 19 Дел 1 кој е составен дел на овој правилник.

(2) За пратките со месо, мелено месо и механички одвоено месо од живина, вклучувајќи ноеви и диви птици, јајца и производи од јајца, со исклучок на член 155 став (1) точка 2) и став (2) точка 3) потточка б) на овој правилник, од трета земја, територија, зона или комплекс од која е одобрен увоз на живина или месо од живина, ќе се сметаат за слободни од болеста Њукастел кога се исполнети дополнителните барања дадени во Прилог 19 Дел 2 на овој правилник.

Глава III
Посебни барања за увоз на живина, јајца за ведење и еднодневни пилиња

Член 168
Увоз на живина, јајца за ведење и еднодневни пилиња

(1) Покрај барањата пропишани во Дел VIII Глава I и II на овој правилник, при увоз на живина, јајца за ведење и еднодневни пилиња ќе се применуваат и:

1) барањата наведени во Прилог 20 кој е составен дел на овој правилник за живина за размножување и производство со исклучок на ноеви, јајца за ведење и еднодневни пилиња со исклучок на ноеви и

2) барањата наведени во Прилог 21 Дел 1, 2, 3 и 4 кој е составен дел на на овој правилник, за ноеви за размножување и производство, јајца за ведење и ендодневни пилиња од ноеви.

(2) Одредбата од став (1) на овој член не се применува во случај на единечна пратка со помалку од 20 единки живина, освен за ноеви, јајца за ведење од ноеви или еднодневни пилиња од ноеви.

Член 169
Увоз на јајца слободни од одредени патогени

Покрај барањата пропишани во членовите 157, 158, 159 и 160 на овој правилик, увоз на јајца слободни од одредени патогени во Република Северна Македонија ќе се врши доколку:

1) бидат означени со печат кој го носи ISO кодот за соодветната трета земја на потекло и бројот на одобрение на објектот на потекло;

2) секој пакет со јајца слободни од одредени патогени содржи јајца од иста трета земја на потекло, објект и испраќач, и треба да ги носи следните податоци:

а) на секое јајце информациите согласно точка 1) од овој член;

б) јасно видлива ознака дека пратката е составена од назначено патоген-слободни јајца и

в) името на испраќачот или назив на фирмата и адреси и

3) увезените јајца слободни од одредени патогени треба да бидат превезени директно до крајната дестинација откако е утврдено дека пратката е во согласност со овој член.

Член 170
Превоз на живина и еднодневни пилиња

Увезената живина и еднодневни пилиња не треба:

1) да се натоварени на средства за транспорт кои пренесуваат друга живина или еднодневни пилиња со понизок здравствен статус и

2) за време на транспортот кон Република Северна Македонија, да поминуваат или да бидат истоварени во трета земја, територија, зона или комплекс од кои увозот на живина или еднодневни пилиња не е одобрен.

Член 171
Увоз на месо од ноеви

Увоз на месо добиено од ноеви може да се врши ако се подложени на мерките на заштита во однос на Кримеан-Конгоанска хеморагична треска пропишани во Прилог 21 Дел 6 на овој правилник.

ДЕЛ IX
Увоз на одредени видови на птици

Член 172
Увоз на одредени видови на птици

Увозот на ордедени видови на птици се врши од одобрени објекти за одгледување, доколку:

1) птиците се одгледувани во заробеништво;

2) птиците потекнуваат од трети земји или делови од трети земји наведени во Прилог 6 Дел 11 кој е составен дел на овој правилник.

3) птиците доаѓаат од објекти за одгледување одобрени согласно член 163 на овој правилник.

4) седум до 14 дена пред увозот, врз птиците е извршен лабораториско испитување за присуство на вирусот на Авијарна инфлуенца и Њукастелска болест при што се добиени негативни резултати;

5) не се вакцинирани против Авијарна инфлуенца;

6) се придружени со ветеринарно-здравствен сертификат даден во Прилог 7 Дел 19 на овој правилник, изготвен во согласност со член 8 на овој правилник, при што не се исклучува можноста за употреба на електронски сертификат или некој друг одговорен систем за сертифиација.

7) птиците се обележани со индивидуален идентификационен број со помош на целосно затворен ножен прстен кој е единствено означен или со микрочип, во согласност со прописите за заштита на диви видови на животни и растенија и трговија со нив.

8) индивидуалниот идентификационен број на ножниот прстен или микрочипот од точка 7) од овој став треба да ги содржи следниве информации:

9) ISO кодот на третата земја извозник која го врши обележувањето и

10) единствен сериски број;

11) индивидуалниот идентификационен број од од точка 8) од овој член треба да биде наведен во ветеринарно-здравствениот сертификат од точка 6) од овој став;

12) птиците се транспортираат во нови контејнери кои се идивидуално означени на надворешната страна со идентификационен број кој одговара со идентификациониот број наведен во ветеринарно-здравствениот сертификат од точка 6) од овој член.

Член 173
Одобрени објекти за одгледување на птици

Објект за одгледување на птици од кој е дозволен увоз треба да:

1) е одобрен од страна на надлежниот орган на трета земја извозник во согласност со условите наведени во Прилог 22 кој е составен дел на овој правилник,

2) да се наоѓа на Листата од член 157 на овој правилник.

ДЕЛ X
УВОЗ И ТРАНЗИТ НА МЕШОВИТИ ПРОИЗВОДИ

Член 174
Увоз на мешовити производи

(1) Увоз на пратки со мешовити производи кои содржат преработени производи од месо, производи од млеко во половина или повеќе од нивната супстанција, производи од млеко кои не се стабилни на собна темпе-

ратура во било кои количества и преработени производи од риба или јајца во половина или повеќе од нивната супстанција се врши доколку:

1) доаѓаат од трета земја одобрена за увоз во Република Северна Македонија на производи од животинско потекло кои се содржани во тие мешовити производи;

2) производите од животинско потекло кои се користат за производство на тие мешовити производи потекнуваат од објекти одобрени за увоз во Република Северна Македонија и

3) се придружени со здравствен сертификат, согласно образецот CP-I од Прилог 7 Дел 21 на овој правилник и ги исполнуваат барањата утврдени во тој сертификат.

(2) Увоз на пратки со мешовити производи кои во половина или повеќе од нивната супстанција содржат други производи од животинско потекло освен оние од став (1) на овој член, се врши доколку:

1) доаѓаат од трета земја или дел на трета земја одобрена за увоз во Република Северна Македонија на производи од животинско потекло кои се содржат во тие мешовити производи и

2) се придружени со соодветен ветеринарно-здравствен сертификат за производот од животинско потекло кој е составен дел од мешовитиот производ.

Член 175
Транзит и складирање на одредени мешовити производи

Транзит на пратки со мешовити производи кои содржат преработени производи од месо, или кои содржат преработени производи од млеко и кои не се наменети за увоз туку се наменети за трета земја преку директен транзит или по складирање во Република Северна Македонија, се врши доколку:

1) доаѓаат од трети земји или делови од трети земји одобрени за увоз во Република Северна Македонија на производи од животинско потекло кои се содржани во тие мешовити производи и се во согласност со соодветните барања за третман на тие производи;

2) се придружени со здравствен сертификат, согласно образецот CP-T/S од Прилог 7 Дел 21 на овој правилник и ги исполнуваат условите пропишани во тој сертификат и

3) со записникот и решението (ВВДП) од член 67 на овој правилник, потпишан од официјалниот ветеринар на граничен премин на влез во Република Северна Македонија, се потврди дека пратката е прифатлива за транзит, вклучувајќи и складирање, каде што е соодветно.

ДЕЛ XI
Одобрени објекти за увоз

Член 176
Увоз на производи и нус-производи од животинско потекло

Увоз на производи и нус-производи од животинско потекло во Република Северна Македонија е дозволен од објекти кои се наоѓаат на веб страната на Агенцијата, www.fva.gov.mk.

ДЕЛ XII
Преодни и завршни одредби

Член 177
Отпочнување на примена

(1) Одредбите од членовите 39 и 75 на овој правилник ќе отпочнат да се применуваат по влез на Република Северна Македонија во Европската унија.

(2) Сите обрасци на здравствени сертификати за транзит и складирање (T-S) од Прилог 7 на овој правилник, ќе отпочнат да се применуваат со пристапувањето на Република Северна Македонија во Европската унија.

Член 178
Одложен престанок на важење

Одредбите на член 2 точка 1), 13), 14), 15), 16), 17), 18), 19), 20), 21), 22), 23), 24), 25), 26), 27), 28), 29), 30), 31), 32) и 33) , член 6 став (1), (4), (5), (6), (7), (8) и (9), член 10 став (2), (3), (4), (5) и (6), членовите 11, 12, 13, 23 став (1), (2), (3), (4) и (6), член 25 став (1), (2), (3), (4), и (5), член 26 став (3), член 29 став (3), член 44 став (1), член 46 став (1), (5) и (7), член 48 став (1) и (2), членовите 49, 50, 51, 62 став (1), (2) и (4), член 63 став (1) и (3), членовите 64, 65, 66 став (1), (2), (3) и (4), членовите 88, 89, 90, 91, 92, 102, 103, 104, 105, 106, 107, 108, 109, 110, 111, 112, 113, 114, 115, 116, 117, 118, 119, 120, 121, 122, 123, 124, 125, 126, 127, 128, 129, 130, 131, 132, 133, 134, 135, 138, 140, 141, 146, 147, 148, 149, 150, 151, 152, 153, 154, 155, 156, 157, 158, 159, 160, 161, 162 и 162 престануваат да важат со пристапувањето на Република Северна Македонија во Европската унија.

Член 179
Престанок на важење

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за начинот и постапката за увоз и транзит, листа на трети земји од кои е одобрен увоз и транзит, формата и содржината на ветеринарно-здравствениот сертификат или други документи што ја придружуваат пратката со живи животни, аквакултура и производи од животинско потекло, како и начинот и постапката на вршење на проверка и преглед при увоз и транзит на пратка со живи животни, аквакултура и производи од животинско потекло („Службен весник на Република Македонија“ бр. 53/10, 86/10, 144/10, 27/11, 66/11, 72/11, 84/11, 95/11, 114/11, 168/11, 33/12, 45/12, 65/12, 86/12, 127/12, 5/13, 102/13, 124/14, 33/15, 63/15 и 165/15).

Член 180
Влегување во сила

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе отпочне да се применува од 1 јуни 2019 година.

Бр. 02-1123/1
21 март 2019 година
Скопје

Агенција за храна
и ветеринарство
Директор,
Зоран Атанасов, с.р.

(*1) Правилникот за заштита и благосостојба на животните за време на превоз е усогласен со Регулативата на Советот (ЕЗ) број 1/2005 од 22 декември 2004 година за заштита на животните за време на превоз и поврзани операции (CELEX број 32001R0001);

(*2) Правилникот за начинот и постапката за транзит, начинот и постапката на проверките и прегледот на пратките во транзит и начинот и постапката за увоз на домашни миленици е усогласен со со Регулативата (ЕЗ) бр. 576/2013 на Европскиот Парламент и на Советот на 12 ју ни 2013
година за некомерцијал но движење на домашни миленици и ја поништува Регулативата (ЕЗ) бр. 998/2003 (CELEX бр. 32013R0576) и Регулативата на Комисијата за спроведување (ЕУ) бр. 577/2013 на 28 ју ни 2013 за моделот на документи за идентификација за некомерцијално движење на кучиња, мачки и фретки, воспоставувањето на листа на територии и трети земји и форматот, изгледот и ја зичните барања на декларациите со кои се потврдува усогласеноста со некои услови обезбедени во Регулативата (ЕУ) бр. 576/2013 на Европскиот парламент и на Советот (CELEX бр. 32013R0577).

Прилог 1

ИЗЈАВА ОД ТРАНСПОРТЕРОТ

<table>
<tr><td colspan="7">Да се пополни од страна на возачот за време на патувањето и да е достапно за надлежниот орган на местото на испраќање за време од еден месец од датата на пристигање на местото на дестинација</td></tr>
<tr><td colspan="7">Актуелна маршрута – Одмор, трансфер или места на излез</td></tr>
<tr><td rowspan="2">Место и адреса</td><td colspan="2">Пристигање</td><td colspan="2">Заминување</td><td rowspan="2">Времетраење на застанување</td><td rowspan="2">Причина</td></tr>
<tr><td>Дата</td><td>Време</td><td>Дата</td><td>Време</td></tr>
<tr><td></td><td></td><td></td><td></td><td></td><td></td><td></td></tr>
<tr><td></td><td></td><td></td><td></td><td></td><td></td><td></td></tr>
<tr><td></td><td></td><td></td><td></td><td></td><td></td><td></td></tr>
<tr><td></td><td></td><td></td><td></td><td></td><td></td><td></td></tr>
<tr><td></td><td></td><td></td><td></td><td></td><td></td><td></td></tr>
<tr><td></td><td></td><td></td><td></td><td></td><td></td><td></td></tr>
<tr><td></td><td></td><td></td><td></td><td></td><td></td><td></td></tr>
<tr><td></td><td></td><td></td><td></td><td></td><td></td><td></td></tr>
<tr><td colspan="5">Причина за било каква разлика помеѓу актуелната и предложената маршрута/Други забелешки</td><td colspan="2">Дата и време на пристигање на местото на дестинација</td></tr>
<tr><td colspan="7">Брои и причини за повреди на животните и/или угинувања за време на патувањето</td></tr>
<tr><td colspan="3">Име и потпис на возачот</td><td colspan="4">Име на транспортерот и број на одобрение</td></tr>
<tr><td colspan="7">Како транспортер, јас изјавувам дека податоците внесени погоре се точни и дека сум свесен дека било каков инцидент за време на патувањето кој ќе доведе до угинување на животните мора да биде пријавена на надлежниот орган на местото на поаѓање.

Дата и место

Потпис на транспортерот</td></tr>
</table>

DECLARATION BY TRANSPORTER

TO BE COMPLETED BY THE DRIVER DURING THE COURSE OF THE JOURNEY AND TO BE AVAILABLE TO THE COMPETENT AUTHORITIES OF THE PLACE OF DEPARTURE WITHIN ONE MONTH OF THE DATE OF ARRIVAL AT THE PLACE OF DESTINATION.

Actual itinerary – Resting, transfer or exit points

Place and address	Arrival		Departure		Length of stop	Reason
	Date	Time	Date	Time		

Reason for any difference between actual and proposed itinerary/Other observation	Date and time of Arrival at the place of destination

Number and reason for animal injuries and/or deaths during the journey

DRIVER(S)'s name and signature	**TRANSPORTER's** name, authorisation number

As the transporter, I hereby certify that the entries above are correct and I am aware that any incident during the journey that leads to animals death must be declared to the competent authorities of the place of departure.

Transporter' signature

Date and place

Прилог 2

Записник за проверки за благосостојба на живите животни и средствата за превоз на живите животни

Граничен Премин .....
Дата на преглед .....
Реф. бр. на записник .....

Дел 1 : Идентификација на пратката и транспортерот

Име на превозникот или компанијата .....
Реф.бр. на лиценцата за превозното средство....., надлежен орган кој ја издал....., датума на истекување .....
Број на регистарска табличка на возилото.....
Број на регистарска табличка на приколката.....
Име на возачот и лицето одговорно за транспортот .....
Реф.бр. на ветеринарно-здравствениот сертификат и планот за движење .....
Реф.бр. на ВВДЖ .....

Дел 2 : Преглед на транспортното средство

Предмет на преглед	Исполнува		Забелешки
	ДА	НЕ	
Кров (состојба и трајност)			
Средства за врзување			
Метод на врзување			
Подвижен шестар			
Под (лизгавост, дупки, остри агли)			
Постелка од сено (адекватност, сувост, влажност, цврстина)			
Осветлување (адекватност, јачина, подвижност)			
Вентилација (природна/вештачка, број на нивоа)			
Отворено/затворено возило			
Температура (дневна, многу висока/ниска)			
Канали за хранење (адекватност, функционалност, големина)			

Канали за напојување (адекватност, функционалност)			
Густина на животните			
Опрема за натовар и истовар			
Заштитна ограда			
Храна (адекватна, чиста, заштитена)			

Дел 3 : Преглед на состојбата на животните за време на транспортот

Предмет на прегледот	Констатација- забелешки
Број и видови на животни	
Густина на животните	
Број на болни/повредени животни и нивен третман	
Број на животни кои не се во состојба да го продолжат транспортот	
Број на мртви животни и причината за тоа	
Број на новородени животни за време на транспортот	
Општи услови и однесување на групата	

Дел 4 : Резултати од прегледот

а) Задоволува – животни способни да го продолжат патувањето ☐

б) Не задоволува, но животните можат да го продолжат патувањето ☐

Мерки:

Пишана порака ☐

Административни мерки ☐

Суспензија на лиценцата ☐

Одземање на лиценцата ☐

Прекршочна пријава ☐

в) Незадоволува, животните не можат да го продолжат патувањето ☐

Мерки: Пишана порака ☐

Административни мерки ☐

Суспензија на лиценцата ☐

Одземање на лиценцата ☐

Прекршочна пријава ☐

Мерки за животните: Принуден одмор ☐

Колење за човечка исхрана ☐

Дел 5 : Забелешки - Препораки

.....
.....
.....

Одговорно лице за превозот

Потпис на превозникот/возачот

Потпис на официјалниот ветеринар на граничен премин

....

Име на превозникот /возачот

Име на официјалниот ветеринар на граничен премин

....

Овој записник е издаден во два еднообразни примерока од кои еден примерок за официјалниот ветеринар на граничен премин и еден примерок за превозникот или возачот.

Прилог 3

Ветеринарен влезен документ за живи животни

Агенција за храна и ветеринарство — **ВЕТЕРИНАРЕН ВЛЕЗЕН ДОКУМЕНТ, ВВД живи животни**

Дел 1: Податоци за пратката

1. Испраќач/Извозник ☐ Име Адреса Земја + ISO код	2. ВВД, референтен број Граничен премин ОЕ
3. Примач Име Адреса Поштенски број Земја + ISO код	4. Лице одговорно за пратката Име Адреса
7. Увозник Име Адреса Поштенски број Земја + ISO код	5. Земја на потекло + ISO код: 6. Регион на потекло + ISO код 8. Место на дестинација Име Број на одобрение Адреса Поштенски број Земја + ISO код
9. Пристигнување на граничен премин (предвиден датум) Дата Време 11. Вид на транспорт Авион ☐ Брод ☐ Воз ☐ Камион ☐ Друго ☐ Идентификација: Повикување на документи:	10. Ветеринарни документи Број Датум на издавање Пропратни документ(и) Број(еви)
12. Вид на животно, раса	13. Тарифна ознака (CN код)
	14. Број на животни 15. Број на пакети
16. Животни наменети за: Одгледување/производство ☐ Тов ☐ Колење ☐ Одобрени тела ☐ Миленици ☐ Друго ☐ Карантин ☐ Регистрирани еквиди ☐ Пренос ☐ Циркус/изложба ☐	
17.Број на пломба и број на контејнер	
18. Пренос до: ☐ Граничен премин ГП број: Трета земја ISO код на трета земја:	19. За транзит до трета земја ☐ До трета земја +ISO код: Граничен премин на излез Број на единица на ГП:
20. За увоз или влез Траен увоз ☐ Повторен влез на коњи ☐ Привремен влез на коњи ☐ Датум на излез Граничен премин на излез	21. Транзит низ земјите ☐ Земја +ISO код: Земја +ISO код: Земја +ISO код:
22. Средства за транспорт по граничен премин Железница ☐ Регистерски број: Авион ☐ Број на лет: Брод ☐ Патни возила ☐ Регистарски број Друго ☐	23. Превозник Име Број на одобрение Адреса Поштенски број Земја 24.План за движење да ☐ не ☐
25. Изјава Јас, долупотпишаното лице одговорно за натоварот кој е погоре опишан, потврдувам дека со целосно мое знаење и верување изјавите дадени во Дел I на овој документ се вистинити и целосни и се согласувам дека се во согласност со законските барања, вклучувајќи го и плаќањето на надоместокот за ветеринарниот преглед, како и за повторно испратена пратка, за карантин или изолација на животните, или за еутаназија и уништување, доколку е неопходно.	Место и датум на изјавување Име на потписник Потпис:

Агенција за храна и ветеринарство

ВЕТЕРИНАРЕН ВЛЕЗЕН ДОКУМЕНТ, ВВД живи животни

Дел 2: Одлука за пратката

26. Преглед на документи:

Стандарди на ЕУ Задоволува Не задоволува

Дополнителни гаранции Задоволува Не задоволува

Национални барања Задоволува Не задоволува

27. ВВД референтен број:

28. Преглед на идентитет: Отстапување

Задоволува Не задоволува

29. Физички преглед:

Отстапување Вкупно прегледани животни

Задоволува Не задоволува

30. Лабораториски тестови: Не Да

Тестирано за:

Случаен избор Сомнеж

Резултати: Задоволува Не задоволува

Резултати во постапка

31. Преглед на благосостојба: Отстапување

По пристигнување Задоволува Не задоволува

32. Влијание на превозот врз животните:

Број на угинати животни Оценка

Број на животни кои незадоволуваат Оценка

Број на новородени или абортуси

33. ПРИФАТЛИВО за пренос:

Граничен премин Број на ГП:

Трета земја ISO код на трета земја:

34. ПРИФАТЛИВО за транзит:

До трета земја + ISO код

Граничен премин на излез: Број на ГП:

35. ПРИФАТЛИВО за траен увоз:

За контролирана дестинација

Колење

Одобрено тело

Карантин

36. ПРИФАТЛИВО за привремен влез

Краен рок

37. Причини за одбивање

1. Отсуство/ неправилен сертификат
2. Неусогласеност со документацијата
3. Неодобрена земја
4. Неодобрен регион
5. Забранети видови
6. Отсуство на дополнителни гаранции
7. Заштитни одредби
8. Заболени или сомнителни животни
9. Незадоволителни резултати од тестови
10. Неподобно за патување
11. Отсуство на национални барања
12. Прекршување на меѓународни правила за превоз
13. Недостаток или незаконска идентификација
14. Друго

38. НЕ ПРИФАТЛИВО

1. Повторно испраќање
2. Колење
3. Еутаназија

39. Детали за контролирана дестинација (35.36.38)

Број на одобрение (кога е потребно):

Адреса

Поштенски број

40. Повторно запечатување на пратка

Нов број на пломба:

41. Целосна идентификација на ветеринарниот граничен премин и службен печат

Граничен премин Печат

Број на ГП:

42. Официјален ветеринар

Јас, долупотпишаниот официјален ветеринар на ГП, потврдувам дека ветеринарните прегледи на оваа пратка се извршени во согласност со националните барања и доколку е потребно, во согласност со националните барања на земјата членка на ЕУ која е крајна дестинација.

Име (со големи букви):

Датум: Потпис

43. Повикување на царински документ:

Дел 3: Контрола

44. Детали за повторно испраќање:

Средство за транспорт бр:

Воз Авион Брод Камион

Земја на дестинација: + ISO код

Датум:

45. Проследување

Излезен ГП ГП на крајна дестинација Подрачна ветеринарна единица

Пристигнување на пратката Да Не Совпаѓање на пратката Да Не

46. Официјален ветеринар

Име (со печатни букви):

Адреса: Број на единица

Датум: Печат: Потпис:

Прилог 4

Ветеринарен влезен документ за производи

Агенција за храна и ветеринарство

ВЕТЕРИНАРЕН ВЛЕЗЕН ДОКУМЕНТ, ВВД за производи

Дел 1: Податоци за пратката

1. Испраќач/Извозник ☐	2. ВВД, референтен број			
	Граничен премин			
	ОЕ			
3. Примач	4. Лице одговорно за натовар			
5. Увозник	6. Земја на потекло	+ISO код	7. Земја на испраќање	+ ISO код
	8. Адреса на испорака			
9. Пристигнување на граничен премин (предвиден датум)	10. Ветеринарни документи			
11. Име на брод / Лет број: Документ за натовар бр. / Авионски документ бр: Вагон/ возило/ приколка бр.:	Број Дата на издавање Објект на потекло Број на ветеринарно одобрение			

12. Опис на стока, број и вид на пакување	13. Тарифна ознака (минимум првите 4 цифри)
	14. Бруто маса (кг)
	15. Нето маса (кг)
Температура Разладено: ☐ Замрзнато: ☐ Амбиентална ☐	
16. Број на пломба и број на контејнер	

17. Пренос до ☐ Граничен премин на ЕУ ОЕ Трета земја ISO код на трета земја:	18. За транзит до трета земја ☐ За трета земја + ISO код Излезен граничен премин ОЕ
19. Усогласено со националните барања Усогласено ☐ Неусогласено ☐	20. За повторен увоз ☐
21. За внатрешен пазар Човечка исхрана ☐ Добиточна храна ☐ Фармацевтска употреба ☐ Техничка употреба ☐ Друго ☐	22. За НЕ-потврдени пратки Царински магацин ☐ Регистарски број Слободна зона или слободен магацин ☐ Регистарски број Бродски транспортер ☐ Регистарски број Брод ☐ Име Пристаниште
23. Изјава Јас, долупотпишаното лице одговорно за натоварот кој е погоре опишан, потврдувам дека со целосно мое знаење и верување изјавите дадени во Дел I на овој документ се вистинити и целосни и се согласувам дека се во согласност со законските барања, вклучувајќи го и плаќањето на надоместокот за ветеринарниот преглед, како и при повраток на одбиена пратка или трошоците за уништување на пратката доколку е потребно.	Место и датум на изјавување Име на потписник Потпис

Агенција за храна и ветеринарство

ВЕТЕРИНАРЕН ВЛЕЗЕН ДОКУМЕНТ, ВВД живи животни

Дел 2: Одлука за пратката

24. Претходен ВВД: Не ☐ Да ☐

☐ Референтен број

25. ВВД референтен број:

26. Преглед на документи:

Задоволува ☐ Не задоволува ☐

27. Преглед на идентитет:

Преглед на пломба ☐ ИЛИ целосен преглед на идентитетот ☐

Задоволува ☐ Не задоволува ☐

28. Физички преглед:

Задоволува ☐ Не задоволува ☐

Не е извршен

1. Намален режим на преглед ☐

2. Друго ☐

29. Лабораториски тестови Не ☐ Да ☐

Тестирано за:

Случаен избор ☐ Сомнеж ☐

Резултати: Задоволува ☐ Не задоволува ☐

Ослободено со резултат во постапка ☐

30. ПРИФАТЛИВО за пренос:

Граничен премин на ЕУ ☐ ОЕ

Трета земја ☐ ISO код на трета земја:

31. ПРИФАТЛИВО за транзит: ☐

До трета земја + ISO код

Излезен граничен премин ОЕ

32. ПРИФАТЛИВО за внатрешен пазар:

За слободен промет
Човечка исхрана: ☐
Добиточна храна: ☐
Фармацевтска употреба: ☐
Техничка употреба: ☐
Друго: ☐

33. ПРИФАТЛИВО ако е канализирано

Процедура (по член 70 и 71 од Правилникот(*)) ☐

Повторен увоз на производи од Р. Македонија (член 69 од Правилникот(*)) ☐

34. Прифатливо за посебни постапки на складирање (член 95 од Законот за ветеринарно здравство)

Царински магацин ☐
Слободна зона или слободен магацин ☐
Бродски снабдувач ☐
Директно до брод ☐

35. НЕ ПРИФАТЛИВО

1. Повторен извоз ☐
2. Уништување ☐
3.Трансформација ☐

Најдоцна до:

36. Причини за одбивање

1. Отсуство/ неправилен сертификат ☐
2. Неодобрена земја ☐
3. Неодобрен објект ☐
4. Забранет производ ☐
5. Идентификација: не е усогласено со документот ☐
6. Идентификација: грешка во означувањето ☐
7. Физички онечистено ☐
8. Хемиска контаминација ☐
9. Микро-биолошка контаминација ☐
10. Друго ☐

37. Податоци за контролирана дестинација (33-35)

Контролен број (доколку е потребно):
Адреса:

38. Повторно запечатување на пратка
Нов број на пломба:

39. Целосна идентификација на ветеринарниот граничен премин/ надлежен орган и службен печат.

40. Официјален ветеринар

Јас долупотпишаниот официјален ветеринар, или овластено лице, потврдувам дека ветеринарните прегледи на оваа пратка се извршени во согласност со националните прописи.

Потпис:

Име (со печатни букви):

Датум:

41. Излезен транзитен граничен премин : Формалностите за излез од Р. Македонија и прегледите направени на пратката која транзитира се во согласност со член 66 од Правилникот(*).

Датум:

Печат

42. Повикување на царински документ:

43. Следен ВВД
Број(еви):

Прилог 5

Категорија на производи и нуспроизводи од животинско потекло и фрекфенција на физички прегледи

Категорија на производи и нуспроизводи од животинско потекло	Фрекфенција на физички прегледи
Категорија I 1. Свежо месо вклучително и внатрешни органи и производи од говеда, овци, кози, свињи и коњи, наменети за исхрана на луѓе 2. Производи од риба во херметички затворени амбалажи, кои се одржуваат на собна температура; свежа и замрзната риба; суви и/или солени производи од риба 3. Јајца за конзум 4. Сланина и топени масти 5. Црева од животинско потекло 6. Јајца за ведење	20 %
/[cows, ewes, goats or buffaloes and prior to import into the territory of the Republic of North Macedonia have undergone or been produced from raw milk which has undergone
(1) или [третман на пастеризација кој вклучува единствен топлотен третман со загревачки ефект кој е минимум
/either еквивалентен со оној кој се добива при процес на пастеризација на најмалку 72°C со времетраење од 15 секунди и, каде што е применливо, доволен за да осигура негативна реакција на тест на алкална фозфатаза спроведен веднаш по третманот на загревање;]
/[a pasteurization treatment involving a single heat treatment with a heating effect at least equivalent to that achieved by a pasteurization process of at least 72 °C for 15 seconds and where applicable, sufficient to ensure a negative reaction to an alkaline phosphatase test applied immediately after the heat treatment;]
(1) или [процес на стерилизација, со цел да се добие F_0 вредност идентична или поголема од три;]
/or /[a sterilisation process, to achieve an F_0 value equal to or greater than three;]
(1) или [an ultra high temperature (UHT) treatment at not less than 135 °C in combination with a suitable holding time;]
/or /[третман со ултра висока температура (UHT) на не помалку од 135°C во комбинација со соодветен период на задржување;]
(1) или [третман со висока температура со кратко времетраење (HTST) на 72°C со времетраење од 15 секунди, или
/or третман со еквивалентен пастеризирачки ефект, спроведен на млеко со pH вредност пониска од 7,0 постигнувајќи, онаму каде што е неопходно, негативна реакција на тестот со алкална фосфатаза;]
/[a high temperature short time pasteurization treatment (HTST) at 72 °C for 15 seconds, or a treatment with an equivalent pasteurization effect, applied to milk with a pH lower than 7,0 achieving, where applicable, a negative reaction to a alkaline phosphatase test;]
(1) или [третман со висока температура со кратко времетраење (HTST) на 72°C со времетраење од 15 секунди, или
/or третман со еквивалентен пастеризирачки ефект, два пати спроведен на млеко со pH вредност пониска од 7,0 постигнувајќи, онаму каде што е неопходно, негативна реакција на тестот со алкална фосфатаза, проследен со
/[a high temperature short time pasteurisation treatment (HTST) at 72 °C for 15 seconds, or a treatment with an equivalent pasteurisation effect, applied twice to milk with a pH equal to or greater than 7,0 achieving, where applicable, a negative reaction to a alkaline phosphatase test, immediately followed by
(1) Или [намалување на pH вредноста под 6 за 1 час;]
/Either /[lowering the pH below 6 for 1 hour;]
(1) Или [дополнително загревање еквивалентно или поголемо од 72°C, во комбинација со сушење;]]
/Or /[additional heating equal to or greater than 72 °C, combined with desiccation;]]
(1) или [животни кои не припаѓаат на видовите крави, овци, кози или биволи и пред увозот на територијата на
/or Република Северна Македонија биле предмет или биле произведени од сирово млеко кое било предмет на
/[animals other than cows, ewes, goats or buffaloes and prior to import into the territory of the Republic of North Macedonia have undergone or been produced from raw milk which has undergone
(1) Или [a sterilisation process, to achieve an F0 value equal to or greater than three;]/
/Either [процес на стерилизација, со цел да се постигне F0 вредност идентична или поголема од три;]
(1) или [an ultra high temperature (UHT) treatment at not less than 135 °C in combination with a suitable
/Or holding time;]]
/[третман со ултра висока температура (UHT) на не помалку од 135°C во комбинација со соодветен период на задржување;]]
(d) / се произведени на ..... или помеѓу ..... и .....(4).]
/were produced on ..... or between .....and .....(4).]

(1) и/или /and/or [II.2.C **Преработени производи од јајца** кои потекнуваат од одобрена држава (5).. /**Processed egg products** that originate from the approved country (5)...

Биле произведени од јајца кои доаѓаат од објект кој ги исполнува барањата од Правилникот за посебните барања за храната од животинско потекло односно еквивалентниот Оддел 10 на Прилог 3 на Регулативата (ЕК) Бр. 853/2004 односно еквивалентните прописи од областа на ветеринарното здравство во Република Северна Македонија кој на датумот на издавање на сертификатот е слободен од високо патогена авијарна инфлуенца како што е дефинирано во Регулативата (ЕК) Бр. 798/2008 односно еквивалентните прописи од областа на ветеринарното здравство во Република Северна Македонија и
/Were produced from eggs coming from an establishment which satisfies the requirements of the Book of rules special requirements for food of animal origin and/or equivalent Section X of Annex III to Regulation (EC) No 853/2004 or equivalent veterinary legislation in Republic of North Macedonia which at the date of issue of the certificate is free from highly pathogenic avian influenza as defined in national veterinary legislation and/or equivalent Regulation (EC) No 798/2008 and
или/either
(1) II.2.C.1 [во радиус од 10 км во кој [вклучувајќи ја, каде што е соодветно, територијата на соседната држава,] немало појава на жариште на високо патогена авијарна инфлуенца или Њукастелска болест во период од најмалку 30 дена.]
/[within a 10 km radius of which [including, where appropriate, the territory of a neighboring country,] there has been no outbreak of highly pathogenic avian influenza or Newcastle disease for at least the previous 30 days.]
или/or
(1) II.2.C.2 [производите од јајца биле преработени:
/[the egg products were processed:
(1) Или [течната белка од јајце била третирана:
/Either /[liquid egg white was treated:
(1) Или [на температура од 55,6 °C во времетраење од 870 секунди.]
/Either /[with 55,6 °C for 870 seconds.]
(1) Или [на температура од 56,7 °C во времетраење од 232 секунди.]
/Or /[with 56,7 °C for 232 seconds.]

(1)	или/or		[10 % посолена жолчка била третирана на температура од 62,2°C во времетраење од 138 секунди.] /[10 % salted yolk was treated with 62,2 °C for 138 seconds.]
(1)	или/or		[исушена белка од јајце била третирана: /[dried egg white was treated:
		(1) Или	[на температура од 67°C во времетраење од 20 часа.]
		/Either	/[with 67°C for 20 hours.]
		(1) или	[на температура од 54,4°C во времетраење од 513 часа.]
		/Or	/[with 54,4°C for 513 hours.]
(1)	или/or		[цели јајца биле третирани најмалку: /[whole eggs were at least treated:
		(1) Или	[на температура од 60°C во времетраење од 188 секунди.]
		/Either	/[with 60 °C for 188 seconds.]
		(1) или	[целосно сварени.]
		/Or	/[completely cooked.]/
			[целата мешавина од јајца била третирана најмалку]: /[whole egg blends were at least treated]:
		(1) Или	[на температура од 60°C во времетраење од 188 секунди.]
		/Either	/[with 60 °C for 188 seconds.]
		(1) или	[на температура од 61,1°C во времетраење од 94 секунди.]
		/Or	/[with 61,1 °C for 94 seconds.]

Забелешки/Notes

Дел I:/ Part I:

- Точка I.7: се впишува ИСО кодот на земјата на потекло на мешовитиот производ кој содржи производи од месо, обработени желудници, мочни меури и црева од прописите од областа на ветеринарното здравство во Република Северна Македонија односно еквивалентниот Прилог 2, Дел 2 од Одлуката 2007/777/ЕС и/или за преработени производи од млеко од прописите од областа на ветеринарното здравство во Република Северна Македонија односно еквивалентниот Прилог 1 на Регулативата на Комисијата (ЕУ) Бр. 605/2010 и/или преработени производи од риба во прописите од областа на ветеринарното здравство во Република Северна Македонија односно еквивалентниот Прилог 1 и 2 на Одлуката на Комисијата 2006/766/ЕК и/или за преработени производи од јајца во прописите од областа на ветеринарното здравство во Република Северна Македонија односно еквивалентниот Прилог 1 Дел 1 од Регулатива на Комисијата (ЕК) Бр. 798/2008.
  /Box reference I.7: insert the ISO code of the country of origin of the composite product containing meat product, treated stomachs, bladders and intestines as listed in national veterinary legislation and/or equivalent Annex II, Part 2 to Decision 2007/777/EC and/or for processed dairy products in national veterinary legislation and/or equivalent Annex I to Commission Regulation (EU) No 605/2010 and/or for processed fishery products in national veterinary legislation and/or equivalent Annex I and II to Commission Decision 2006/766/EC and/or for processed egg products in national veterinary legislation and/or equivalent Annex I Part 1 to Commission Regulation (EC) No 798/2008.
- Точка I.11: име, адреса и број на одобрение/регистрација, доколку се познати, на објектот во кој е произведен мешовитиот производ. Име на земјата на потекло која треба да биде идентична како и земјата впишана во точка I.7.
  /Box reference I.11: name, address and registration/approval number if available of the establishments of production of the composite product(s). Name of the country of origin which must be the same as the country of origin in box I.7.
  Одобрениот број не е применлив.
  /Approval number is not applicable.
- Точка I.15: број на регистрација (железнички вагони или контејнер и патничко возило), број на лет (авион) или име (брод). Во случај на транспорт во контејнери, вкупниот број на контејнери и нивен број на регистрација и во случај кога име сериски број на пломба, истиот треба да биде впишан во точка I.23. Во случај на истовар или претовар, испраќачот треба да ја извести граничната инспекција на влез во Република Северна Македонија.
  /Box reference I.15: registration number (railway wagons or container and road vehicles), flight number (aircraft) or name (ship). In the case of transport in containers, the total number of containers and their registration number and where there is a serial number of the seal it must be indicated in box I.23. In case of unloading and reloading, the consignor must inform the border inspection post of introduction into the Republic of North Macedonia.
- Точка I.19: се впишува соодветниот код од Хармонизираниот систем (ХС) на Светската Царинска Организација, како на пример: 16.01; 16.02; 16.03; 16.04; 16.05; 19.01; 19.02; 19.05; 20.04; 20.05; 21.03; 21.04; 21.05; 21.06.
  /Box reference I.19: use the appropriate Harmonised System (HS) code of the World Customs Organisation such as: 16.01; 16.02; 16.03; 16.04; 16.05; 19.01; 19.02; 19.05; 20.04; 20.05; 21.03; 21.04; 21.05; 21.06.
- Точка I.20: се впишува вкупната бруто тежина и вкупната нето тежина.
  /Box reference I.20: indicate total gross weight and total net weight.
- Точка I.23: за контејнери или кутии, бројот на контејнерот и бројот на пломбата (доколку е применливо) треба да бидат вклучени.
  /Box reference I.23: for containers or boxes, the container number and the seal number (if applicable) must be included.
- Точка I.28: објект за производство: се впишува името и бројот на одобрението, доколку се познати, на објектот за производство на мешовитиот производ. Природа на производот: во случај на мешовити производи кои содржат производи од месо, третирани желудници, мочни меури и црева, се впишува 'производ од месо', 'обработени желудници', 'мочни меури' или 'црева'. Во случај на мешовит производ кој содржи производи од млеко, се впишува 'производи од млеко'.
  /Box reference I.28: Manufacturing plant: insert the name and approval number if available of the establishments of production of the composite product(s). Nature of commodity: in case of composite products containing meat products, treated stomachs, bladders and intestines indicate 'meat product', 'treated stomachs', 'bladders' or 'intestines'. In case of composite product containing dairy products indicate 'dairy product'.

Part II:/Дел II:

(1) Пополни како што е соодветно
/Keep as appropriate..

(2) Производите од месо пропишани во Правилникот за посебните барања за храната од животинско потекло односно еквивалентната точка 7.1 од Прилог 1 на Регулативата (ЕК) Бр. 853/2004 и обработени желудници, мочни меури и црева како што е пропишано во Правилникот за посебните барања за храната од животинско потекло односно еквивалентната точка 7.9 на Прилог 1 на Регулативата (ЕК) Бр. 853/2004 кои биле предмет на еден од третманите пропишани во прописите од областа на ветеринарното здравство во Република Северна Македонија односно еквивалентниот Прилог 2 Дел 4 од Одлуката 2007/777/ЕК.
/Meat products as laid down in the Book of rules special requirements for food of animal origin and/or equivalent point 7.1 of Annex I to Regulation (EC) No 853/2004 and treated stomachs, bladders and intestines as laid down in the Book of rules special requirements for food of animal origin and/or equivalent point 7.9 of Annex I to Regulation (EC) No 853/2004 that have undergone one of the treatments laid down in national veterinary legislation and/or equivalent Annex II Part 4 to Decision 2007/777/EC.

(3) Сирово млеко и производи од млеко се сирово млеко и производи од млеко кои се наменети за исхрана на луѓе како што е дефинирано во Правилникот за посебните барања за храната од животинско потекло односно еквивалентната точка 7.2 од Прилог 1 на Регулативата (ЕК) Бр. 853/2004.
/Raw milk and dairy products means, raw milk and dairy products for human consumption as defined in the Book of rules special requirements for food of animal origin and/or equivalent point 7.2 of Annex I to Regulation (EC) No 853/2004.

(4) Дата или датуми на производство. Увозот на сирово млеко или производи од млеко нема да биде дозволен во случај кога се добиени или пред датумот на одобрението на третата земја или нејзините делови за извоз во Република Северна Македонија, споменати во точка I.7 и I.8, или за време на усвојување на рестриктивни мерки од страна на Република Северна Македонија против увоз на сирово млеко и производи од млеко од оваа трета земја или нејзини делови
/Date or dates of production. Imports of raw milk and dairy products shall not be allowed when obtained either prior to the date of authorisation for exportation to the Republic of North Macedonia of the third country or part thereof mentioned under I.7 and I.8, or during a period where restrictive measures have been adopted by the Republic of North Macedonia against imports of raw milk and dairy products from this third country or part thereof.

(5) Земја на потекло одобрена за извоз во РСМ.
/Country of origin authorised to export to the RNM.

–	Бојата на потписот треба да биде различна од онаа на печатениот текст. Истото правило се однесува на печатите со исклучок на релјефните или водените печати. /The colour of the signature shall be different to that of the printing. The same rule applies to stamps other than those embossed or watermark.
Официјален ветеринар/Официјален инспектор /Official veterinarian/Official inspector Име (со големи букви): /Name (in capital letters): Квалификација и звање: /Qualification and title: Дата: /Date: Потпис: /Signature: Печат: /Stamp:	

Прилог 8

Листа на одредени живи чапункари и копитари

Таксономија		
Ред	**Фамилија**	**Род/вид**
Artiodactyla	*Antilocapridae*	*Antilocapra ssp.*
	Bovidae	*Addax ssp., Aepyceros ssp., Alcelaphus ssp., Ammodorcas ssp., Ammotragus ssp., Antidorcas ssp., Antilope ssp., Bison ssp., Bos ssp. (вклучително Bibos, Novibos, Poephagus), Boselaphus ssp., Bubalus ssp. (вклучително Anoa), Budorcas ssp., Capra ssp., Cephalophus ssp., Connochaetes ssp., Damaliscus ssp. (вклучително Beatragus), Dorcatragus ssp., Gazella ssp., Hemitragus ssp., Hippotragus ssp., Kobus ssp., Litocranius ssp., Madogua ssp., Naemorhedus ssp. (вклучително Nemorhaedus и Capricornis), Neotragus ssp., Oreamuos ssp., Oreotragus ssp., Oryx ssp., Ourebia ssp., Ovibos ssp., Ovis ssp., Patholops ssp., Pelea ssp., Procapra ssp., Pseudois ssp., Pseudoryx ssp., Raphicerus ssp., Redunca ssp., Rupicapra ssp., Saiga ssp., Sigmoceros-Alecelaphus ssp., Sylvicapra ssp., Syncerus ssp., Taurotragus ssp., Tetracerus ssp., Tragelaphus ssp. (вклучително Boocerus)*
	Camelidae	*Camelus ssp., Lama ssp., Vicugna ssp.*
	Cervidae	*Alces ssp., Axis-Hyelaphus ssp., Blastocerus ssp., Capreolus ssp., Cervus-Rucervus ssp., Dama ssp., Elaphurus ssp., Hippocamelus ssp., Hydropotes ssp., Mazama ssp., Megamuntiacus ssp., Muntiacus ssp., Odocoileus ssp., Ozotoceros ssp., Pudu ssp., Rangifer ssp.*
	Giraffidae	*Giraffa ssp., Okapia ssp.*
	Hippopotamidae	*Hexaprotodon-Choeropsis ssp., Hippopotamus ssp.*
	Moschidae	*Moschus ssp.*
	Suidae	*Babyrousa ssp., Hylochoerus ssp., Phacochoerus ssp., Potamochoerus ssp., Sus ssp.*
	Tayassuidae	*Catagonus ssp., Pecari-Tayassu ssp.*
	Tragulidae	*Hyemoschus ssp., Tragulus-Moschiola ssp.*
Perissodactyla	*Rhinocerotidae*	*Ceratotherium ssp., Dicerorhinus ssp., Diceros ssp., Rhinoceros ssp.*
	Tapiridae	*Tapirus ssp.*
Proboscidae	*Elephantidae*	*Elephas ssp., Loxodonta ssp.*

Прилог 9

Болести и основни критериуми за прогласување на територија слободна од болести

Заболување	Услови	Засегнати животни
Шап и лигавка	нема појава на жаришта, нема доказ за вирусна инфекција* и не е вршена вакцинација во последните 12 месеци	сите видови
Везикуларен стоматитис	без појава на случај на болеста во последните 6 месеци	сите видови
Везикуларна болест кај свињите	без појава на случај на болеста и без извршена вакцинација во последните 24 месеци	видовите од фамилијата *Suidae*
Чума кај говеда	без појава на случај на болеста и без извршена вакцинација во последните 12 месеци	сите видови
Чума кај мали преживари	без појава на случај на болеста и без извршена вакцинација во последните 14 месеци	видови од родот *Ovis* и *Capra*
Заразна говедска плеуропнеумонија	без појава на случај на болеста и без извршена вакцинација во последните 4 месеци	видовите од родот *Bos*
Болест на чвореста кожа	без појава на случај на болеста и без извршена вакцинација во последните 36 месеци	видовите од родот *Bos, Bison* и *Bubalus*
Треска на долината Рифт	без појава на случај на болеста и без извршена вакцинација во последните 12 месеци	сите видови освен од фамилијата *Suidae*
Син јазик	без појава на случај на болеста и без извршена	сите видови освен од фамилијата *Suidae*

	вакцинација во последните 12 месеци со соодветна контрола на популацијата на *Culicoides*	
Овчи сипаници и Козји сипаници	без појава на случај на болеста и без извршена вакцинација во последните 12 месеци	видовите од родот *Ovis* и *Capra*
Афричка свињска чума	без појава на случај на болеста во последните 12 месеци	видови од фамилијата *Suidae*
Класична свињска чума	без појава на случај на болеста и без извршена вакцинација во последните 12 месеци	видови од фамилијата *Suidae*

*во согласност со глава 2.1.1 на Прирачникот на *OIE*

Прилог 10

Болести кои задолжително се пријавуваат

A

– Дурина

– Малеус

– Енцефаломиелитис кај копитари (сите типови, вклучувајки го и VEE)

– Инфективна анемија

– Беснило

– Антракс

– Чума кај копитари

– Везикуларен стоматитис

Б

Болест	Ред/фамилија/вид кој е примарно засегнат
Чума кај копитари	Копитари
Афричка свињска чума	Suidae и Tayassuidae
Авијарна инфлуенца	Aves
Американски трулеж	Apis
Антракс	Bovidae, Camelidae, Cervidae, Elephantidae, Equidae и Hippopo-tamidae
Син јазик	Antilocapridae, Bovidae, Cervidae, Giraffidae, и Rhinocerotidae
Бруцелоза предизвикана од Brucella abortus	Antilocapridae, Bovidae, Camelidae, Cervidae, Giraffidae, Hippopotamidae и Tragulidae
Бруцелоза предизвикана од Brucella melitensis	Antilocapridae, Bovidae, Camelidae, Cervidae, Giraffidae, Hippopotamidae и Tragulidae
Бруцелоза предизвикана од Brucella ovis	Camelidae, Tragulidae, Cervidae, Giraffidae, Bovidae и Antilocapridae
Бруцелоза предизвикана од Brucella suis	Cervidae, Leporidae,Ovibos moschatus, Suidae и Tayassuidae
Класична свињска чума	Suidae и Tayassuidae
Контагиозна бовина плеуропнеумонија	Говеда (вклучувајки зебу, боволи, бизони и јак)
Ебола	Non-human primates
Шап и лигавка	Artiodactyla и Азиски слонови
Инфективна хематопоетска некороза	Salmonidae
Болест на чвореста кожа	Bovidae и Giraffidae
Мајмунски сипаници	Rodentia и не-човеколики примати
Mycobacterium bovis	Mammalia, посебно Antilocapridae, Bovidae, Camelidae, Cervidae, Giraffidae, и Tragulidae
Њукастелска болест	Aves
Чума кај мали преживари	Bovidae и Suidae

Ентеровирус енцефаломиелитис кај свињи	Suidae
Пситакоза	Psittaciformes
Беснило	Carnivora и Chiroptera
Треска на долината Рифт	Bovidae, Camelus species и Rhinocerotidae
Чума кај говедата	*Artiodactyla*
Американски гнилеж на легло *(Aethina tumida)*	*Apis* and *Bombus*
Овчи и козји сипаници	*Bovidae*
Везикуларна болест кај свињите	*Suidae* и *Tayassuidae*
Tropilaelaps mite (*Tropilaelaps* spp).	*Apis*
Везикуларен стоматитис	*Artiodactyla* и *Equidae*
TSE	*Bovidae, Cervidae, Felidae* и *Mustelidae*

Прилог 11

Регионализација на Јужна Африка во однос на привремено внесување и увоз на регистрирани коњи

Дел 1

1. Следните болести задолжително треба да се пријават во Јужна Африка:

Афричка болест кај коњите, сакагија, дурина, енцефаломиелитис кај коњите од сите типови, вклучувајќи Венецуелски енцефаломиелитис кај коњите, заразна анемија кај коњите, везикуларен стоматитис, антракс и беснило.

Цела Западна Провинцијата Кејп е прогласен за „контролирана област за Афричка болест кај коњите“ во согласност со одредбите од Законот за Болести кај Животните. Во однос на регионализацијата за Афричка болест кај коњите, територијата на Западната Провинција Кејп е поделена на слободна зона од Афричка болест кај коњите, зона под надзор, и безбедносна зона.

Во рамките на Западната Провинција Кејп, Афричката болест кај коњите е „контролирана болест“ во согласност со одредбите од Законот за Болести Кај Животни.

2. Регионализација

2.1. Слободна зона од Афричка болест кај коњите:

Градското подрачје од Кејптаун е слободна зона од Афричка болест кај коњите и е означена на следниот начин:

- Северна граница: Блаувберг роуд (M14);
- Источна граница: Коебер Роуд (M14), Платеклуф Роуд (M14), N7 Автопат, N1 Автопат и M5 Автопат;
- Јужна граница: Оттерли Роуд, Принг Џорџс Драјв, Веттон Роуд, Риверстон Роуд, Теннант Роуд, њуландс Драјв, Парадајс Роуд, Унион Драјв, Родес Драјв се до Њуландс шумската станица и преку Ечо Превој од Тејбл Планина до Кампс Беј;
- Западна граница: Крајбрежјето од Камп Беј до Блауберг Роуд.

2.2. Зона под надзор за Афричка болест кај коњите:

Слободната зона од Афричка болест кај коњите е опкружена со зона под надзор од најмалку 50 km широчина, која ги вклучува надлежните области на Кејптаун, Вреденбург, Хоупфилд, Муресбург, Малмесбури, Велингтон, Парл, Стеленбош, Куилсривер, Гудвуд, Винберг, Симонстаун, Сомерест Вест, Мичелс Плеин и Странд и е одредена со реката Berg на север, Hottentots Holland планините на исток и крајбрежјето на југ и запад.

2.3. Безбедносна зона за Афричка болест кај коњите:

Зоната под надзор е опкружена со безбедносна зона од најмалку 100 km широчина која ги вклучува надлежните области на Кланвилијам, Пикетберг, Церес, Тулбаг, Ворцестер, Каледон, Херманус, Бредасдорп, Робертсон, Монтагу, Свелендам.

2.4. Заразена зона од Афричка болест кај коњите:

Делот од територијата на Јужна Африка надвор од Западната Провинција Кејп и делот од Западната Провинција Кејп надвор од слободната зона од Афричка болест кај коњите и безбедносната зона и зоната под надзор и вклучително и надлежните области на Ванринсдорп, Вредендал, Лаингсбург, Ледисмит, Хејделберг, Риверсдејл, Мосел Беј, Калитздорп, Одсхорн, Џорџ, Книсна, Јуниондејл, Принц Алберт, Беуфорт Вест и Мурајсбург.

3. Вакцинација

3.1. Не е дозволена систематска вакцинација против Афричка болест кај коњите во рамките на слободната зона од Афричка болест кај коњите и зоната под надзор за Афричка болест кај коњите.

Меѓутоа, може да се направи одстапка, од страна на Директорот за Здравствената Состојба на Животните од Министерството за Земјоделство на Јужна Африка, и да се одобри вакцинација. Вакцинацијата се извршува со употреба на регистрирана поливалентна вакцина против Афричка болест кај коњите, според упатството на производотелот на вакцината, и се извршува исклучиво од страна на ветеринар. Се вакцинираат оние коњи кои се планира да ја напуштат Слободната зона од Афричка болест или Зоната под надзор, и се осигурува дека овие коњи нема да ги напуштат објектите се до транспортот надвор од Слободната зона или Зоната под надзор, и вакцинацијата се запишува во пасошот.

3.2. Ако се спроведува вакцинација против Афричка болест кај коњите на регистрирани коњи надвор од Слободната зона и Зоната под надзор за Афричка болест кај коњите, се извршува од страна на ветеринар, со употреба на регистрирана поливалентна вакцина против Афричка болест кај коњите, според упатството на производителот на вакцината и вакцинацијата се впишува во пасошот.

4. Регистрација на објектите и идентификација на копитарите.

4.1. Во рамките на Слободната зона од Афричка болест кај коњите сите објекти (објекти во смисла според Националните прописи од областа на ветеринарно здравство) се идентификувани, регистрирани и под надзор од страна на овластен ветеринар за таа област.

4.2. Сите копитари кои престојуваат во Слободната зона од Афричка болест кај коњите се евидентирани и документите се чуваат, а тие вклучуваат информации во врска со движењето и историја за здравјето и вакцинацијата на животното.

5. Контрола на движење

5.1. Секое движење на еквидите од Заразената зона во Безбедносната зона, во Зоната под надзор и во Слободната зона од Афричка болест кај коњите и секое движење на еквидите од Безбедносната зона во Зоната под надзор и во Слободната зона од Афричка болест кај коњите и секое движење на еквидите од Зоната под надзор во Слободната зона од Афричка болест кај коњите е забрането.

5.2. Може да има одстапки од забраната пропишана во точка 5.1, не регистрираните коњи може да бидат пропуштени од Заразената зона во Безбедносната зона, Зоната под надзор и Слободната зона, и од Безбедносната зона во Зоната под надзор и Слободната зона, и од Зоната под надзор во Слободната зона исклучиво според условите пропишани во Националните прописи од областа на ветеринарно здравство.

5.2.1. Месеците Јуни, Јули и Август се безбедни, во однос на инсектите преносители, за целите на Националните прописи од областа на ветеринарно здравство.

5.2.2. Еквидите доаѓаат од карантин кој е соодветно идентификуван.

5.2.3. Дополнително на одредбите во точка 5.2, еквидите за колење не смеат да влезат во Слободната зона од Афричка болест кај коњите и влегуваат во Зоната под надзор само ако се наменети веднаш за колење во одредените кланици, под надзор на официјален ветеринар.

5.3. Може да има и одстапки од одредбите во точка 5.1, преместувањето на регистрираните коњи од Заразената зона во Безбедносната зона може да се дозволи под следните услови:

5.3.1. Коњот поседува пасош за идентификација во кој се напишани детали за вакцинацијата.

5.3.2. Преместувањето на коњот се извршува со претходно известување од страна на официјален ветеринар, од местото од каде се праќа животното, до одговорниот официјален ветеринар во местото на дестинација.

5.3.3. Со коњот се испраќа пропратно сертификат, кој претставува дел од пасошот, и е издаден од страна на официјален ветеринар (официјален ветеринар во смисла според Националните прописи од областа на ветеринарно здравство) од местото на потекло.

5.3.4. Сертификатот посочува дека коњот:

- бил клинички испитан во рок од 48 часа пред испораката и не покажал клинички знаци на болеста,
- не бил во контакт во последните 15 дена (колку што може да се утврди) со други копитари болни од инфективна или контагиозна болест,
- не потекнува од област каде е на сила ветеринарна забрана во однос на болести заразни за копитарите и не потекнува од објект кој е под ветеринарна забрана,
- не потекнува од објект каде имало случај на Афричка болест кај коњите во последните 60 дена,
- е вакциниран против Афричка болест кај коњите, од страна на ветеринар, со употреба на регистрирана поливалентна вакцина и според упатството на производителот на вакцината, најмалку 60 дена, и не повеќе од 24 месеци, пред влезот во Безбедносната зона за Афричка болест кај коњите.

5.4. Може да има и одстапки од одредбите во точка 5.1, преместување на регистрирани коњи од Заразената зона или Безбедносната зона во Зоната под надзор може да се дозволи под следните услови:

5.4.1. Коњот поседува пасош за идентификација во кој се напишани детали за вакцинацијата.

5.4.2. Преместувањето на коњот се извршува со претходно известување од страна на официјален ветеринар, од местото од каде се праќа животното, до одговорниот официјален ветеринар во местото на дестинација.

5.4.3. Со коњот се испраќа пропратно сертификат кој е дел од пасошот и е издаден од страна на официјален ветеринар (официјален ветеринар во смисла според Националните прописи од областа на ветеринарно здравство) од местото на потекло.

5.4.4. Сертификатот посочува дека коњот:

- бил клинички испитан во рок од 48 часа пред испораката и не покажал клинички знаци на болеста,
- не бил во контакт во последните 15 дена (колку што може да се утврди) со други копитари болни од заразна или контагиозна болест,
- не потекнува од област каде постои на сила ветеринарна забрана во однос на болести заразни за копитарите и не потекнува од објект кој е под ветеринарна

забрана,

- не потекнува од објект каде имало случај на Афричка болест кај коњите во последните 60 дена,
- е вакциниран против Афричка болест кај коњите од страна на ветеринар со употреба на регистрирана поливалентна вакцина и според упатството на производителот на вакцината, најмалку 60 дена, и не повеќе од 24 месеци, пред влезот во Безбедносната зона за Афричка болест кај коњите.

5.5. Може да има и одстапки од одредбите во точка 5.1, преместувањето на регистрираните коњи во Слободната зона од Афричка болест кај коњите може да се дозволи под следните услови:

5.5.1. Регистрираните коњи може да се преместат од Заразната зона или Безбедносната зона или во Зоната под надзор во Слободната зона од Афричка болест кај коњите под следните услови:

5.5.1.1. Коњот поседува пасош за идентификација во кој се напишани детали за вакцинацијата.

5.5.1.2. Преместувањето на коњот се извршува со претходно известување од страна на официјален ветеринар, од местото од каде се праќа животното, до одговорниот официјален ветеринар во местото на дестинација.

5.5.1.3. Со коњот се испраќа пропратно сертификат кој е дел од пасошот и е издаден од страна на официјален ветеринар (официјален ветеринар во смисла според Националните прописи од областа на ветеринарно здравство) од местото на потекло.

5.5.1.4. Сертификатот посочува дека коњот:

- бил клинички испитан во рок од 48 часа пред испораката и не покажал клинички знаци на болеста,
- не бил во контакт во последните 15 дена (колку што може да се утврди) со други копитари болни од инфективна или контагиозна болест,
- не потекнува од област каде постои на сила ветеринарна забрана во однос на болести заразни за копитарите и не потекнува од објект кој е под ветеринарна забрана,
- не потекнува од објект каде имало случај на Афричка болест кај коњите во последните 60 дена,
- ако коњот потекнува од област надвор од Зоната под надзор, тој е
  (i) или вакциниран против Афричка болест кај коњите од страна на ветеринар со употреба на регистрирана поливалентна вакцина и според упатството на производителот на вакцината најмалку 60 дена, и не повеќе од 24 месеци, пред влезот во Безбедносната зона за Афричка болест кај коњите, или
  (ii) коњот е увезен од територија на држава или дел од територија регионализирана во согласност со член 94 од овој правилник, која се смета дека не е заразена со Афричка болест кај копитрите, во согласност со Законодавството на Република Северна Македонија, и е транспортиран по воздушен пат, во услови заштитени од вектори-преносители, од аеродромот во Јоханесбург до Слободната зона од Афричка болест кај коњите.

5.5.1.5. Може да има и одстапки од петата подцрта од точка 5.5.1.4, надлежните органи може, во исклучителни ситуации, како што е дефинирано во националното или локалното законодавство на земјата извоничка, посебо да се одобри транспортот на регистриран коњ од Заразената зона, Безбедносната зона или Зоната под надзор во Слободната зона од Афричка болест кај коњите под следните услови:

- коњот е транспортиран директно до карантинот одобрен за таа цел во Слободната зона од Афричка болест кај коњите,
- транспортот е спроведен во услови безбедни од вектори-преносители, земајќи ги во предвид факторите за ублажување на ризикот, како што е сезоната во која ги нема векторите преносители или денски транспорт, употреба на инсектициди, покривање на животното и зголемена вентилација во транспортното средство,
- коњот е во изолација во карантин кој е заштитен од вектори преносители најмалку 40 дена,
- за време на изолацискиот период коњот е подложен на испитувања за Афричка болест кај коњите спроведени на два пати, во согласност со Националните прописи од областа на ветеринарно здравство. Испитувањата се извршуваат на примероци од крв, земени во интервал помеѓу 21 и 30 дена, од кој вториот е земен во рок од 10 дена по напуштањето на карантинот. Резултатите се негативни, ако коњот не бил вакциниран или без зголемување на бројот на антитела ако коњот бил вакциниран претходно.

5.5.2. Може да има и одстапки од одредбите во точка 5.5.1, надлежните ветеринарни власти може да издадат дозвола за привремен влез на регистриран коњ во Слободната зона од Афричка болест кај коњите, од одреден објект, во Зоната под надзор, под следните услови:

5.5.2.1. Коњот поседува пасош. Во пасошот се внесени податоци за вакцинацијата.

5.5.2.2. Коњот е во таква состојба да може да се обезбеди едноставен доказ за идентитетот и со тоа да се потврди веродостојноста на пасошот.

5.5.2.3. Во пасошот е содржана дозволата. Дозволата може да се поништи, ако условите во кои е издадена дозволата не важат повеќе.

5.5.2.4. Коњот не доаѓа од област каде постои, и сеуште е во важност, ветеринарно-медицинска забрана во однос на болести заразни за копитари, и не доаѓа од објект кој е под ветеринарно-медицинска забрана.

5.5.2.5. Објектот во зоната под надзор е вклучен во мониторинг програмот, еквивалентен на тој што се спроведува во слободната зона од Афричка болест кај коњите.

5.5.2.6. Транспортот се врши два часа после изгрејсонце до два часа пред зајдисонце, во истиот ден.

5.5.2.7. Коњот се чува одделно од други копитари кои се со различен здравствен статус.

5.5.3. Може да има и одстапки од одредбите во точка 5.5.1, надлежните оргни може да издадат дозвола за повторен влез на коњот во објектот во Слободна зона од Афричка болест кај коњите, кој се враќа по привремениот престој во одредени објекти во Зоната под надзор под следните услови:

5.5.3.1. Коњот поседува пасош. Во пасошот се внесени податоци за вакцинацијата.

5.5.3.2. Во пасошот е содржана дозволата. Дозволата може да се поништи, ако условите во кои е издадена дозволата не важат повеќе.

5.5.3.3. Коњот не доаѓа од област каде постои, и сеуште е во важност, ветеринарно-медицинска забрана во однос на болести заразни за копитари, и не доаѓа од објект кој е под ветеринарно-медицинска забрана.

5.5.3.4. Објектот во зоната под надзор е вклучен во мониторинг програмот, еквивалентен на тој што се спроведува во слободната зона од Афричка болест кај коњите.

5.5.3.5. Транспортот од Слободната зона во Зоната под надзор и назад во Слободната зона е дозволен само два часа после изгрејсонце до два часа пред зајдисонце, во истиот ден.

5.5.3.6. Коњот да е чуван одделно од други копитари кои се со различен здравствен статус.

6. Мониторинг

6.1. Тековен мониторинг се спроведува во Зоната слободна од Афричка болест кај коњите и Зоната под надзор.

6.2. Се спроведува месечен серо-епидемиолошки мониторинг за Афричка болест кај коњите, кај најмалку 60 невакцинирани чувани коњи, во целата Слободна зона и Зоната под надзор, со цел да се потврди одсуството на Афричка болест кај коњите. Резултатите и се соопштвуваат на Комисијата еднаш месечно.

6.3. Сите случаи на смртност кај копитари во рамките на Слободната зона, кои се сомнителни дека настанале како резултат на заразна болест и секоја смртност на регистриран чуван коњ, се испитуваат од страна на официјални патолози и резултатите, кои се потврдуваат со адекватни дијагностички процедури, се проследуваат до Комисијата.

7. Услови за престојување

7.1. Регистрираните коњи кои се за траен увоз во Република Северна Македонија, престојувале во земјата од која се испраќаат најмалку 90 дена, или од денот на раѓање, ако не се постари од 90 дена, или од влезот, ако се увезени директно од Република Северна Македонија, за време на 90 дена пред да се сертифицира за извоз во Република Северна Македонија и тие треба да останат во Слободна зона од Афричка болест кај коњите најмалку 60 дена, или од раѓање, ако се помлади од 60 дена, или од влезот, ако се увезени директно во Слободната зона од Република Северна Македонија за време на 60 дена пред да се сертифицираат за извоз во Република Северна Македонија.

7.2. Регистрираните коњи кои се за привремен увоз во Република Северна Македонија остануваат, за време на 60 дена пред извозот во Република Северна Македонија, во објекти кои се под ветеринарен надзор:

- во Слободната зона од Афричка болест кај коњите, или
- на територијата или дел од територијата на трета земја која е одобрена од страна на Република Северна Македонија за привремен влез или за траен увоз на регистриран коњ во согласност со Националните прописи од областа на ветеринарно здравство ако тие се увезени во Слободната зона од Афричка болест кај коњите во Јужна Африка директно и под услови кои се барем еднакви со условите пропишани за привремен влез или траен увоз на регистриран коњ од третата земја за која се работи, директно во Република Северна Македонија.

8. Услови за карантин

8.1. Регистрираните коњи кои се за увоз или привремен влез во Република Северна Македонија треба да поминат во изолација 40 дена пред извозот во официјално одобрен карантин заштитен од вектори-преносители на заразни болести. Овој период е задолжителен дел од потребното време на престојување во Слободната зона од

Афричка болест кај коњите.

8.2. За време на изолацискиот период коњот се чува во штали кои се заштитени од вектори-пренисители барем најмалку два часа пред пред зајдисонце до два часа после изгрејсонце наредниот ден. Ако е потребно вежбње, тоа се врши во кругот на карантинската станица под надзор на официјален ветеринар, и тоа после нанесување на ефективен инсектицид пред да се изнесат од шталата, и во строга изолација од копитари кои не се подготвуваат за извоз под услови кои се барем еднакви со условите кои се бараат за привремен влез и увоз во Република Северна Македонија.

8.3. До сега само карантинските станици во Монтагу Гарденс и тркалиштето Кенилуортх се одредени за објекти со адекватни карантински особености во Слободната зона од Афричка болест кај коњите во градското подрачје на Кејптаун. Ветеринарните власти се обврзуваат да ја известат Комисијата и државата членка за одобрение на други карантински станици.

9. Услови за испитувањата

9.1. За време на карантинот се спроведуваат испитувања за здравјето на животните, и тоа, за Афричка болест кај коњите, дурина, сакагија, енцефалозис кај коњи и други болести кои се бараат во соодветниот сертификат за здравствената состојба на животните и резултатите се внесуваат во сертификатот.

9.2. Сите испитувања се извршуваат во акредитирана лабораторија.

10. Сертификатот за здравствената состојба на животните се издава и потпишува од страна на официјален ветеринар на карантинската страница.

11. Ако коњите се транспортирани со авион, транспортот на коњите од карантинот до авионот се извршува во услови заштитени од вектори-преносители, и овие услови се одржуваат за време на целото патување.

12. Ако коњите се транспортираат со брод, тогаш важат следните услови:

Бродот кој ги превезува коњите од пристаништето во Кејптаун до одобреното пристаниште, кое е одобрено како граничен инспекциски пункт за ветеринарна контрола на регистрираните коњи, може да застане, во што пократко време, на попатно пристаниште на територијата, или дел од територијата, на трета земја која не е одобрена за извоз на копитари во Република Северна Македонија. Капетанот на бродот обезбедува доказ за согласност со овие услови, со пополнување на декларацијата содржана во дел 2 од овој Прилог.

Дел 2

Изјава од капетанот на бродот
/Declaration by the master of the vessel

(Да се пополни и да се прикачи на ветеринарно здравствениот сертификат ако транспортот до Европската Унија вклучува, дури и на дел од патувањето, превоз со брод
/To be completed and attached to the veterinary certificate when transport to the European Union frontier includes, even for a part of the journey, transportation by vessel.)

Јас, долупотпишаниот, капетан на бродот ..... , изјавувам дека:
(да се внесе името на бродот)
/I, the undersigned, master of vessel ..... , declare that:
(insert name of vessel)

1. Животните на кои се однесува во прикачениот ветеринарно медицински сертификат Бр ..... не го напуштиле бродот за време на патувањето од пристаништето во ..... во .....
(да се внесе името на пристаништето) (да се внесе името на државата што извезува)

до ..... во Европската Унија.
(да се внесе името на пристаништето)
/The animals referred to in the attached veterinary certificate No ..... have remained on board of the vessel during the voyage from the port of ..... in .....
(insert name of port) (insert exporting country)

to ..... in the European Union.
(insert the name of port)
2. За време на патувањето бродот не застанувал на некое место на патот од земјата извозничка до Европската Унија освен: .....
(да се внесе пристаништето, каде се застанувало, на патот)
/During the journey the vessel did not call at any place outside the exporting country en route to the European Union other than: .....
(insert port of call en route)
3. За време на патувањето животните не го напуштале бродот и не биле во контакт со други животни на бродот со различен здравствен статус.
/During the journey the animals have not been unloaded and have not been in contact with other animals on board of a lower health status.

Изработено во на
/Done at ..... on .....
(Пристаниште на пристигнување) (Дата на пристигнување)
/(Port of arrival) /(Date of arrival)

Печат
/Stamp

.....
(потпис на капетанот)
/(signature of master)

Име со печатни букви и титула:
/Name in capital letters and title: .....

Прилог 12

Други животни

Во групата на други животни спаѓат животни кои не припаѓаат на некоја од наведените групи:

- говеда,
- овци и кози,
- свињи,
- копитари,
- живина и јајца за ведење,
- ноеви и јајца за ведење,
- аквакултура,
- папкари од родовите *Artiodactyla, Perissodactyla* и *Proboscidae*

Прилог 13

Барања за производи од месо и обработени желудници, мочни меури и црева

(1) Производите од месо и обработените желудници, мочни меури и црева кои потекнуваат од трети земји или делови од нив, согласно член 124 точка 2) алинеја а) од овој правилник:

1) се од месо кое е погодно за увоз во Република Северна Македонија како свежо месо и

2) е добиено од еден или повеќе видови или животни кои биле подложени на неспецифичен третман како што е дадено во Прилог 6 Дел 6 Г под А од овој правилник.

(2) Производите од месо и обработените желудници, мочни меури и црева кои потекнуваат од трети земји или делови од нив, дадени во член 124 точка 2) алинеја б) од овој правилник, се во согласност со барањата наведени во точките 1), 2) и 3) од овој став:

1) производите од месо и/или обработените желудници, мочни меури и црева:

а) содржат месо и/или производи од месо кои се добиени од еден вид на животно, како што е наведено во соодветната колона од Прилог 6 дел 6 Б и В од овој правилник која укажува на видот или животното и

б) се подложени на најмалку на посебен третман потребен за месо од тие видови или животни, како што е наведено во Прилог 6 дел 6 Г од овој правилник;

2) производите од месо и/или обработените желудници, мочни меури и црева:

а) содржат свежо, обработено или делумно обработено месо од повеќе од еден вид или животно, како што е наведено во соодветната колона во Прилог 6 дел 6 Б и В од овој правилник кои се помешани пред да бидат подложени на финална обработка, како што е наведено во Прилог 6 дел 6 Г од овој правилник и

б) се подложени на финална обработка како што е дадено во став (2) точка 2) а) од вој Прилог која треба да биде најмалку еднаква на најригорозен третман даден во Прилог 6 дел 6 Г од овој правилник за

месо од видови или животни за кои се работи, како што е дадено во соодветната колона во Прилог 6 дел 6 Б и В од овој правилник;

3) финалните производи од месо и/или обработени желудници, мочни меури и црева:

а) се подготвени со мешање на претходно обработено месо или обработени желудници, мочни меури и црева од повеќе од еден вид или животно и

б) се подложени, претходно, на третман како што е дадено во став (2) точка 3) а) од овој Прилог која била барем најмалку ригорозна како соодветниот третман наведен во Прилог 6 дел 6 Г од овој правилник за видовите или животните за кои се работи како што е наведено во соодветната колона во Прилог 6 дел 6 Б и В од овој правилник за секоја компонента на месо од производот од месо и обработените желудници, мочни меури и црева.

(3) Начините на третманите за преработка наведени во Прилог 6 дел 6 Г од овој правилник се состојат од минимално прифаливи услови за обработка поради ветеринарно здравствени цели за производите од месо и желуднците, мочни меури и црева кои се добиени од соодветни видови или животни кои потекнуваат од трети земји или делови од нив, како што е наведено во Прилог 6 дел 6 од овој правилник.

Меѓутоа, во случаи каде увозот на офал не е дозволен во согласност со овој Правилник поради забрани во врска со здрвјето на животните, може да се увезат како производи од месо или обработен желудник, црево или мочен меур или употребени во производ од месо врз кое е извршена соодветна обработка како што е дадено во Прилог 6 Б дел 6 од овој паравилник и се исполнети барањата на јавното здравство на Република Северна Македонија.

Дополнително, објект од држава која е наведена во Прилог 6 дел 6 од овој правилник може да биде овластен за производство на производи од месо и обработени желудници, мочни меури и црева кои се подложени на третмани B, C или D, како што е наведено во Прилог 6 дел 6 Г од овој правилник, дури и ако објектот е лоциран во трета земја или дел од неа кој не е одобрен за увоз во Република Северна Македонија на свежо месо, под услов да се исполнети барањата на јавното здравство во Република Северна Македонија.

Прилог 14

Листа на болести

ЕГЗОТИЧНИ БОЛЕСТИ		
	БОЛЕСТ	ПРИЕМЧИВИ ВИДОВИ
РИБИ	Епизоотска хематопоетска некроза	Виножитна пастрмка (*Oncorhynchus mykiss*) и црвеноперка (*Perca fluviatilis*)
МЕКОТЕЛИ	Инфекција со *Bonamia exitiosa*	Австралиска школка (*Ostrea angasi*) и Чилеанска сплесаната школка (*O. chilensis*)
	Инфекција со *Perkinsus marinus*	Пацифичка школка (*Crassostrea gigas*) и Атлантска школка (*C. virginica*)
	Инфекција со *Microcytos mackini*	Пацифичка школка (*Crassostrea gigas*), Атлантска школка (*C. virginica*), Олимписка сплесната школка (*Ostrea conchaphila*) и Европска сплесната школка (*O. edulis*)
РАКОВИ	Taura синдром	Заливски бел рак (*Penaeus setiferus*), Пацифички плав рак (*P. stylirostris*), и Пацифички бел рак (*P. vannamei*)
	Yellowhead болест	Заливска кафеав рак (*Penaeus aztecus*), Заливска розов рак (*P. duorarum*), Kuruma ракчиња (*P. japonicus*), Црн тигрест рак (*P. monodon*), Заливски бел рак (*P. setiferus*), Пацифички плав рак (*P. stylirostris*), и Пацифички бел рак (*P. vannamei*)

НЕ-ЕГЗОТИЧНИ БОЛЕСТИ		
	БОЛЕСТ	ПРИЕМЧИВИ ВИДОВИ
РИБИ	Вирусна хеморагична септикемија (VHS)	Харинга (*Clupea* spp.), бела риба (*Coregonu ssp.*), Штука (*Esox Lucius*), Бакалар (*Gadus aeglefinus*), Пацифички бакалар

НЕ-ЕГЗОТИЧНИ БОЛЕСТИ		
	БОЛЕСТ	ПРИЕМЧИВИ ВИДОВИ
		(*G. macrocephalus*), Атлантски бакалар (*G. morhua*), Пацифички лосос (*Oncorhynchus spp.*), Виножитна пастрмка (*O. mykiss*), Роклинг (*Onos mustelus*), Кафеава пастрмка (*Salmo trutta*), Иверак (*Scophthalmus maximus*), Европска харинга (*Sprattus sprattus*), Липан (*Thymallus thymallus*) и Јапонска плосната риба *(Paralichthys olivaceus),*
	Инфективна хематопоетска некроза (IHN)	Кета лосос (*Oncorhynchus keta*), Кохо лосос (*O. kisutch*), Masou лосос (O. *masou*), Виножитна пастрмка (*O. mykiss*), Црвен лосос (*O. ne*rka), Розов лосос (*O. rhodurus*), Кралски лосос (O. *tshawytscha*) и Атлантски лосос (*Salmo salar*)
	Koi херпес вирус (KHV) болест	Шаран и koi крап (*Cyprinus carpio*)
	Инфективна анемија кај лосос (ISA)	Виножитна пастрмка (*Oncorhynchus mykiss*), Атлантски лосос (*Salmo salar*), и Кафеава и Морска пастрмка (*S. trutta*)
МЕКОТЕЛИ	Инфекција со *Marteilia refringens*	Австралиска школка (*Ostrea angasi*), Чилеанска сплесаната школка (*O. chilensis*), Европска сплесната школка (O. edulis), Аргентинска школка (*O. puelchana*), Плава школка (*Mytilus edulis*) и Медитеранска школка (*M. galloprovincialis*)
	Инфекција со *Bonamia ostreae*	Австралиска школка (*Ostrea angasi*), Чилеанска сплесаната школка (*O. chilensis*), Олимписка сплесната школка (*O. conchaphila*), Азиска школка (O. *denselammellosa*), Европска сплесната школка (*O. edulis*), и

НЕ-ЕГЗОТИЧНИ БОЛЕСТИ		
	БОЛЕСТ	ПРИЕМЧИВИ ВИДОВИ
		Аргентинска школка (*O. puelchana*)
РАКОВИ	White spot disease	Сите декаподни ракови (*order Decapoda*)

Прилог 15

Процедури за прегледи, земања примероци и испитување на живина и производи од живина наменета за увоз во Република Северна Македонија

I. **Пред извоз во Република Северна Македонија**

Методи за стандардизација на материјалите и процедури за преглед, земање мостри и испитување за:

1. *Авијарна инфлуенца*

   - Прирачник за дијагностицирање на авијарна инфлуенца како што е пропишано во Националните прописи од областа на ветеринарно здравство, односно еквивалентната Одлука на Комисијата 2006/437/ЕЦ или

   - Прирачник за дијагностичко испитување и вакцинација на копнени животни на Светската организација за здравствена заштита на животните (ОИЕ).

2. Њукастелска болест

   - Националните прописи од областа на ветеринарно здравство односно еквивалентниот Анекс III на Директивата на Советот 92/66/ЕЕЦ или
   - Прирачник за дијагностичко испитување и вакцинација на копнени животни на Светската организација за здравствена заштита на животните (ОИЕ) и
   - Методите за земање мостри и испитување, каде според националните прописи од областа на ветеринарно здравство, треба да соодветствуваат со методите опишани во националните прописи од областа на ветеринарно здравство односно еквивалентните Анекси од Одлуката на Комисијата 2013/764/ЕУ

3. *Salmonella pullorum* и *Salmonella gallinarum*

   - Националните прописи од областа на ветеринарно здравство односно еквивалентното од Директивата 2009/158/ЕУ или

   - Прирачник за дијагностичко испитување и вакцинација на копнени животни на Светската организација за здравствена заштита на животните (ОИЕ).

4. *Salmonella arizonae*

   - Серолошки испитувања: од 60 птици треба да се земат мостри за време на несењето со методи опишани во Прирачник за дијагностичко испитување и вакцинација на копнени животни на Светската организација за здравствена заштита на животните (ОИЕ).

5. *Mycoplasma gallisepticum*

   - Националните прописи од областа на ветеринарно здравство односно еквивалентното од Директивата 2009/158/ЕУ или

- Прирачник за дијагностичко испитување и вакцинација за копнени животни на Светската организација за здрав ствена заштита на животните (ОИЕ).

6. *Mycoplasma meleagridis*

- Националните прописи од областа на ветеринарно здравство односно еквивалентното од Директивата 2009/158/ЕУ.

7. *Salmonella од значење за јавното здравство*

Треба да се користи методот за откривање препорачан од Референтната лабораторија на заедницата за *Salmonella* во Билтховен, Холандија, или друг еквивалентен метод. Тој метод е опишан во тековната верзија нацрт Анексот Д од ИСО 6579 (2002): „Откривање на *Salmonella* spp. во фецесот на животните и во примероци од примарна продуктивна фаза“. Во овој метод на откривање се користи полуцврста подлога (модифицирана полуцврста Rappaport-Vassiladis подлога, MSRV) како селективна збогатена подлога.
Серотиповите ќе се докажат со помош на Kauffmann-White шеме или со еквивалентен метод.

II. **По увозот во Република Северна Македонија**

Процедури за земање мостри и за испитување на авијарна инфлуенца и Њукастелска болест:
За време на периодот наведен во точка II.1 од Прилог 20 од овој правилник, официјалниот ветеринар зема мостри од увезената живина за вирусолошки преглед, за да се изврши испитување на следниот начин:

- Помеѓу седмиот и петнаесетиот ден од почетокот на карантинот, се зема клоакален брис од сите птици, каде во пратката има помалку од 60, и од најмалку 60 птици каде пратката содржи повеќе од 60 птици и

- Испитувањето на мострите се извршува во официјални лаборатории одредени од надлежниот орган, користејќи дијагностички постапки за:
  (а) авијарна инфлуенца како што е пропишано во дијагностичкиот прирачник во Националните прописи од областа на ветеринарно здравство, односно еквивалентната Одлука на Комисијата 2006/437/ЕЦ и

  (б) Њукастелска болест како што е пропишано во Националните прописи од областа на ветеринарно здравство, односно еквивалентниот Анексот III од Директивата 92/66/ЕЕЦ.

III **Општи барања**

.

- Мострите може да се соединат, најногу по пет мостри заедно.
- Вирусните изолати треба да се испратат без одложување до националната референтна лабораторија.

Прилог 16

Програма за надзор на авијарната инфлуенца и информации кои треба да се поднесат ([1])

I. **Услови за надзор на авијарната инфлуенца кај живината кој се спроведува во трети земји, територии, области или оддели согласно член 162 од овој правилник**

A *Надзор на Авијарната инфлуенца кај живината*

.

1. Опис на целите
2. Трети земји, територии, области или оддели (задржи доколку е потребно):
3. Вид на програма за следење:
   - Серолошко следење
   - Вирусолошко следење
   - Целни серотипови на авијарна инфлуенца
4. Критериум за земање мостра:
   - Целни видови (на пример: мисирки, кокошки, еребици)
   - Целни категории (на пример: за расплод, за производство)
   - Целни земјоделски системи (на пример: комерцијални објекти, јата од домашно одгледувалиште)
5. Статистичка основа за број на објекти од кои се земени мостри:
   - Број на објекти во областа
   - Број на објекти по категорија
   - Број на објекти, од кои треба да се земат мостри, по категорија на живина
6. Зачестеност на земање мостри
7. Број на мостри земени по објект(и)
8. Временски период на земање мостри
9. Вид на мостри земени (ткиво, фецес, клоакален/орофарингеален/трахеален брис)
10. Лабораториски испитувања кои се користени (на пример: AGID, PCR, HI, изолација на вирус)

[1] Да се дадат колку што е можно подетални информации неопходни за да се изврши точна процена на програмата.

11. Индикации за лабораториите кои ги спроведуваат испитувањата на централно, регионално или локално ниво (задржи доколку е потребно) Индикации за референтните лаборатории кои спроведуваат испитувања за потврда (национална референтна лабораторија за авијарна инфлуенца, ОИЕ или референтна лабораторија на заедницата за авијарна инфлуенца)
12. Систем/протокол кој се користи за известување за следењето на авијарната инфлуенца (вклучувјќи и резултати каде што се достапни)
13. Последователна истрага на позитивни резултати за серотиповите Х5 и Х7.

В. *Каде што е достано информација за следењето на авијарната инфлуенца кај дивите птици за да се процени ризик факторот за авијарна инфлуенца кај живината*

1. Вид на надзор
   - Серолошко надзор
   - Вирусолошко надзор
   - Целни серотипови на авијарна инфлуенца
2. Критериум за земање мостра
3. Целни видови на диви птици (да се наведе видот на Латински)
4. Целни области
5. Информации на кои се однесува во точка 6 и точка 8 до 12 од Делот I.А.

II. **Надзор на авијарна инфлуенца да се спроведе по избивање на оваа болест во трети земји, територии, области или оддели кои претходно биле слободни од таа болест, согласно член 162 став (2) точка 4) и 163 став (2) точка 2) од овој правилник**

Надзорот на авијарна инфлуенца треба да обезбеди барем најмалку доверба со, по случаен избор, одберени репрезентативни примероци од ризичната популација, за да се прикаже отсуство на инфекција, земајќи ги во предвид епидемиолошките околности во врска со избивањето.

Прилог 17

Информација да се поднесе од страна на трета земја за вакцинација против авијарна инфлуенца ([1])

I. Услови за планови за вакцинација кои се спроведуваат во трета земја, територија, област или комплекс согласно член 165 од овој правилник

1. Земја, територија, област или дел (задржете доколку е потребно)

2. Историја на болеста (претходна појава на болеста кај живината или случаи на диви птици со ВПАИ/НПАИ)

3. Опис на причините за одлуката за вовед на вакцинација

4. Проценка на ризик врз што се базира:

   - Појава на авијарна инфлуенца во трета земја, територија, област или дел (задржи доколку е потребно)

   - Појава на авијарна инфлуенца во некоја околна држава

   - Други ризични фактори како што се одредени области, вид на живина или категорија на живина или други диви птици држени во заробеништво

5. Географска област каде е спроведена вакцинацијата

6. Број на објекти во областа каде е извршена вакцинацијата

7. Број на објекти каде вакцинацијата е спроведена, ако е различно од бројот наведе во точка 6 од овој прилог

8. Вид и категорија на живина или други диви птици држени во заробеништво во територијата, областа или одделот каде се спроведува вакцинацијата

9. Приближен број на живина или други диви птици држени во заробеништво во објектите наведени во точка 7 од овој прилог

10. Краток опис на карактеристиките на вакцината

[1] Да са дадат колку што е можно подетални информации неопходни да се овозможи точна проценка на програмата

11. Овластување, ракување, производство, складирање, набавка, дистрибуција и продажба на вакцините против авијарна инфлуенца на националната територија

12. Имплементација на ДИВА стратегијата

13. Предвидено траење на акцијата за вакцинирање

14. Прописи и рестрикции за преместување на вакцинираната живина и производите од живина кои се добиени од вакцинираната живина или други вакцинирани диви птици чувани во заробеништво

15. Клинички и лабораториски тестови спроведени во објектите во кои е извршена вакцинација, и/или кои се лоцирани во областа во која се извршува вакцинацијата (пр. испитувње на успешност на вакцинациајта и предпреместување тест итн.

16. Начин на водење на евиденција (пр. за деталните информации наведени во точка 15) од овој прилог и регистрација на објектите каде се спроведува вакцинацијата

II. Следење за трети земји, територии, области или оддели во кои се спроведува вакцинација против авијарна инфлуенцасогласно член 165 од овој правилник

Во трети земји, територии, области или комплекси, каде што е спроведена вакцинација, сите комерцијални објекти во кои е извршена вакцинација против авијарна инфлуенца треба да се подложат на лабораториски испитувања и следните информации, како надополнување на информациите наведени во делот I.A од Прилог 16 од овој правилник, треба да се поднесат:

1. Број на објекти во областа, во кои е извршена вакцинација, по категорија

2. Број на објекти во кои е извршена вакцинација да се класираат по категорија на живина

3. Употреба на птици чувари (да се назначи видот и бројот на птиците чувари по хангар)

4. Број на мостри земени по објект и/или хангар и

5. Податок за јачината на вакцината.

Прилог 18

Барања за познати вакцини против Њукастелска болест

I. Општи барања

1. Вакцините треба да соодветствуваат со стандардите поставени во Прирачникот за Дијагностички тестови и Вакцини за Копнени Животни од Светската организација за здравјето на животните (OIE) во Поглавјето за Њукастелска болест.
2. Вакцините треба да бидат регистрирани од страна на надлежните органи во третата земја, за која се однесува, пред да се пуштат во промет и во употреба. За да ја регистрира вакцината, надлежните органи треба да се потпрат на упатството на вакцината во кое е наведена јачината и безопасноста; за увозени вакцини надлежните органи може да се потпрат врз документите проверени и издадени од надлежните органи на земјата каде вакцината е произведена, се додека овие проверки се извршени во согласност со меѓународно прифатените стандарди.
3. Дополнително, увозот или производството и дистрибуцијата на вакцините треба да се контролира од страна на надлежните органи во третата земја за која се однесува.
4. Пред да се дозволи дистрибуцијата, секоја серија вакцини треба да се испита, од страна на надлежните органи, на безопасност, поточно да се испитаат атенуираните или инактивираните вакцини и отсуство на несакани контаминирачки агенси, и јачината на вакцината.

II. Посебни барања

Живата атенуирана вакцина против Њукастелска болест се подготвува од сој на вирус на Њукастелска болест кој е испитан и покажал дека има интрацеребрален патоген индекс (ИЦПИ) од:

1) помалку од 0,4, ако не е аплицирано помалку од 10^7 EID50 на секоја птица во ИЦПИ тестот; или
2) помалку од 0,5, ако не е аплицирано помалку од 10^8 EID50 на секоја птица во ИЦПИ тестот

Прилог 19

Дополнителни здравствени барања за Њукастелска болест

I. **За живина, еднодневни пилиња и јајца за ведење кои потекнуваат од трети земји, територии, области или комплекси каде вакцините кои се употребуваат против Њукастелска болест не ги исполнува барањата од Прилог 18 од овој правилник**

(1) Каде што третите земји, територии, области или оддели не забрануваат употреба на вакцини против Њукастелска болест кои не ги исполнуваат посебните барања наведени во Прилог 18 од овој правилник, следните дополнителни здравствени услови треба да се применат:

1) Живината, вклучувајќи ги и еднодневните пилиња не треба да се вакцинираат со таква вакцина најмалку 12 месеци пред денот на извоз во Република Северна Македонија,

2) Јатото или јатата треба да бидат подложени на вирус изолациски тест за Њукастелска болест не порано од две недели пред денот на извоз во Република Северна Македонија или, ако се работи за јајца за ведење, не порано од две недели пред денот на собирање на јајцата:

(а) во официјална лабораторија

(б) на примероци од клоакален брис од најмалку 60 по случаен избор одбрани птици, во секое јато

(в) во кои не е откриен авијарен парамиксовирус со интрацеребрален патоген индекс од повеќе од 0,4

3) Живината треба да се држи во изолација под стручен надзор во објектот на потекло за време од дво-неделен период наведен во точка 2) од овој став;

4) Живината не треба да биде во контакт со живина која не ги исполнува условите утврдени во точките 1) и 2) од овој став за време на период од 60 дена пред денот на извоз во Република Северна Македонија или ако се работи за јајца за ведење, за време на период од 60 дена пред денот на собирање на јајцата.

(2) Каде еднодневните пилиња се увезени од трети земји, теритотии, области или оддели како што е наведено во став (1) точка 1) од овој прилог, еднодневните пилиња и јајцата за ведење, од кои еднодневните пилиња се изведуваат, не треба да бидат во контакт, во инкубаторот или за време на транспортот, со живина или јајца за ведење кои не ги исполнуваат условите утврдени во став (1) од овој прилог.

II. **За месо од живина**

Месото од живина треба да потекнува од живина за колење која:

1) не била вакцинирана со жива атенуирана вакцина подготвена од соеви на вирусот на Њукастелска болест кој покажува поголема патогеност отколку лентогените соеви на вирусот во рок од 30 дена пред колењето;

2) се подложени на вирус изолациски тест за Њукастелска болест, кој се извршува во официјална лабораторија со земање по случаен избор на клоакален брис од 60 птици одбрани од секое јато и во кои не е најдено присуство на авијарен парамиксовирус со Интрацербрален Патоген Индекс (ИЦПИ) со повеќе од 0,4 и

3) не била во контакт со живина, во последните 30 дена пред колење и која не ги исполнува условите утврдени во точките 1) и 2) од овој став.

Прилог 20

Живина за расплод или производство со исклучок на ноеви, јајца за ведење и еднодневни пилиња со исклучок на ноеви

I. **Услови применливи пред увозот**

1. Живина за расплод или производство со исклучок на ноеви, јајца за ведење и еднодневни пилиња со исклучок на ноеви за увоз во Република Северна Македонија треба да потекнуваат само од објекти кои се одобрени од страна на надлежниот орган од третата земја, во согласност со условите кои се барем најмалку строги на оние пропишани во националните прописис од областа на ветеринарно здравство, и каде што одобрението не било суспендирано или повлечено.
2. Каде што живина за расплод или производство со исклучок на ноеви, јајца за ведење и еднодневни пилиња со исклучок на ноеви и/или нивните матични јата подлежат на испитувања за да ги задоволат условите на соодветниот ветеринарен сертификат пропишан во овој правилник, земањето мостри и самото испитување треба да се спроведе во согласност со Прилог 15 од овој правилник.
3. Јајцата за ведење за увоз во Република Северна Македонија го носат името на третата држава, од која потекнуваат, и зборот 'за ведење' напишан на официјален јазик на Република Северна Македонија и е со висина од 3mm или повеќе.
4. Секој пакет со јајца за ведење како што е наведено во точка 3 содржи само јајца од еден вид, категорија и врста на живина од истата трета земја, територија, област или оддел на потекло и испраќач, и ги носи барем најмалку следниве детали:
   (а) информациите назначени на јајцата како што е предвидено во точка 3;
   (б) видот на живина од кои потекнуваат јајцата и
   (в) името на испраќачот или службена адреса.
5. Секоја кутија за увоз со еднодневни пилиња содржи само еден вид, категорија и вид на живина од истат трета земја, територија, област или оддел на потекло, инкубатор и испраќач и ги носи барем најмалку следниве детали:
   (а) името на третата држава, територија, област или оддел на потеклу;
   (б) видот на живина од која потекнуваат еднодневните пилиња;
   (в) истакнато бројот на инкубаторската станица и
   (г) името на испраќачот или службена адреса.

II. **Услови применливи по увозот**

1. Увезената живина за расплод или производство со исклучок на ноеви и еднодневни пилиња со исклучок на ноеви се чуваат во објекти(те) на дестинација од денот на пристигање:
   (а) во период од најмалку шест недели или
   (б) каде птиците се за колење пред истекот на периодот наведен во потточката (а) од ова точка , до денот на колење.

Но, како и да е, периодот предвиден во потточката (а) од оваа точка може да се намали на три недели, доколку земањето мостри и испитувањето, во согласност со Прилог 15 од овој правилник, е спроведено и е со поволен резултат.

2. Живината за расплод или производство со исклучок на ноеви која била изведена од увезени јајца се чува барем најмалку три недели од денот на изведување во инкубаторската станица или барем три недели на објектот на кој е испратена живината по изведувањето.
3. За врема на релевантниот период, како што е наведено во точките 1 и 2 од овој дел, увезената живина за расплод и производство и еднодневните пилиња и живината за расплод и производство со исклучок на ноеви кои се изведени од увезените јајца се чуваат во изолација во живинарски објекти каде нема присуство на други јата. Тие може да се внесат во живинарски објекти каде веќе е присутна живина за расплод и производство и еднодневни пилиња.

   Во тој случај, релевантниот период наведен во точките 1 и 2 од овој Дел да почнува од денот на внесување на последната увезена птица, живината присутна во живинарскиот објект не смее да се преместува пред истекот на овој период.
4. Увезените јајца за ведење се изведуваат во посебни инкубатори и ведилишта. Увезените јајца за ведење може да се внесат во инкубатори и ведилишта каде се веќе присутни други јајца за ведење.

   Во тој случај, периодите наведени во точките 1 и 2 од овој дел почнуваат од денот на внесување на последното увезено јајце за ведење.
5. Не подоцна од денот на истекување на релевантниот период наведен во точките 1 и 2 од овој дел, увезената живина за расплод и производство и еднодневните пилиња подлежат на клинички преглед спроведен од официјален ветеринар и, каде што е неопходно, се земаат мостри за да се следи нивната здравствена состојба.

Прилог 21

Ноеви за расплод и производство, јајца за ведење и еднодневни пилиња од нив

I. **Услови применливи пред увозот**

1. Ноевите за расплод и производство за извоз се идентификуваат со приврзок на вратот и/или микрочипови со ИСО код на трета земја на потекло. Таквите чипови треба да се во согласност со ИСО стандардите.
2. Јајцата за ведење од ноеви се обележуваат со печат со ИСО кодот на третата земја на на потекло и бројот на одобрени на објектот на потекло.
3. Секој пакет со јајца за ведење, како што е наведено во точка 2 од овој дел, содржи само јајца од ноеви од истата трета земја, територија, област или оддел на потекло и испраќач, и треба да бидат прикачени барем следниве детали:
   (а) информацијата изложена на јајцата како што е предвидено во точка 2 од овој дел;
   (б) јасно видливо и читливо известување дека пратката содржи јајца за ведење од ноеви и
   (в) името на испраќачот или службената адреса.
4. Секоја кутија на еднодневни пилиња од ноеви за расплод и производство содржи само ноеви од истата трета земја, територија, зона или комплекс на потекло, објект и испраќач, и треба да бидат прикачени баре следниве информации:
   (а) ИСО кодот на третата земаја на потекло и бројот на одобрување на објектот на потекло;
   (б) јасно видливо и читливо известување дека пратката содржи еднодневни пилиња од ноеви и
   (в) името на испраќачот или службената адреса.

II. **Услови применливи после увозот**

1. После извозот контролата се спроведува во согласност со овој правилник, пратката со ноеви и јајца за ведење и еднодневни пилиња од нив се транспортираат директно до крајната дестинација.
2. Увезените ноеви и еднодневните пилиња од нив се чуваат во објект(и) на дестинација од денот на пристигнување до:
   (а) период од најмалку шест недели или
   (б) каде птиците се за колење пред истекот на периодот наведен во потточката (а) од оваа точка, до денот на колење.
3. Ноевите кои се изведени од увезени јајца за ведење се чуваат, во период од најмалку три недели од денот на изведување, во инкубаторската станица или, барем најмалку три недели на објектот на кој се испратени по изведувањето.

4. За време на релевантните периоди како што е наведено во точките 2 и 3 од овој дел, извезените ноеви и ноевите кои се изведени од ивезени јајца за ведење се чуваат во изолација во живинарски објекти каде нема присуство на други ноеви или живина

Како и да е, тие може да се внесат во живинарски објекти каде се веќе присутни други ноеви или живина. Во тој случај, периодите кои се наведени во точките 2 и 3 од овој дел почнуваат од денот кога е внесен последниот извезен ној и ниеден ној или друга живина присутна не се преместува од живинарскиот објект пред истекот на овие периоди.

5. Увезените јајца за ведење се ведат во посебни инкубатори и ведилишта

Како и да е, увезените јајца за ведење моќе да се внесат во инкубатори и ведилишта каде се веќе присутни други јајца за ведење. Во тој случај, периодите кои се наведени во точките 2 и 3 од овој дел почнуваат од денот кога е внесено последното увезено јајце за ведење и се применети мерки кои се предвидени за ова.

6. Увезените ноеви и еднодневните пилиња од нив подлежат на клинички преглед од страна на официјален ветеринар не подоцна од денот на истекување на периодите наведени во точките 2 или 3 од овој дел и доколку е потребно, се земаат мостри за да се прати нивната здравствена состојба.

III. **Услови кои се применуваат при увоз на ноеви за расплод и производство и еднодневни пилиња од нив кои потекнуваат од Азија и Африка**

Заштитни мерки за Кримена-конго хетребагична треска утврдени во Делот V од овој прилог се применуваат на ноевите за расплод и производство и еднодневните пилиња од нив кои потекнуваат од трети земји, територии, зони и комплекси во Азија и Африка

Сите ноеви кои покажале позитивни резултати, на испитување со ELISA тестот, на антитела на Кримеан-конго хетребагична треска се уништуваат.

Сите птици од истата пратка треба подлежат на повторно испитување со ELISA тест 21 ден по првото испитување. Каде што ќе се најде позитивен резултат кај некоја птица, сите птици од таа пратка се уништуваат.

IV. **Услови за ноеви за расплод и производство од трети земји, територии или области кои се сметаат за дистрикти на Њукастелска болест**

Следните правила важат за ноеви и јајца за ведење од нив кои потекнуваат од трети земји, територии или зони кои се сметаат за дистрикти на Њукастекска болест и за еднодневни пилиња кои се изведени од такви јајца:

(а) пред денот на почнување на изолацискиот период, надлежниот орган треба да ги провери објектите за изолација како што е наведено во точка 4 од Делот II од овој прилог за да потврди дека тие се задоволувачки;

(б) за време на периодите што се наведени во точките 2 и 3 од Делот II од овој прилог, вирус изолацискиот тест за Њукастелска болест се извршува со земање на мостри од клоакален брис или фецес од секој ној;

(в) каде ноевите се праќаат во дел каде не се врши вакцинација, ќе се извршува серолошко испитување на секој ној, како дополнување на вирус изолацискиот тест предвиден во точка (б) од овој дел и

(г) пред да се пуштат од изолациските објекти, резултати од тестовите предвидени во точките (б) и (в) од овој дел се негативни.

V. **За ноеви**

Надлежниот орган обезбедува ноевите да бидат изолирани во средина недостапна за глодари, слободна од крлежи, најмалку 21 ден пред денот на увозот во Република Северна Македонија.

Пред да се преместат во средината слободна од крлежи, ноевите се третираат за да се исчистат од ектопаразити. По 14 дена во средината слободна од ектопаразити, ноевите се подложат на ELISA тест за антитела на Кримеан-конго хетребагична треска. Секое животно кое е ставено во изолација треба да покаже негативен резултат на тестот. Третманот за ектопаразити и серолошкиот тест се повторува на ноевите кои пристигнуваат во Република Северна Македонија.

VI. **За ноеви од кои се добива месо за увоз**

Надлежниот орган обезбедува ноевите да бидат изолирани во средина недостапна за глодари, слободна од крлежи, најмалку 14 дена пред денот на колење.

Пред да се пренесат во средина слободна од крлежи, ноевите или се прегледуваат за да се потврди дека тие се чисти од крлежи, или се третираат за да се осигура дека сите крлежи на нив се уништени. Третманот кој се користи за тоа треба да биде назначен на ветеринарно здравствениот сертификат за увоз. Третманот што се користи на треба да остава резидуи во месото.

Секоја група на ноеви се прегледува за присуство на крлежи пред колење. Ако се забележат крлежи, целата група повторно се враќа во предкланична изолација.

Прилог 22

Барања за одобрување на објекти за одгледување во трети земји на потекло

Дел 1
Одобрување на објекти за одгледување

(1) За да биде одобрен, објект за одгледување на птици треба:

1) да биде целосно разграничен и одвоен од околината или животните кои го опкружуваат и да не претставува опасност по одгледувалиштата на животни чиј здравствен статус може да биде загрозен;

2) да располага со соодветни средства за фаќање, затворање и изолација на животните, соодветни одобрени карантински објекти и одобрени процедури за животни кои доаѓаат од одгледувалишта кои не се одобрени;

3) лицето одговорно за објектот за одгледување на птици да има соодветно искуство во одгледување на птици;

4) да биде слободен од Авијарна инфлуенца, Њукастелска болест и *Chlamydophyla psittaci* согласно точка 5) од овој став;

5) За да биде објектот за одгледување на птици прогласен за слободен од болести наведени во точка 4) од овој став, надлежниот орган ќе изврши проценка на податоците за здравствениот статус на животните чувани најмалку три години пред да биде приложено барањето за одобрување, како и на резултатите од клиничките и лабораториските испитувања спроведени врз животните присутни во објектот. Новите објекти може да бидат одобрени само врз основа на резултатите од клиничките и лабораториските испитувања направени врз животните присутни во објектот;

6) редовно да води евиденција за:

а) бројот и идентитетот (возраст, пол, вид и индивидуален идентификационен број кога е применливо) на животните од секој вид присутен во објектот за одгледување;

б) бројот и идентитетот (возраст, пол, вид и поединечен индивидуален број кога е применливо) на животните кои се внесени или изнесени од објектот за одгледување, заедно со информациите за нивното потекло или одредиште, податоци за транспортот од или до објектот за одгледување и здравствениот статус на животните;

в) резултатите од испитувањата на примероци крв или други дијагностички процедури;

г) случаи на заболувања и третманот кој е применет когатоа е применливо;

д) наодите од направените *post-mortem* прегледи врз животните кои угинале во објектот за одгледување, вклучително и мртвородените животни и

ѓ) запазените невообичаености за времетраењето на траењето на изолацијата или карантинот.

7) да има договор со надлежна лабораторија за извршување на *post-mortem* прегледи или да има една или повеќе соодветни простории каде што можат да се вршат *post-mortem* прегледи од страна на надлежно лице под надзор на овластен ветеринар;

8) да има договори со служби за нештетно отстранување на нус-производи или сопствени инасталации за соодветно отстранување на лешеви од угинати или еутаназирани животни;

9) да обезбеди услуги од овластен ветеринар преку договор или правен инструмент кој е под надзор на надлежен орган од третата земја извозник;

10) овластениот ветеринар од точка 9) од овој став треба да:

а) обезбеди дека соодветните мерки за надзор и контрола на болести кои се спроведуваат во државата врз основа на задравственият статус на животните се одобрени од страна на надлежниот орган и се применуваат во објектот за одгледување. Овие мерките вклучуваат:

- годишен план за надзор на болести вклучувајќи и соодветна контрола на зоонози кај животните;

- клинички, лабораториски и *post-mortem* испитувања на животните за кои постои сомнеж дека се заболени со заразно болест и

- вакцинација на приемчивите животни на заразни болести, во согласност со Прирачникот за дијагностички тестови и вакцини за копнени животни на Светската организација за здравствена заштита на животните (OIE);

б) обезбеди навремено известување на наделжниот орган на третата земја извозничка за секое сомневање кај угинато животно, присуство или друг симптом кој укажува дека животните имале контакт со предизвикувачите на Авијарна инфлуенца, Њукастелска болест или *Chlamydophyla psittci*,

в) обезбеди, доколку за тоа има потреба, животните кои се внесени во објектот да бидат изолирани во согласност со прописите од областа на ветеринарното задравство и дадените инструкции од страна на надлежниот орган и

г) е одговорен е за секојдневното спроведување на прописите за здравствена заштита на животните и за благосостојба на животните за време на транспорт.

(2) Ако објектот за одгледување е наменет за одгледување на животни за експериментални цели, грижата и сместувањето на животните треба да биде во согласност со Законот за заштита и благосостојба на животните.

Дел 2

Услови по одобувањето на објектите за одгледување

(1) За да го задржи статусот на одобрен објект за одгледување на птици, одобрениот објект за одгледување на птици треба да е под контрола на официјалниот ветеринар.

(2) Официјалниот ветеринар од став (1) треба да:

1) врши контрола на просториите на објектот за одгледување, најмалку еднаш годишно;

2) врши надзор на активностите на овластениот ветеринарот и спроведувањето на годишната програма за надзор на болести и

3) потврди дека при клиничките и *post-mortem* прегледи као и лабораториски испитувања врз животните не е утврдено присуство на Авијарна инфлуенца, Њукастелска болест и *Chlamydophyla psittaci.*

(3) Во објектот за одгледување се внесуваат единствено животни кои доаѓаат од одобрени објекти за одгледување, во согласност со одредбите од овој правилник.

(4) Од датумот на одобрувањето, води евиденцијата согласно точка 6) од став (1) од Дел 1 од овој прилог.

(5) Евиденцијата од став (4) на овој дел, се чува во период од најмалку 10 години.

Дел 3

Карантин за птици внесени од објекти кои не се одобрени

По исклучок од став (3) Дел 2 од овој прилог, птиците кои се внесени од објекти за одгледување кои не се одобрени, можат да бидат внесени во објект за одгледување само ако весувањето е одобрено од надлежниот орган и птиците биле ставени во карантин согласно дадените упатства од страна на надлежниот оргна пред да бидат внесени кај другите птици. Периодот на карантин треба да трае најмалку 30 дена.

Дел 4

Времено бришење, повлекување на одобрение или повторно-одобрување на објект за одгледување

Процедурата за делумно или целосно времено бришење, повлекување или повторно-одобрување на објект за одгледување треба да биде согласно со следните услови:

1) Кога надлежниот орган ќе утврди дек а објектот за одгледување на животни повеќе не ги исполнува одредбите од Дел 1 и Дел 2 од овој прилог, или истиот е пренаменет и не се користи исклучиво за одгледување на птици, времено ќе го избрише или повлече одобрението издадено на објектот.

2) Кога надлежниот орган е известен дека постои сомеж за присуство на Авијарна инфлуенца, Њукастелска болест или *Chlamydophyla psittaci*, времено ќе го избрише одобрението на објектот за одгледување, додека постои сомнеж. Надлежниот орган ќе ги превземе сите потребни мерки да утврди дали постои присуство на некоја од наведените болести и да се спречи ширење на истите согласно со прописите од областа на ветеринарно здравство кои се однесува на спречување на појава и ширење на болести и промет со живи животни.

3) Кога ќе се утврди присуство на болест, надлежниот орган може повторно да даде одобрение на објект за одгледување во согласност со Дел 1 по:

а) спроведена ерадикација на болеста и отстранување на изворот на заразата во објектот за одгледување;

б) соодветно чистење и дезинфекција на објектот за одгледување и

в) исполнување на одредбите од Дел 1 од овој правилник со исклучок на точка 4) став (1) од Дел 1 од овој прилог.

Прилог 23

Дел 1

Додаток за транспорт на животни по море

(Треба да се пополни и приложи кон ветеринарно-здравствениот сертификат кога транспортот делумно се одвива по море)

Изјава од капетанот на бродот:

Јас, долупотпишаниот, капетан на бродот (име .....), изјавувам дека животните наведени во приложениот ветеринарно-здравствевн сертификат бр. ..... останаа на бродот за време на патувањето од ..... (земја извозник) до ..... и дека бродот не се пријавил на кое било место надвор од ..... (земја извозник) на рутата освен: ..... (Пристаништа попатни на рутата). Покрај тоа, за време на патувањето, овие животни не беа во контакт со други животни на бродот со понизок здравствен статус.

Во..... на.....

(Пристаниште на пристигнување) (Дата на пристигање)

(потпис на капетанот)

(печат)

(име со големи букви и титула)

Дел 2

Додаток за транспорт на животни по воздух

(Треба да се пополни и приложи кон ветеринарно-здравствениот сертификат кога транспортот делумно се одвива по воздух)

Изјава од капетанот на бродот:

Јас, долупотпишаниот, капетан на авионот (име .....), изјавувам дека сандакот или контејнерот и просторот околу сандакот или контејнерот во кој се сместени животните наведени во приложениот ветеринарно-здравствевн сертификат бр. ..... беа испрскани со инсектицид пред поаѓање.

Во..... на.....

(Аеродром на испраќање) (Дата на испраќање)

(потпис на капетанот)

(печат)

(име со големи букви и титула)

Part 1

Addendum for transport of animals by sea

(To be completed and attached to the veterinary certificate when transport to the Union frontier includes, even for part of the journey, transportation by ship.)

Declaration by the master of the ship

I, the undersigned, master of ship (name ...), declare that the animals referred to in the attached veterinary certificate No ... have remained on board the ship during the voyage from ... in ... (*exporting country*) to ... in the Union and that the ship did not call at any place outside ... (*exporting country*) en route to the Union other than: ... (*Ports of call en route*). Moreover, during the journey, these animals have not been in contact with other animals on board of a lower health status.

Done at ..... on .....

(Port of arrival) (Date of arrival)

(stamp) (signature of master)

(name in capital letters and title)

Part 2

Addendum for transport of animals by air

(To be completed and attached to the veterinary certificate when transport to the Union frontier includes, even for part of the journey, transportation by air.)

Declaration by the captain of the aircraft

I, the undersigned, captain of the aircraft (name ...), declare that the crate or container and the area around the crate or container containing the animals referred to in the attached veterinary certificate No ... has been sprayed with insecticide before departure.

Done at ..... on .....

(Airport of departure) (Date of departure)

(stamp) (signature of captain)

(name in capital letters and title)

СЛУЖБЕН ВЕСНИК
на Република Северна Македонија

www.slvesnik.com.mk contact@slvesnik.com.mk

Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, ц.о. – Скопје
бул. „Партизански одреди" бр. 29. Поштенски фах 51.
Директор и одговорен уредник – Мартин Костовски
телефон: +389-2-55 12 400
телефакс: +389-2-55 12 401

Претплатата за 2019 година изнесува 10.100 денари.
„Службен весник на Република Северна Македонија" излегува по потреба.
Рок за рекламации: 15 дена.
Жиро-сметка: 300000000188798.
Депонент на Комерцијална банка, АД – Скопје.
Печат: Печатница ЕВРОПА 92 ДООЕЛ, Кочани.

Цената на овој број е 450 денари.

ISSN 0354-1622
2019072